**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје**

**Филозофски факултет**

**Институт за социологија**

**ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА**

# ВЛИЈАНИЕТО НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВРЗ СОЗДАВАЊЕТО ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ КАКО УСЛОВ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИСКИТЕ ПРОЦЕСИ НА Р.МАКЕДОНИЈА

**Ментор:**

**Проф. Д-р Зоран Матевски**

**Кандидат:**

**М-р Виолета Петрушевска**

**Скопје, 2019**

**Содржина**


ВОВЕД .....2

1. МЕТОДОЛОШКА ПОСТАВЕНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО .....8

1.1. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА НАУЧНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ .....14
1.2. ПОЕДИНЕЧНИ ЦЕЛИ .....16
1.3. ПРАКТИЧНА ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО .....17
1.4. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО .....18
1.5. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО .....19
1.6. ИСТРАЖУВАЧКИ ПРАШАЊА .....22
1.7. ДЕФИНИРАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ПОИМИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО .....23
1.8. ОПЕРАЦИОНАЛНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ .....27
1.9. МЕТОДИ И ТЕХНИКИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО .....28

2. ОБРАЗОВАНИЕ .....30

2.1. УЛОГАТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО .....32
2.2. ОБРАЗОВАНИЕ И ИНДУСТРИЈАЛИЗАЦИЈА .....37
2.3. ОБРАЗОВАНИЕ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ .....40

3. ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА .....44

3.1. ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО .....46
3.2. БОЛОЊСКИОТ ПРОЦЕС НА ОБРАЗОВАНИЕТО .....47
3.3. БОЛОЊСКА ДЕКЛАРАЦИЈА .....51
3.4. ЕКТС .....56
3.5. МОБИЛНОСТ НА СТУДЕНТИТЕ .....58
3.6. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА БОЛОЊСКИОТ СИТЕМ НА УНИВЕРЗИТЕТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА .....62
3.7. БОЛОЊСКИОТ СИТЕМ НА ОБРАЗОВАНИЕТО И ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ .....64
3.8. БОЛОЊСИОТ ПРОЦЕС НА ОБРАЗОВАНИЕТО И КВАЛИЕТОТ НА ЗНАЕЊЕТО .....73

ЕМПИРИСКИ РЕЗУЛТАТИ .....78

4. ЕМПИРИСКИ РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО .....79

*1. Ставови за избор на факултет* .....80
*2. Ставови за високото образование во контекст на создавање на човечки капитал* .....88
*3. Вреднување на образованието* .....94
*4. Ставови за квалитетот на образованието според Болоњскиот систем* 99
*5. Мислење за начинот на предавањето* .....108
*6. Ставови за Болоњскиот процес* .....111
*7. Ставови за трансфер на знаење и мобилност на студентите во насока на зголемување на човечкиот капитал и нивна подготовката за пазарот на труд* 116
*8. Интерактивна настава* .....121
*9. Мислење за користената литература* .....125
*10. Вреднување на присуството и активноста на студентот* .....126
*11. Што мислат испитаниците за критериумите и методите на оценување* 127

*12. Дали планират да продолжат со стуирање во странство* ............ 131

*13. Ставови за приватните универзитети* ............ 136

*14. Задоволство од знаењето* ............ 137

*15. Ставови за студентска организација* ............ 142

*16. Ставови за влијанието на Болоњскиот систем врз квалитетот на знаењето и подгортовката на студентите за пазарот на труд* ............ 147

17. Ставови за високото образование ............ 165

**5.ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ ............ 192**

**БИБЛИОГРАФИЈА ............ 265**

## Вовед

Темата за истражување на влијанието на образованието врз создавањето човечки капитал во Р.Македонија како предуслов за влез во Европската унија е од витално значење бидејќи системот на образование и образовните процеси е тоа што создава можности за просперитет на поединецот. Во практична смисла на зборот денес образованието е тоа кое ги брише границите во Европската унија во смисла на еднакви можности за вработување воедно тоа значи и зголемување на конкуренцијата на пазарот на труд. Една од главните причини поради која денес на образованието се посветува големо внимание е претпоставката дека повисокиот степен на образование влијае врз создавање на човечки

капитал. Актуелноста на темата произлегува од стратегиите на Европската унија за единствен европски простор за високо образование.

Одредени проблеми од темата како што е влијанието на научно техничките достигнувања врз образованието на пример развојот на индустријализацијата и развојот на информациската технологија и нивното влијание врз промените и развојот на системот на образование се веќе познати и истражувани теми. Но сеуште има малку истражувања за тоа колку модерниот систем на образование создава кадри кои ги имаат потребните знаења да одговорат на потребите на пазарот на труд, односно како и колку модерното образование влијае врз припремата на младите и нивно професионално усовршување кое ќе им овозможи добиените знаења да ги претворат во човечки капитал на пазарот на труд (Гиденс, 2007:496).

Во 21 век влеговме во фаза на нов општествен поредок кој е детерминиран од промените на вредноста на капиталот на пазарот на труд. Тешко е да се дефинира точно што претставува човечкиот капитал, но она што е битно е дека идеите, информациите и знаењето на луѓето како да ги претворат во капитал имаат најголемата вредност на пазарот на труд. Од тие причини на пазарот на труд најмногу се вреднувани оние вработени кои се вклучени во дизајнирање, развој, технологија, маркетинг, продажба и одржување. Овие вработени го користат своето знаење кое се заснова на непрестан проток на информации и разни мислења а најмногу е под влијание на науката и технологијата т.е под влијание на образованието го претвораат во човечки капитал.

Несоодветната понуда од човечки капитал на пазарот на труд во Европската унија се препишува на слабата мобилност на работната сила, што и покрај обединувањето на Европа и отворените граници за земјите членки остана ниска. Како причина за оваа состојба се наведуваше разновидноста на дипломите од високо образовните институции во земјите членки на европската унија. За вистинско обединување на Европа во единствен пазар на трудот беше потребно и обединување на образовниот процес со воведување на високо образование верификувано со дипломи кои ќе бидат споредливи и компетентни на целата територија на Европа (Болоњската декларација).

Во Европа трансформациите на пазарот на труд предизвикани од брзиот развој на информатичкото општество, глобализацијата и економијата базирана на ``знаење`` јасно покажа дека има потреба од поинтензивна соработка и структурисана поврзаност помеѓу

образованието и пазарот на труд (Pitic, 2009:6). Високото образование треба да создава млади кои своето знаење стекнато преку процесите на образование ќе бидат во можност да го продадат на пазарот на труд. Создавањето на ЕВП (Европски високообразовен простор) требаше да овозможи нов вид на обединување кој ќе биде генератор на човечки капитал. Високото образование и компетенциите кои се добиваат со диплома на младите треба да им гарантираат знаење и конкурентност на пазарот на труд што е и основата на создавањето на човечкиот капитал.

Болоњскиот процес беше иницирал токму поради погоре наведените причини. Со тек на времето се покажа дека замислата на Болоњскиот процес отвара големи можности за вработување на младите бидејќи вака замислениот образовен систем треба да претставува ``провајдер``на знаења, вештини и компетенции во соработка со потребите на пазарот на труд. Ваквата соработка е од корист на организациите, на вработените, на студентите и на општеството во целина.

Во 2002 година според бројот на запишани студенти кој изнесуваше само 2.212 на 100.000 жители Македонија беше на самото дно меѓу земјите во Европа. Во 2003 година Р.М. со потпишување на Болоњскиот процес се обврза во образовниот процес да пристапи кон воведување на ЕКТС и дизајнирање на студиските и предметните програми според принципите на Болоњскиот процес (НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2005-2015). Во периодот до 2015 година за Р.Македонија главен приоритет е зголемување на бројот на студенти и достигнување на минимумот кој го имаат развиените земји во Европа кој изнесува 3.500 студенти на 100.000 жители (ДЗС, 2002). Реализацијата на овие цели, треба да се изврши преку промената на системот на образование со што треба да се овозможи интегрирање на студентите на европскиот простор. Во Р. Македонија од аспект на Високото образование, тоа треба да резултира со: зголемена ефикасност во студирањето; мобилност на студентите и академскиот кадар; подобрен квалитет на образовниот процес; активна улога на студентите во обезбедување квалитет; зголемување на можноста за вработување на дипломираниот кадар на националниот и европскиот пазар на трудот; засилена научно-истражувачка работа; осигурана конкурентност и компатибилност на европскиот и на светскиот академски пазар. Р. Македонија ги поддржува тековните процеси со кои треба студентите да се подготват за предизвиците кои ги поставува животот во Европската унија. Високото

образование веќе не претставува посебен процес на интелектуална надградба, туку се повеќе е потреба на работната сила. Образованието е поврзано со вредноста на трудот, а вредноста на трудот е тесно поврзано со потребите на европскиот пазар на труд.

Р. Македонија, како членка кандидат за влез во Европската унија ја потпиша Болоњската декларација во 2003 година и со тоа стана дел од европскиот високообразовен простор. Со потпишување на Болоњскиот процес Р.Македонија се обврза во образовниот процес да пристапи кон воведување на ЕКТС и дизајнирање на студиските и предметните програми според принципите на Болоњскиот процес. Во Р. Македонија со ова требаше да воспостават адекватен однос меѓу системот на образование и потребите на пазарот на труд како еден од предусловите за влез во Европската унија. Со имплементирање на Болоњската декларација требаше да се обезбеди соодветно ниво на знаење и потребна стручна оспособеност кај завршените студенти во Р. Македонија кои ќе бидат конкурентни на пазарот на труд. Тука се поставува прашањето за тоа колку високото образование како предуслов за влез во Европската унија влијае врз создавање на знаење и потребна стручна оспособеност, односно, колку и како високото образование влијае врз создавањето човечки капитал и дали високото образование е генератор на човечки капитал?

Имплементацијата на Болоњскиот процес неможе во ниеден момент да го одбегне прашањето за поврзаноста на квалитетот на знаење со образованието, капиталот и потребите на пазар на труд, а согласно со темата на ова истражување и влијанието на образованието врз создавањето човечки капитал како предуслов за влез на Р.Македонија во Европската унија.

## 1. Методолошка поставеност на истражувањето

Темата на ова истражување е образованието и човечкиот капитал, поконкретно влијанието на импементацијата на Болоњската декларација врз создавање човечки капитал во Република Македонија како предуслов за влез во Европската унија.

Во општество кое се темели на знаење, какво во суштина е нашето, образованието односно знаењето, вештините, стручноста и посветеноста на младите луѓе е битен фактор кој влијае врз создавање човечки капитал. Студентите ја претставуваат идната работна сила на пазарот на труд а според сопствените знаења, способности, стручност и вештини несомнено и идниот човечки капитал. Основната цел на образованието, кое се остварува во институциите за високо образование според однапред предвидените процеси, се огледа

во видот и степенот на  образованието кое студентите го стекнуваат во текот на образовниот процес

Образованието на младите, иако има секогаш иста цел,   во различни периоди се одвива според различни потреби. Оттука и специфичните проблеми и својства на образованието и системите на образование како и причините и проблемите за нивно истражување.

Образованието е незаменлив фактор за општествен и економски развој и просперитет. Степенот на образованието, создава свест за заедничка вредност и припадност на заеднички општествен и културен простор, и влијае врз создавање на способности за соочување со предизвиците на новиот милениум. Примарната цел на образованието имплицира иницијативи кои имаат за цел создавање на  кадри што пак од своја страна се повеќе влијае врз создавање на човечки капитал. Првенствено  тоа се однесува на поттикнување на усвојување и унапредување на стандардите, критериумите и транспарентноста во работата и поврзаноста на пазарот на труд со Високото образование и знаењето.

Во современото општество образованието  помага во реализација на водечките идеали на општеството. Образованието, во тој контекст, опфаќа пренесување на знаења и вештини кои имаат практичен карактер. Една од главните причини поради која образованието е на цена е сфаќањето со кое  се верува дека со помош на образованието човекот може да го промени општеството според сопствените потреби и желби. Според ова сфаќање образованието е магија и ги претставува процесите со помош на кои се влијае врз создавањето човечки капитал (Лесли Вајт, преземено од Жоглев: 2002). Потребата за промени според сопствените потреби се едни од основните цели за високо образование бидејќи тоа дава поголеми можности за:

- Професионално усовршување
- Економска егзистенција
- за самодокажување (Кралев, 2001:78)
- Интелигентен (интелектуален) развој на своите можности
- Квалитет и знаење во работата (Schultz,1981:22).

Овие цели на образовните процеси, се конструирани од релативно различните потреби на образованите процеси, а се јавуваат поради потреба и интерес за:

а) Подобрување на материјалните услови за егзистенција

б) можност за соодветветно образование

в) начин на заработување

г) резултати ( лична и општа оспособеност за општествено корисна работа) во работата

д) можност за вработување на соодветна работа и напредување во струката со што ќе се подобри општествено социјалната и економска положба на основа на стекнатото образование (Schultz,1981:22).

Често се истакнува дека секој напредок во технологијата и иновационите процеси предизвикуваат промени во организацијата на работата, во вреднувањето на капиталот, производните добра и услуги, односите меѓу нациите па и локалните култури. Од тие причини образованието е целисходно само ако одговара на потребите на пазар на трудот, што значи дека треба да биде комплементарно со инвестициите во капитални добра и технологијата, бидејќи технологијата ги диктира условите и побарувачката на пазарот на трудот (Szirmai, 2005:225). Поради тоа инвестициите во образованието се инвестиции во создавање човечки капитал и остануваат еден од најважните елементи на успешната развојна стратегија за секоја земја вклучувајќи ја и нашата.

Високо образованите кадри нивното знаење, способности и вештини на пазар на трудот го претставуваат човечкиот капитал. Факт е дека образованието влијае врз создавање на човечкиот капитал исто како што е докажан фактот дека човечкиот капитал на пазар на трудот се вреднува според степенот на образованието (Esichaikul i Baum, 1998; Connolly i McGing, 2006, цит. во Lillo et al., 2007), бидејќи во степенот на образованието е содржана и вредноста на човечкиот капитал (Amoah i Baum, 1997, цит. во Lillo et al., 2007). Поради тоа образованието на студентите и стекнувањето на квалитетни знаења и вештини е клучен елемент на диференцијација на кадар прилагоден на новите потреби на пазар на трудот или (know-how) од чии способности може да се развие човечки капитал (Lillo et al., 2007).

Теориите за човечки капитал во основа се темелат на образованието, па колку е повисок степенот на образование, толку е поголем квалитетот на човечки капитал. Важноста на степенот на образование според Петер Хуз, е битно бидејќи работодавците секогаш ги избираат работниците според степенот на образование кои во процесите на

производство имаат поголем квалитет на знаење и може да бидат искористени како човечки капитал. Ова оди во прилог на тезата дека пристапот до образовните можности и повисокиот степен на образование имаа влијание врз создавањето човечки капитал.

Брзите промени во информатичкото општество како резултат на интелигенцијата и знаењата на човекот се толку големи што со досега невидена брзина влијаат врз потребата физичкиот труд на човекот да се замени со умствен. Иновацијата веќе е постојана и константна. Организациите со интензивна флуктуација на знаење базирани на мрежи и тимови ќе ја заменат вертикалната бирократија, темелите на 20-от век“ (Florida, 1995:535).

Образованието секогаш е поврзано со стекнување на знаења за одредена работа но постои разлика меѓу два концепти на образование: образование за работа и образование за општествени промени (Жоглев, 2002:234). Во основа на двата концепта е знаењето, но целта е различна. Додека првиот се труди со помош на знаењето да ги задржи веќе постоечките општествено-економски состојби, второто се стреми кон промени.

Современото образование треба да ги обединува двата концепта бидејќи треба да продуцира во постоечките општествено-економски состојби квалитет на знаење кој ќе одговорат на брзите промени.

Несоодветната понуда на човечки капитал во Европската унија, се препиша на слабата мобилност на работната сила, која и покрај отворените граници остана ниска. Како причина за ова состојба, се наведуваше разновидноста на дипломите од високо образовните институции во земјите членки на европската унија. За вистинско обединување на Европа во единствен пазар на трудот, беше потребно и обединување на образовниот процес, преку воведување на високо образование верификувано со дипломи кои ќе бидат споредливи и компетентни на целата територија на Европа (Болоњската декларација).

Трансформациите на пазарот на труд предизвикани од брзиот развој на информатичкото општество, глобализацијата и економијата базирана на ``знаење`` јасно покажа дека има потреба од поинтензивна соработка и структурисана поврзаност помеѓу образованието и пазарот на труд. Европскиот високообразовен простор требаше да овозможи нов вид на обединување кој ќе биде генератор на човечки капитал. Високото образование треба да создава млади кои своето знаење стекнато преку процесите на образование ќе бидат во можност да го продадат на пазарот на труд.

Болоњскиот процес беше инициран токму поради погоре наведените причини. Со тек на времето се покажа дека замислата на Болоњскиот процес отвара големи можности за вработување на младите бидејќи вака замислениот образовен систем треба да претставува ``провајдер`` на знаења, вештини и компетенции во соработка со потребите на пазарот на труд. Ваквата соработка е од корист и на организациите, на вработените, на студентите и на општеството во целина. Влијанието на образованието врз создавањето човечки капитал сликовито може да го претставиме со следниот дијаграм:



(Питиќ, 2009:6)

Значењето на образованието и соработката во образованието е веќе универзално признаена како фактор кој влијае врз создавањето човечки капитал. Образовните институции се повеќе се поврзуваат со идниот просперитет, знаење, стручност. На инвестициите во образование во одредена институција се гледа како на долгорочна инвестиција во капитал која се поврзува со човечкиот капитал. Овие инвестиции се долгорочни и се поврзуваат со побрзо вработување, повисока заработувачка, поголеми можности за напредување и кариерно усовршување.

Болоњската декларација од 25 мај 1998 година ја нагласува централната улога на универзитетите и нивното влијание врз создавањето човечки капитал. Реформите во Високото образование треба да ги реши проблемите и недоследноста во однос на побарувачката на пазар на труд и сферите на образованието (Kulić, 2008). Болоњската декларација се карактеризира и се темели на две главни основи-информации богати со знаење и иновации кои имаат големо влијание врз создавање на човечкиот капитал. Болоњскиата декларација за образование вклучува програма за целосна преобразба и модернизација на образовниот систем на целата територија на Европската унија (http:// www. Euinfocentar .ba/docs/ Obrazov _u_EU.pdf) и се темели на:

1. Развивање на унифициран Европски образовен систем на квалитативно вреднување на вложениот труд на студентите во стекнување на нивното знаење, способности и вештини предвидено со студиската програма.
2. Образованието би било интеграција на различити култури со што образовната програма би била поразноврсна и побогата;
3. Можноста на студентите да слушаат различни програми, притоа рационално да го користат просторот, финансиите и времето, посебно во време на се поширока примена на високата информатичка технологија (Kulić; 2008:530).

Република Македонија во 2003 година ја потпиша Болоњската декларација и со тоа се обврза за нејзина имплементација од страна на високо образовните институции. Имплементацијата на Болоњската декларација како предуслов за прием во Европската унија требаше да доведе до тоа да и во Република Македонија има единствен систем на

високо образование кое ќе соодветствува со земјите во Европската унија со што ќе се обезбеди квалитет на образованието, како и соодветна диплома и нејзината вредност на пазарот на труд. Реформите во Високото образование кои интензивно се спроведуваат од 2003 година треба да резултира со: зголемена ефикасност во студирањето; мобилност на студентите и академскиот кадар; подобрен квалитет на образовниот процес; активна улога на студентите во обезбедување квалитет; зголемување на можноста за вработување на дипломираниот кадар на националниот и европскиот пазар на трудот; засилена научно-истражувачка работа; осигурана конкурентност и компатибилност на европскиот и на светскиот академски пазар. Ова ја оправдува имплементацијата на Болоњската декларација чија цел е да се создаде таков образовен систем со кој на студентите ќе им биде овозможена мобилност, можност за вработување и компетитивност.

Често се истакнува дека секој напредок во технологијата и иновационите процеси предизвикуваат промени во организацијата на работата, во вреднувањето на капиталот, производните добра и услуги, односите меѓи нациите па и локалните култури. Од тие причини образованието е целисходно само ако одговара на потребите на пазар на трудот, што значи дека треба да биде комплементарно со инвестициите во капитални добра и технологијата, бидејќи технологијата ги диктира условите и побарувачката на пазарот на трудот (Szirmai, 2005). Поради тоа инвестициите во образованието како предуслов за влез во Европската унија се инвестиции во создавање човечки капитал и остануваат еден од најважните елементи на успешната развојна стратегија за секоја земја членка на Европската унија, вклучувајќи ја и нашата.

Високото образование создава нова вредност и се поврзува со три причинско последични вредности: цел на образованието, вид на научна област во образованието и студентот кој се образува.

### *1.1. Цели и задачи на научното истражување*

**Основна цел** на ова научно истражување ќе биде доаѓање до научни сознанија за взаемноста и поврзаноста на образованието и човечкиот капитал, како имплементирањето на Болоњската декларација влијае врз создавање човечки капитал во некои од земјите

членки на Европската унија и посебно во Р. Македонија како предуслов за влез во Европската унија.

Истражувања од ваков вид се веќе реализирани во други земји, како на пример во Хрватска, БИХ, Србија, што ќе овозможи да истите бидат искористени во предложеното истражување.

Следејќи го предметот на истражувањето **научната цел** на докторската дисертација е утврдување на факторите кои влијаат врз создавањето човечки капитал, а се резултат на образовен процес. Во контекст на погоре кажаното цел ќе биде:

- Добивање на основни сознанија за резултатите од импементацијата на Болоњската декларација и влијанието врз човечкиот капитал во земјите членки на Европската унија со посебен осврт на некои од нив и имплементацијата во Р. Македонија како предуслов за влез во Европската унија;
- Колку Болоњскиот процес влијае врз степенот на знаењето. Посебна цел во анализата ќе биде степенот на знаење како елемент на човечкиот капитал како и резултатите од имплементацијата на Болоњскиот процес во Република Македонија како предуслов за влез во Европската унија;
- Добивање на основни сознанија за резултатите од воведувањето на ЕКТС систем;
- Добивање на основни сознанија за резултатите од зголемената мобилност на студентите;
- Добивање на резултати за тоа какви се резултатите од новата структура на студиите;
- Колку постојните состојби во високото образование создаваат услови за имплементација на Болоњскиот систем на Високо образовните институции во Р.М. Но, треба да се има предвид фактот дека образованието во различни институции (УКИМ, Приватните Универзитети и високо образовните институции во ЕУ) се разликува и различно влијае врз создавањето човечки капитал, а што ќе биде цел на ова истражување. Постојат различни начини и правила на образовните процеси и системи што ги пропишуваат образовните институции во зависност од типот на Високо образовната институција.

Болоњскиот процес го привлекува интересот и на студентите како иден човечки капитал и на академските професори и претставува предмет на нивните проучувања. Во прилог на ова оди и сознанието дека има се повеќе проучувања за резултатите од

Болоњскиот процес како предуслов за влез на Р.Македонија во Европската унија. Но, истотака, се уште има недоволно истражени влијанија и последици од Болоњскиот процес што остава простор за дополнително разгледување и проучување.

Да се проучи колку Високо образовните институции вложуваат значителни напори во создавањето услови за квалитетно Високо образование како предуслов за влез на Р.Македонија во Европската унија. На тој начин ќе се осознае дали студентите ги прифаќат условите во Високото образование. Образовните системи се подложни на промени поради промените на пазарот на труд т. е. образовните системи и процеси се менуваат во зависност од побарувачката на работна сила на пазарот на труд што е резултат на промените во општествено економските процеси коишто се случуваа и сеуште се случуваат насекаде во светот. Секако образовните институции се во чекор со времето и секој пат се подготвени за да се адаптираат на новонастанатите промени.

Во врска со научните цели битно е да се напомене дека влијанието на Болоњскиот процес врз создавањето човечки капитал кај нас и во Европа се уште не е доволно проучен со што оваа анализа секако ќе даде само мал придонес кон теорискoто осознавање на значењето на високото образование и поврзаноста со создавањето човечки капитал како предуслов за влез во Европската унија.

### *1.2. Поединечни цели*

- Дефинирање и анализа на влијанието на образованието врз квалитетот на човечки капитал како предуслов за влез на Р.Македонија во Европската унија.
- Анализа и преглед на Болоњскиот процес на образование во однос на веќе постоечкиот систем на образование на Високо образовните институции како предуслов за влез на Р.Македонија во Европската унија.
- Влијанието на Болоњскиот процес врз создавање човечки капитал во однос влијанието на веќе постоечкиот систем на образование.
- Разликите во образовниот процес и системите на образование во стекнувањето на дипломи: додипломски студии, и постдипломски студии, стекнување на мастер диплома и докторски студии и стекнување на друг вид дипломи валидни во процесот на образованието;

- Високообразовни институции во Р.Македонија кои го имаат веќе воведено Болоњскиот процес на образование; како функционира Болоњскиот систем на образование и кои се неговите основни особености, а кои разликите во однос на веќе постоечкиот систем на образование како предуслов за влез на Р.Македонија во Европската унија;
- Кои се поволностите на Болоњскиот систем на образование и влијанието врз создавање човечки капитал во однос на веќе постоечкиот систем на образование како предуслов за влез на Р.Македонија во Европската унија.

Истражувања од ваков вид се веќе реализирани во други земји што овозможува да истите бидат користени во предложеното истражување.

Со предложениот наслов за докторска дисертација, а имајќи ги предвид и досегашните сознанија очекувам да се согледаат вистинските состојби од Болоњскиот процес односно факторите кои влијаат во изборот на научните полиња на студентите и продолжувањето со постдипломски и докторски студии како и кои се проблемите со кои се соочуваат во Болоњскиот процес како предуслов за влез на Р.Македонија во Европската унија .

### *1.3. Практична цел на истражувањето*

Република Македонија е земја-кандидат за интеграција во Европската унија. Како дел од интеграциските промени Република Македонија досега има имплементирано многу политики и закони, релевантни за поставениот проблем. Докторската дисертација би можела да биде значајна во натамошното креирање на политиките и стратегиите во доменот на Високото образование, но и да ја потенцира важноста на влијанието на образованието врз создавањето човечки капитал, како неодвоив дел од евроинтеграцискиот процес.

Практичната цел ќе произлезе од научните сознанија, односно од можноста стекнатите сознанија што ќе ги добиеме дополнително, а кои би ни биле од корист да можат практично да се применат во Високо образовните институции на УКИМ и приватните Универзитети со што би можело да се утврди:

- Значењето на Болоњскиот процес и влијанието врз создавање човечки капитал како предуслов за влез на Р.Македонија во Европската унија .
- Зголемување на важноста на Високо образовните институции и факултетите преку систем на образование кој ќе биде резултат на потребите на студентите во процесот на создавање човечки капитал;
- Зголемување на бројот на студенти;
- И на крај, вложувањата во образование, тренинг, обуките, здравствена заштита и сл. влијаат врз квалитетот на знаење и врз човечки капитал и овозможува повисоко вреднување на пазар на трудот.

### *1.4. Задачи на истражувањето*

- Дефинирање и анализа на образованието и влијанието врз создавањето човечки капитал, на Високо образовните институции (Државниот универзитет и приватните универзитети), според Болоњскиот процес на образование како предуслов за влез на Р.Македонија во Европската унија;
- Анализа и преглед на Болоњскиот процес на образование во однос на веќе постоечкиот систем на образование на Високо образовните институции како предуслов за влез на Р.Македонија во Европската унија;
- Влијанието на Болоњскиот процес врз создавање човечки капитал во однос влијанието на веќе постоечкиот систем на образование како предуслов за влез на Р.Македонија во Европската унија;
- Разликите во образовниот процес и системите на образование во стекнувањето на дипломи: додипломски студии, и постдипломски студии, стекнување на мастер диплома и докторски студии и стекнување на друг вид дипломи валидни во процесот на образованието;

- Високообразовни институции во Р.Македонија кои го имаат веќе воведено Болоњскиот процес на образование; како функционира Болоњскиот систем на образование и кои се неговите основни особености, а кои разликите во однос на веќе постоечкиот систем на образование како предуслов за влез на Р.Македонија во Европската унија;
- Кои се поволностите на Болоњскиот систем на образование и влијанието врз создавање човечки капитал во однос на веќе постоечкиот систем на образование.

Истражувања од ваков вид се веќе реализирани во други земји што овозможува да истите бидат користени во предложеното истражување.

Со предложениот наслов за докторска дисертација, а имајќи ги во предвид и досегашните сознанија очекувам да се согледаат вистинските состојби од Болоњскиот процес, односно факторите кои влијаат во изборот на научните полиња на студентите и продолжувањето со постдипломски и докторски студии и кои се проблемите со кои се соочуваат во Болоњскиот процес како предуслов за влез на Р.Македонија во Европската унија .

### *1.5. Предмет на истражувањето*

Предмет на докторската дисертација ќе биде влијанието на високото образование врз создавање човечки капитал како предуслов за влез на Р.Македонија во Европската унија, поточно, влијанието на Болоњскиот систем во високото образование како ``инструмент за припрема на студентите`` (Кулиќ,2008:530) кои ќе бидат компетентни на европскиот пазар на трудот.

Денес, несомнено, образованието претставува еден значаен дел од развојот на луѓето воопшто, а ова особено се однесува на Високото образование. Образование е широк поим и опфаќа низа на дефиниции, но од аспект на влијанието врз создавање на човечки капитал најприфатени се "fitness for purpose" или оспособување за одредена цел и "value for money" или вредност за пари (http://www.azvo.hr/hr/ kvaliteta).

Високото образование веќе не претставува посебен процес на интелектуална надградба, туку се повеќе е потреба на работната сила. Примарната цел на образованието имплицира иницијативи кои имаат за цел создавање на квалитет на знаење што пак од своја страна се повеќе влијае врз создавање на човечки капитал. Првенствено тоа се однесува на поттикнување на усвојување и унапредување на стандардите, критериумите и транспарентноста во студирањето, трансферот на знаење поврзано со припремата на студентите за пазарот на труд.

Врз образованието влијание имаат социолошките, економските, политичките фактори, културата, традицијата, и не може да се разгледува само од еден аспект, но истотака не е можно ни целосно да се опфатат сите аспекти. Со цел да се опфатат сите аспекти кои се значајни за ова истражување ќе се разгледуваат оние кои со имплементацијата на Болоњскиот систем директно влијаат врз кавлитетот на знаењето и човечкиот капитал како предуслов за влез на Р.Македонија во Европската унија.

Студентите студиите ги доживуваат на различни начини. За нив Високото образование и факултетот е поврзан со доприносот во личниот развој и со тоа каква е припремата за вработување и конкуренцијата на пазарот на труд. Од тие причини видот на факултетот мора да се поврзе со подрачјата и содржините на интереси на студентите (MENCER; 2005: 239-258).

Насоченоста на образовната активност на студентите, најмногу се однесува на две групи на прашања:

1. Интересите на студентите
2. Компетентноста на студентите за образование во која ги вклучуваме:
   - Образованието на студентот кое зависи исклучиво од неговите лични карактеристики; и
   - Студентите се толку поефикасни доколку тие што се понадарени повеќе учат: понадарените акумулираат повеќе ``човечки капитал`` (Георгиевски, 1994:46, цит. во Жоглев). Во областа на личните интереси на студентите може да ги вклучиме сите полиња на интерес на ангажираноста на студентите утврдени на основа на општите општествено-политички, економски и културни норми и принципи на образованието.

Во способност на студентите за следење на образовните обврски и задачи може да ги вклучиме сите прашања кои се во домен на реализацијата на интересите на образовното ангажирање на студентите во што една од главните улоги има процесот на образование (системот на образование).

Образованието на студентите може да биде:

- Интенционално или формално – во институции
- Функционално или неформално – вон институции

Интенционалното или формалното образование е институционалното образование на факултетите кое ќе се разгледува како функција на факултетите да се одржува стабилноста додека придонесува во образовните процеси, и би ја дефинирале како базична функција (Жоглев, 2002:85).

Функционалното образование како вон институционално, и во него можеме да ги вброиме стекнувањето на разните сертификати, обуки и доживотното учење.

Социјалната структура на студентите, општествениот углед и општествената позиција на студентите, како и проблемите на нееднаквост на студентите имаат пресудно влијание врз можностите за образование, успех во образованието, образовната кариера и влијае врз создавање на човечки капитал .

Студентите, според сопствените особини и својства, во текот на образовниот процес, имаат специфична положба и се со специфични заеднички и посебни интереси. Основата на различна положба и специфичноста на образованието, иако се остварува по основите на принципите на образовниот процес, лежат во специфичностите на видот и целта на образованието, во односот кон образованието, структурата, личните особини на поединецот.

Анализата ќе се базира на теориите и целите на образованието, документите и законските регулативи кои се однесуваат на образованието како политика на унифициран систем на територијата на ЕУ. Ќе се направи споредба во однос на:

- мобилноста на студентите и квалитетот на човечкиот капитал;
- ЕКТС и квалитетот на знаење;
- новата структура на студии I, I I, I I I циклус и квалитетот на знаењето;
- човечкиот капитал преку квалитетот на знаење, преку ставовите и оценката на студентите;

- оценката на студентот и ставовите;
- досегашниот систем на образование и влијанието врз создавањето човечки капитал;
- Болоњскиот систем на образование и влијание врз создавање човечки капитал; и
- колку и како промените во системот на образование како предуслов за влез на Р.Македонија во Европската унија влијаат врз квалитетот на знаењето, вештините, компетентноста, способностите и мотивираноста на студентите.
- досегашните резултати од имплементацијата на Болоњскиот систем како предуслов за влез на Р.Македонија во Европската унија со што ќе се опфати: бројот на завршени студенти, како и соработката на високо образовните институции со организациите на пазарот на труд. Тука ќе се опфати договорите за практична настава на студентите, како и можностите за нивно идно вработување.

### *1.6. Истражувачки прашања*

Со оглед на определбата на предметот и целите на истражувањето може да се постават следните истражувачки прашања:

1. Дали нивото на Високото образование е во позитивна корелација со квалитетот на човечкиот капитал и неговата вредност на пазарот на труд?
2. Какво е воопшто значењето на Болоњскиот систем, што всушност претставува неговата имплементација и како и колку општествено економските услови во Република Македонија влијаат врз имплементацијата на Болоњскиот систем како предуслов за влез во Европската унија?
3. Како Болоњскиот систем влијае на квалитетот на знаењето и подготовката на студентите за пазарот на труд?
4. Колку и како трансферот на знаење според Болоњскиот систем влијае врз зголемување на нивото на знаењето и квалитетот на човечкиот капитал?
5. Колку и како мобилноста на студентите влијае врз квалитетот на знаење и човечкиот капитал?
6. Како и со кое темпо се одвива имплементацијата на Болоњскиот систем на Универзитетите во Република Македонија?

7. Какво значење има долгорочното партнерство на Универзитетите со пазарот на труд  и како нивната соработка влијае врз квалитетот и нивото на човечкиот капитал?
8. Дали поголемите можности за избор на студии влијае врз полесно усмерување на студентите во избор на степенот на образование?
9. Која е улогата и влијанието на професорите во однос  на трансферот на знаење и нивото на квалитетот на знаењето и човечкиот капитал?
10. Како и колку професорите имаат влијание врз зголемување на индивидуалниот квалитет  на знаењето и степенот на образование на   студентите?
11. Дали и колку во Република Македонија Високо образовните институции се во корелација со пазарот на труд?
12. Дали трансферот на знаење е во позитивна корелација со потребите на пазарот на труд во однос на побарувачка на квалитет на знаење и степен на образование?
13. Дали  образованието во Република Македонија т.е. припремата на студентите за вработување е во позитивна  корелација  со пазарот на труд?

### *1.7. Дефинирање на основните поими на истражувањето*

Поимите кои се користени во ова истражување го одредуваат образованието  и човечкиот капитал. Дефинициите го одредуваат образовниот процес, човечкиот капитал и поимите кои се однесуваат на Евроинтеграциските процеси како предуслов за влез на Р.Македонија во Европската унија.  Поимите се дадени по азбучен ред:

1. Болоњската декларација: документ потпишан 1999 година од страна на неколку министри за Високо образование со цел единствен систем на образование и истражување кој треба да се спроведе на целата територија во европската унија до 2010 година. Болоњската декларација предвидува креирање на единствен европски универзитетски систем на настава и истражувања до 2010 година, кој истовремено ги признава и задржува различностите на националните специфичности (култура, јазик, традиција и др.).Најважни конкретни определби на Болоњскиот процес се:

- Воведување на ЕКСПБ или ECTS

- Усвојување на нова структура на студии, кои го чинат три циклуси
- Промовирање на мобилност на студентите
- Усвојување на систем на споредливи дипломи (http://prijemni.infostud.com/najvaznije-odredbe-bolonjske-deklaracije.php)

2. ЕКТС – европски кредит трансфер систем на бодови претставува единствен систем на квалитативно вреднување на вложениот труд на студентите во стекнување на нивното знаење, способности и вештини предвидено со студиската програма и со секој поединечен предмет во оквир на програмата. Скалата за оценување се базира на бодовите кои се вид на заедничка ``валута`` во Европскиот систем на високо образование, се заснова на работата на студентот и рангот на студентот при определено оценување во споредба со другите студенти, кој е верификуван со диплома.

   Трансферот на кредит се гарантира со договори од страна на домашната институција, Европската институција и самиот студент.
3. Институционално образование: образование во посебно изградени објекти. Интенционално образование - намерно образование кое се одвива само во официјалните образовни институции (Жоглев,2002: стр.43).
4. Мобилност на студентите: Можноста на студентите да слушаат програми, притоа рационално да го користат просторот, финансиите и времето, посебно во време на се поширока примена на високата информатичка технологија (Kulić; 2008:530). Мобилноста на универзитетите е застапена преку надминување на пречките за поголема ефективност во слободното движење за студентите и професорите во рамките на европскиот високообразовен простор преку олеснување во добивање визи, стипендии, признавање на ЕКТС, и стимулирање на размена на студенти и професори.
5. Образование: може да се дефинира како специфичен општествен процес (кој е всушност релативно издвоен од дел од процесот на социјализација и воспитувањето, како воведување на младите во општествените процеси) во кој младите луѓе стекнуваат знаења и вештини кои се значајни за нивните идни активности и задачи што треба да ги извршуваат во општеството(пред се, за учество во работните процеси, за општествена комунијација, за усогласување на

своето однесување со она на другите членови на општеството (Жоглев, 2002:171). Образованието може да се дефинира и како потесен поим кој ги опфаќа процесите од воспитувањето кои се однесуваат на пренесување, пред се на оној дел од знаењата и вештините кои имаат практичен карактер (Жоглев, 2002:172).

6. Високото Образование во Европската унија се дефинира како услуга која се дава на пазарот на труд, но и како јавно добро кое го осигурува државата во оквир на својата социјална функција (Родин, 2011:187).
7. Функционално образование-ненамерно образование кое се одвива насекаде во општеството, низ работата и животот, на работното место, во групата врсници, семејството, во кино, театар, и т.н., а не само во образовните институции (Жоглев, 2002:43).
8. Високото образование е институција, процес, на организирани учење во функција на развој на когнитивните способности, и стекнување на знаења,вештини и способности (http>//hr.wikipedia.org/wiki).
9. Човечкиот капитал на следниот начин: „Како четвртина од бараните и корисни способности на сите жители во општеството. Постигнувањето на таквите таленти, со одржување на оној што ги постигнува за време на неговото образование, учење или стажирање, секогаш кошта реално искуство, кое е капитал кој е фиксиран и реализиран, во неговата личност. Тие таленти, кои се дел од неговата среќа, се дел и од општеството во кое припаѓа. Подобрените вештини на работникот може да се третираат исто како машина или инструмент за тргување кој ја олеснува или ја скратува работата и кој иако чини одреден трошок, го враќа истиот со профит“. Посебно е значајно сфаќањето на Erick Gutenberg според кој човечкиот капитал на пазарот на труд се вреднува исто како материјалниот - физички капитал (http://hr. Wikipedia .org /wiki/ Ljudski kapital) кој го создава човекот во кој ги вбројуваме: а). знаењето, вештините и искуството на вработените-``човекот``; б). информацискиот капитал кој го претставуваат системите, базите на податоци и мрежи–кои ги создава ``човекот`` и в). организациски капитал кој ја претставува огранизационата

култура, лидерството, тимската работа и координацијата претставено преку – ``човекот`` и неговото образование.

## *1.8. Операционално определување на предметот на истражување*

Рамката за операционално определување на предметот врз која ќе се постави истражувањето е поставена врз претпоставката дека Реформите во Високото образование треба да ги реши проблемите и недоследноста во однос на побарувачката на пазар на труд и сферите на образованието (Bek, 2001 цит. во Kulić, 2008). Во тој контекст високото образование како предуслов за влез на Р.Македонија во Европската унија има влијание врз создавање човечки капитал само ако:

- Универзитетот ги припрема студентите за вработување преку трансфер на знаење што го вклучува: взаемниот однос и интеракцијата на студентите и професорите, взаемниот однос и интеракцијата на студентите во групата, како и взаемниот однос и интеракцијата на студентите со сродните факултети на Европско ниво изразена преку мобилноста на студентите;
- Универзитетите имаат долгорочно партнерство со организациите кое се темели на потребите на пазарот на труд за човечки капитал.

Образовните институции претставуваат средини во кои се создава квалитет на знаење човечкиот капитал. Трансферот на знаења преку образовните процеси им овозможуваат на учесниците во овој процес, студентите и професорите, координација и меѓусебна соработка, што создава поголеми можности за размена на идеи, знаеања, вештини, способности.

Оние студенти кои поактивно се вклучени во образовниот процес, трансферот е поголем што доведува до повисок степен на образование и поголеми можности за човечки капитал.

Често се истакнува дека секој напредок во технологијата и иновационите процеси предизвикуваат промени во организацијата на работата, во вреднувањето на капиталот, производните добра и услуги, односите меѓи нациите па и локалните култури. Од тие причини образованието е целисходно само ако одговара на потребите на пазар на трудот, што значи дека треба да биде комплементарно со инвестициите во капитални добра и технологијата, бидејќи технологијата ги диктира условите и побарувачката на пазарот на трудот (Szirmai, 2008). Поради тоа инвестициите во високото образование како предуслов за влез на Р.Македонија во Европската унија се инвестиции во создавање човечки капитал

и остануваат еден од најважните елементи на успешната развојна стратегија за секоја земја вклучувајќи ја и нашата.

Високото образование создава нова вредност и се поврзува со три причинско последични вредности: цел на образованието, вид на научна област во образованието и студентот кој се образува.

Програмата за целосна преобразба и модернизација на образовниот систем на целата територија на Европската унија за цел има зголемување на можностите за вработување, компетитивност и мобилност на студентите (http:// www. Euinfocentar .ba/docs/ Obrazov _u_EU.pdf).

### *1.9. Методи и техники на истражувањето*

Во текот на истражувањето ќе бидат користени неколку стручни методи: анализа на содржина, анкета, интервју и статистички метод.

Анализата на содржина како истражувачка техника ќе биде применета за собирање податоци за различните цели на образованието со цел да се открие објективната природа на образовните системи и нивното влијание врз квалитетот на знаење и човечкиот капитал. Анализата на содржина ќе ни овозможи да дојдеме до податоци за сфаќањето на образованието, за ставовите, вредностите целите на образованието во различни општествено економски периоди.

Трудот ќе се базира на анализа на текстови и стручна литература за специфичностите на образованието во областа која е значајна за квалитетот на знаењето, видовите на образование, степенот на образование и условите за имплементацијата на Болоњскиот систем. Предмет на анализа ќе бидат нормативните акти од Европската Унија и закони и документи од областа на образовните процеси поврзани и значајни за Болоњскиот систем, како и директивите, договорите, конвенциите, коминикеата, препораките и извештаите за напредок.

Извори за анализа ќе бидат користени:

- Официјалните акти на Европската Унија;

- Официјалните акти на Република Македонија за Имплементација на Болоњскиот систем,закони, национална стратегија за Високото образование;
- Објавени научни трудови и анализи како резултат на имплементацијата на Болоњскиот систем во земјите членки на Европската Унија.

Во зависност од потребата од добивање податоци за истражувањето ќе бидат користени интервју и анкета.

Интервју ќе биде направено со професори кои учествувале во имплементацијата и се дел од Болоњскиот процес. Интервјуто ќе биде усмерено ориентационо со цел во директен разговор со професорите да се добијат податоци кои ќе се искористат во научното истражување за влијанието на Болоњскиот систем врз човечкиот капитал како предуслов за влез на Р.Македонија а кои ќе се однесуваат на откривање на ставовите на професорите во врска со улогата на Универзитетот како институција и неговото влијание врз образованието на студентите кој позитивно влијае врз создавањето на човечкиот капитал, врз Афирмација и промоција на мобилноста во образовниот процес на студентите, подобрување на трансферот на знаења меѓу професор- студент.

Анкетата како техника на испитување ќе ја користиме за да ги добиеме од студентите потребните податоците за истражувањето. Прашањата ќе бидат прецизно формулирани, а исто и алтернативните понудени одговори со што треба да се обезбеди висок степен на стандарност во поглед на поставените прашања, кои ќе бидат во согласност со барањата на психолошкиот и логички концепт на стратегијата на истражувањето. Со структуриран прашалник ќе се соберат информации за студентите: демографските податоци, висината на оценката, степенот и видот на звршеното претходно образование, податоци кои со техниката на анализа и интерпретација на податоците ќе бидат обработени со што ќе се даде една систематизирана слика за моменталната состојба во Високото образование во Република Македонија. Анкета ќе биде спроведена меѓу стедентите, кои ќе бидат одбрани по случаен избор на Универзитетот во Р.М

**Статистички метод -** за прибирање, обработка и анализа на податоци од Државниот завод за статистика за социо-демографската и образовната структура на студентите; каква била проодноста на стидентите пред и по имплементацијата на Болоњскиот систем. Од овие податоци ќе може да видиме и во која насока се движи проодноста на студентите од

средното образование но и меѓу универзитетите во постипломските студии. Со примена на компаративниот метод ќе се споредат добиените податоци од земји членки во Европската унија со што ќе се согледат пропустите и негативностите на образованието во минатото, и предностите на Болоњскиот систем како и да се предвидат и потенцираат најдобрите страни на Болоњскиот систем на високото образование кои влијаат врз создавање човечки капитал како предуслов за влез во Европската унија.

***Анализа од секундарни извори***

- Објавени анализи од имплементацијата на Болоњскиот систем во земјите членки на Европската унија.

- Резултати од истражувања за влијанието на Болоњскиот систем на човечкиот капитал

- Извори од печатот написи, статии, книги, списанија во пишана или електронска верзија

## 2. Образование

Најопштата дефиниција која во себе ги опфаќа сите елементи на образованието е дека образованието претставува подготовка за живот во иднината (Tamara Borovica at all.).

Во социолошкиот лексикон (1982: 415) образованието се дефинира како општествен процес релативно издвоен од процесот на социјализација и воспитување како воведување на младите членови на општествената заедница во општествените процеси- во кој младите членови стекнуваат знаења и умеења кои се значајни за нивната идна дејност во општеството- пред се за учество во работниот процес (на основа на поделбата на работата) за општествената комуникација, ускладување на своето однесување со другите членови на општеството итн. (Sociološka luča V/2:2011).

Примарната цел на образованието е создавање на знаење.

Образованието е широк поим кој се однесува на сите меѓучовечки влијанија (свесни или несвесни) кои се извршени кај адолесцентите и возрасните, а со помош на кои се постигнуваат трајни промени во однесувањето (Коковиќ,1994:57 цит. во Жоглев 2002:84). Образованието е долготраен процес на акумулирање на знаење, развивање на способности и вештини, создавање на претприемнички дух кај поединецот, се со цел да покасно преку процесот на работа се создаде нова вредност-човечки капитал. Акумулираното знаење во текот на образовниот процес претставува систем на сознанија кои се мотивирачки фактор и влијаат врз човековото сваќање на светот, неговите теориски, политички ставови и уверувања (http://wwwBesplatniseminarskiradovi.com/FILOZOFIJA/problem-obrazovanja.htm)

„Образованието може да се сфати како подготовка на индивидуата за живот во општеството како и за неговите професионални и социјални функции“ (Јакимовски, Ј. 2011: 73*)*.

Образованието е основниот елемент на човечкиот капитал. Бенефициите од образованието се гледаат и на индивидуално ниво и на ниво на општествен развој. Поголемиот човечки капитал е предуслов за поголем економски бенефит, а земајќи предвид дека образованието е предуслов за поголем човечки капитал, па според тоа, образованието е предуслов за поголема економска корист. (Славица, Михајловска-Ѓошиќ: 2018)

Денес, образованието е незаменлив дел на професионалното усовршување. Квантитетот на знаење во процесот на работа ќе премине во квалитет потребен за вршење

на одредена работа. Образованието тешко се дефинира, бидејќи е општествено условено и во различни општествени периоди има различно значење. Сепак во секој период од општествениот развој образованието има своја цел или суштина како и вид и степен на знаење со кои се одредува квантитетот и квалитетот на знаење добиен во процесот на образованието (Maks Šeler).

Вложувањата во образование може да влијаат на зајакнување на економскиот раст, зголемување на продуктивноста, подобрување на индивидуалниот и социјалниот развој, како и намалување на социјалната не-еднаквост. Во ЕУ, финансирањето на образованието главно е од страна на владите додека пак приваттните извори на финансирање на образованието се помали. Вкупните влоѓувања во образование во 2014 година во Обединетото Кралство и Португалија се нешто помали од 72%, во Романија и Шведска се повеќе од 95%, во просек 80% во 23 земји членки на ЕУ (https://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/ index.php/ Educational _expenditure _statistics)

Во литературата општо прифатен став е дека повеќе години поминати во образование влијаат на создавање на лични, социјални и/или национални бенефити.

„Високото образование не претставува само подготовка на иновативни работници. Целта на образованието е да развие претприемачки дух и размислување, да стане почетна точка за креирање на нови, иновативни работни места и интелектуална основа на претприемништвото“ (*Kiopa, Agrita. 2015*).

Според тоа, образованието треба да создаде индивидуи кои ќе можат лесно да се прилагодат на денешниот начин на живеење, барањата на пазарот на трудот, индивидуи кои ќе имаат развиени вештини, способности и знаења, индивидуи чии сфаќања ќе ги надминат традиционалните вредности и сфаќања, кои ќе бидат ориентирани кон соработка, комуникативност и чии способоности за размислување ќе им овозможат да бидат носители на личен напредок и напредок на општеството.

Системот на образование е основен институционалнен фактор преку кој младите ги развиваат своите знаења, вештини, и компетенции и добиваат формални дипломи за знаењето (Rodin, S.2011).

## *2.1. Улогата на образованието*

Развојниот потенцијал на образованието е голем, готово пресуден и со развојот на науката и новите технологии расте до таа мера што се претпоставува и се мисли дека е еден од главните придвижувачи на напредокот. Ова согледување особено доаѓа до израз во „*општество базирано на знаење*" потенцирајќи ја важноста и улогата на образованието во економскиот раст и развој на општеството. „...ефектот од квалитетот на образованието врз стапката на раст на економијата е секогаш позитивен и значаен." (hc quality and econ growth, str.15).

Улогата на образованието и образовните процеси најдобро се гледа преку потребата за образование. Образованието е потребно од неколку причини:

1. Наназад низ човековата историја јасно се гледа дека образованието битно го детерминира степенот на општествениот развој. Најшироко дефинирано образованието претставува свесно и целисходно учење и поучување во социјални услови. Првите темели на цивилизацијата и нејзиниот развој се нераскинливо поврзани со образованието. Ефикасноста во пренесувањето на веќе стекнатите знаења, успешноста во обуката за живот во заедница како и способноста за создавање нови технолошки откритија и нивното пренесување на младите е едно од гаранциите дека човековата заедница ќе опстане. Денес, единствена гаранција за успех на поединецот претставува образование кое ќе му даде можност да биде не само конкурентен на пазар на трудот туку и можност за целоживотно образование, претприемнички дух, развивање на вештините и способностите-образование кое создава човечки капитал.

   Општествата и човековите заедници кои биле поефикасни во пренесување на нови технолошки откритија и поуспешни во обуката за живот во заедница се цивилизациски понапредни и историски посупериорни во однос на другите.

2. Образованието има взаемно (дејство) влијание со економскиот, политичкиот, културниот социјалниот и верскиот развој на едно општество.

   Развивањето на општеството во целина, доведува до промени во процесите на образованието така што поразвиените образовни процеси бараат поголема организираност и со самото тоа се позначајни и поцелисходни. Денес, образованието е составен елемент на сите општествени структури, па може да биде религиско, економско, политичко, општо, професионално.

3. Образованието е општествена појава и со самото тоа го презентира постанувањето, развојот и функционирањето на општеството.

4. Образованието е индивидуална потреба на секој човек. Принципот на образование според можностите и секој според потребите не е одржлив бидејќи потребите на човекот како индивидуа се менуваат во зависност од општествениот развој ``секој според можностите, за секој според потребите`` Маркс (Marx, 1887). Со образованието се детерминираат човековите потреби како на индивидуален така и на социјален план (Suzić, N. 2001).

Образованието е корисно и потребно само кога ги развива способностите и вештините кои ги дала природата. Секој поединец е посебна и специфична личност која има со свои потреби кои ги задоволува според своите способности, вештини и своето знаење. Способностите кои ни се дар од природата и врз кои човекот нема влијание, треба да ги сознаеме и да научиме да ги употребуваме на најдобар можен начин за задоволување на своите потреби. Образованието ги усклaдува способностите, вештините и знаењето и ги усмерува на пазарот на труд. Тука, на пазарот на труд, преку вработувањето, човекот е во можност да задоволи дел од своите потреби. Способностите и вештините кои ги наследуваме со раѓање, ги развиваме и усовршуваме во процесот на образование. Во процесот на образование човекот се здобива со знаење, ги развива своите способности и вештини кои покасно во процесот на работата ги вреднуваме како човечки капитал. Секое образование не создава човечки капитал. За човекот да биде човечки капитал освен образованието потребно е и соодветно вработување. Пазарот на трудот во Европа е отворен за сите и нуди еднакви можности за вработување. Единствен услов е конкурентоста која се вреднува според степенот на образованието и стекнатата диплома. Секако дека дипломата не секогаш е мерило на стекнатото знаење.

Способностите на човекот се дар од раѓање, не зависат од него, но човекот може да влијае врз нивното усовршување со образованието. Во текот на образованието треба да се искористи тоа што на секој од нас го дала природата. Образованието кое зависи од нас е формалното образование кое се добива во образовните институции.

Знаењето кое се добива во процесот на образование треба да биде резултат на знаењето, способностите и вештините на студентите во согласност со потребите на пазарот на труд. Вака поставеното образование би било идеално и ускладено со потребите на општеството. Потребите на општеството се различни и процесите на образование секогаш се прилагодени на потребите на општеството. Единството на природата, луѓето и предметите е она што го детерминира образованието. Природата не образува така што таа ни ги подарува способностите и е сосема независно од индивидуата. Природните предиспозиции е нешто на што ние немаме никакво влијание. Предметите ја диктираат потребата од образование бидејќи за да управуваме со нив потребно е одреден степен на образование. Вештините и способноста за работа ја добиваме преку сопственото искуство и работата. Професорите треба да ги образуваат студентите како да го употребуваат тоа што им го дала природата и како да ги искористат своите способности во општеството во кое егзистираат (Жан Жак Русо Проблем образовања и васпитања кроз историју http://www. besplatniseminarskiradovi. com /FILOZOFIJA/problem-obrazovanja.htm. ).

Образованието е универзален човечки феномен и ги засега сите народи низ целата нивна историја на постоење. Во нашиот јазик неговото значење има корени во словенскиот збор-образ, лице, лик, што значи дека е поврзано со негување, култивирање, гаење и создавање на ликот на поединецот. Образовани кај нас во минатото би требало да бидат оние млади кои се култивирани и имаат свој лик како поединец, но тие млади се создадени низ процес на негување и гаење. Истото значење за образованието го имале и старите грци кои преку него ја обликувале својата младина да твори со квалитети какви што им биле потребни. Грчките зборови morfe, harakter, tropos- значат основање составување, творење, обликување на човекот.

Според тоа, образование е процес на духовното формирање на младите, на нивната личност, култивирање на нивната самосвест и општествената свест. Образованието е процес кој не завршува со завршувањето на формалното образование и со добивање диплома, бидејќи стекнувањето сознанија во текот на образовниот процес треба да претставува мотивирачки фактор и да влијае врз

младите и врз нивното сваќање на светот, нивните теориски, политички ставови и уверувања.

Не е спорно дека образованието е долготраен процес кој мора да се негува и кој трае во текот на целиот живот бидејќи тоа -- образованието го создава човечкиот капитал кој е причина за творењето и создавањето на нештата до оној облик кој денес ние ги познаваме.

Улогата и значењето на образованието во текот на историјата е променливо и во содржината на образованието и во образовните процеси. За да го покажам тоа, ќе се осврнам на дефиницијата на образованието во Oksfordskiот rečnik според која образованието претставува процес на:

1. Подигање на младите луѓе,
2. Систематско обучување, школување и увежбување на младите како припрема за идното вработување,
3. Образованието е култура или развој на способности, формирање на карактер.

Образованието има своја историска димензија што се гледа и во дефинирањето на ообразованието. Првата дефиниција била во употреба во 16 век, кога било битно да поединецот се припреми за влез во општеството. Истотака се истакнува дека првата од овие дефиниции е во согласност со употребата во 16 век, а третата употреба најверојатно се појавила во 19 век.

Денес, улогата и значењето на образованието најдобро го опишува основачот на IBM, T. I. Watson: „Земете ми ги фабриките, запалете ми ги зградите, ама оставете ми ги соработниците. Јас ќе почнам, сè од почеток“.

Кога зборуваме за развојниот пат на улогата на образованието и образовните системи треба секогаш да имаме во предвид општествениот, економскиот, културно-социјалниот степен на развој. Со секој степен на развој на научнотехничките и технолошките достигнувања секоја нова генерација, прифаќајки ги новитетите, имплементирајќи ги во своето секојдневно опстојување, мора да го прилагоди образованието на промените. Ако во минатото образованието беше активност со која се стекнуваат социјални културни знаења, вештини и способности, денес образованието

пред се претставува активност со која се стекнува образование за економска добивка (Rodin S.; 2011).

Реформите во високото образование се резултат на глобални, сеопшти влијанија кои го детерминираат високото образование и во нашата земја. Реформите во високото образование се дизајнирани според потребите кои произлегоа од обединувањето. Бришењето на границите и обединувањето не се однесува само на економските, културните, еколошките и социјалните разлики. Како што нагласуваат некои теоретичари на обединувањето на Европа многу поважно е бришењето на границите кои се однесуват на културниот, научниот и технолошки развој кој се создава на Универзитетите.

И во минатото имало периоди кога промените се случувале брзо.Но, она што е важно е различноста на промените (Drucker; 1993). Современиот свет бара и современо обрзование кое ќе ги подготви и оспособи младите за времето кое доаѓа, време во кое тие ќе бидат дел од работно способното население, и во кое ќе донесуваат одговорни и далекусежни одлуки (http://www.azoo. hr/images/ izdanja/ O OR _ 2011_web.pdf).

## *2.2. Образование и индустријализација*

Значењето и влијанието на знаењето и вештини за работа врз процесот на производство биле согледани многу одамна.

Споредено со претходните индустриски револуции, воведени со пронаоѓањето на пареата и електрификацијата, ширењето на пронајдоците кои може да го трансформираат производството ќе бидат видливи за краток временски период. Но, повеќе време ќе биде потребно новите технологии да се распространат низ економиите и ефектите од нивната продуктивност да станат видливи. Што е уште поважно, траењето на овој временски период е несигурен. (OECD, 2015).

Според Монтескје општествениот поредок се менува и зависи од бројни фактори, а општествените институции мора секогаш да го следат и да се прилагодуваат на

општествениот поредок. Универзитетот е општествена институција и со секоја промена на општеството потребно е и тие да се менуваат. Како што вели П.Друцкер (Drucker;1993). во едно свое интервју оние земји кои го прифатија образованието како потреба за индустриско производство напредуваа побрзо на пазарот на труд. Истото се случува и денес. Оние држави кои побрзо ќе се вклопат во современите токови и ќе го реорганизираат образованието според потребите на пазарот на труд нивна е иднината. Ринкли (Renckly, R.G.:2004) истакнува дека образованието е потребно да се промени и на пазарот на труд ќе се појави потреба од високо образовани, но и стручно обучени кадри. Па така во иднина академското образование ќе биде потребно и ќе се вреднува само кај оние кои ќе можат да го остварат преку процесот на работа. На пазарот на труд повеќе ќе се вреднува високото стручното образование од кое ќе се појави недостаток.

Во раниот период на индустриските револуции, новите пронајдоци влијаеле врз трансформацијата на производството. За имплементирањето на новите технологии било потребно соодветно образовани вработени кои ќе можат да одговорат на работните задачи. Масовното образование било потребно и во Европа и САД за кратко време се отвориле училишта за масовно образование. Според Drucker сите кои на време согледаа дека индустријализацијата е таа која води напред и воведоа масовно образование тргнаа напред. Иако Кина е местото каде е измислен барутот и машината за пишување, не согледуваји го нивното значење, останувaат по развој после западот (Drucker, P. 1993).

Секоја трансформација на производството се случува во време на иновации на нови технологии, кои секогаш се воведуваат за да ја подобрат економијата и да ги зголемат ефектите од продуктивноста. Времето потребно за промени е се пократко што значи ако во минатото биле потребни векови за да дојде до една промена денес времето потребно за промени е многу скратено. Нереално е да ја споредуваме сегашноста со минатото или иднината, бидејќи во минатото имало нереален ентузијазам во врска со времето на имплементирање на голем број технологии (OECD, 2015).

Во минатото образованието се темелело на „мајсторите„ кои предавале, сами создавале примери и сами одлучувале за техниките на пренесување на знаењето (Paszek, Z.) Но, за процесите на брзата индустријализација на пазарот на труд се појавила потреба од вработени кои за краток временски период ќе можат да се образуваат за да ги извршуваат работните задачи во процесите на производството. Ова подразбирало масовно

образование на младите кои барале промени во организацијата на образованието и до промени во сваќањето на релацијата академски наставник-студент (Glasser,1992).

Четвртата индустриска револуција, според Klaus Schwab, кој всушност и го воведува овој термин, е свет во кој индивидуите се движат помеѓу дигиталните домени и offline реалноста со користење на поврзани технологии кои им овозможуваат да живеат и да го менаџираат својот живот (Min Xu, Jeanne M. David & Suk Hi Kim.; 2018). Во индустрискиот период движечка сила биле машините и капиталот, додека пак луѓето биле потребни, но и заменливи. Инфроматичкото општество ги замнеува работните места кои биле создадени со индустријализацијата. Загубата на работните места не е поврзана многу со владите, политиката на владеење и/или договорите за трговија, туку со пресвртот во економијата и знаењето на работникот. Четвртата индустриска револуција ќе се соочи со предизвикот како да ги мотивира работниците кои имаат знаење да го дадат својот потенцијал односно менаџерите ќе се соочуваат со проблем да го искористат сиот потенцијал кој го поседуваат работниците. Проблемот со кој се соочува светот денес, не е напредокот во технологијата туку како да се прилагодиме на напредокот, а при тоа да нема страшни последици по животот на луѓето? Секој човек сака да има достоен живот, социјална сигурност, редовни приходи и сл. Но, денес се соочуваме со затворање на работни места кои досега постоеле, а во исто време и отворање на нови. Предизвид е како да се преброди јазот меѓу денес и утре односно работните места денес и работните места кои ќе бидат потребни во иднина. *Muriel Pénicaud*, Министер за труд на Франција, на Светскиот Економски Форум во Давос 2019 година, истакнува дека големита и брзината на промената се непознати, односно се соочуваме со нешто што на сите ни е досега не познато, се движиме кон непознато и треба да се организираме така да можеме да се соочиме со непознатото (https://www.weforum.org/events/world-economic-forum-annual-meeting/sessions/a-jobs-creation-strategy-for-the-fourth-industrial-revolution). Може да се каже дека тоа и е најголемиот проблем кој создава хаос во моментов не само во образованието, туку во сите општествени процеси кои ни се досега познати. Тука доаѓа до значење улогата на образованието кое денес се повеќе се нарекува учење, потребата од преквалификации и надградуваење на вештините што е од витално значење за индивидуите, но и за компаниите. Но, исто така се повеќе се потенцира и етичкото

однесување кое преку напредокот во технологијата се губи, моралот и ведностите кои досега ни беа познати.

### *2.3. Образование и технолошки развој*

*„Не можеш да ја завршиш работа денес со вчерашните методи и да очекуваш да водиш бизнис утре„ Unknown author*

Информациската и комуникациска технологија во голема мера влијаат на нашето живеење и во голема мера од повеќе аспекти гледано го менуваат начинот на живот. Начинот и темпото на живеење наметнува потреба од постојано пратење на напредокот во технологијата. Промената на технологијата повлекува со себе и промена во работните места, што значи способност за полесно приспособување и прилагодување на предизвиците на модерната технологија. Сè поголемиот и брз напредок на полето на технолошкиот развој со себе ја повлекува потребата индивидуите да поседуваат соодветни вештини кои ќе им овозможат полесно прилагодување на промените. Оттука, се наметнува и улогата на образованието. Имено, создавањето на човечкиот капитал се одвива во најголем дел преку процесот на образование. „Образованието во 21 век е центар

од кој потекнуваат сите промени и развој“ (Hamidi 2011:369). Оттука, стремежот за квалитетно образование треба да биде приоритет на секоја земја.

Општество на база на ИТ технологија меѓу другото значи и можности за учење на основа на примена на технологијата, со цел зголемување на квалитетот на учење. Развојот на технологијата особено интернетот ни овозможува пристап до информации во секое време и на секое место. Интерентот ни овозможува не само да добиме информација во секое време туку и да учиме преку интернет. Во денешно време преку интернет се стекнуваат дипломи, се учи на далечина, преку интернет олеснета е интеракцијата помеѓу индивидуите, групите, професорите, итн. Исто така, овозможен ни е пристап до многу материјали за учење, документи, книги и сл. Компонентата времето и локација, од овој аспект го губат своето значење со оглед на тоа дека присуството е овозможено преку примената на технологијат во процесот на учење.

Структурните промени кои се случуваат насекаде околу нас а кои се резултат на информационата технологија влијаат и на промените во организацијата на високото образование (Paszek, Z.)
Повеќе автори истакнуваат дека ICT (internet and communication technology) имаат моќ да го подобрат учењето и предавањето (Lundall et al., 2000; Hardman, 2005; Louw et al., 2008). Примената на технологијата во текот на наставата овозможува професорите да ги „...зголемат и да ги зајакнат активностите за учење“ (DEVON C.: 69).

Технологијата може да биде многу моќна алатка во процесот на образование односно стекнување на знаење. За да може да се разбере улогата и влијанието на технологијата во образованието, пред сè треба да се сфати улогата и влијанието на медиумите. Медиумите се денес најмоќната алатка за ширење на информации, комуникација, пренос на знаење итн. Но, за да може да се видат бенефитите од технологијата, истата треба да се користи во текот на наставата.

Примената на технологијата во текот на наставата овозможува професорите да ги „...зголемат и да ги зајакнат активностите за учење“(DEVON C.: 69).

Повеќе автори истакнуваат дека ICT (internet and communication technology) имаат моќ да го подобрат учењето и предавањето (Lundall et al., 2000; Hardman, 2005; Louw et al., 2008).

Напредокот на информациската и комуникациска технологија и нејзиното продирање во скоро сите сегменти од секојдневното живеење и сектори како медицина, бизнис, банкарство итн. во последните декади е енормно. Но, кога станува збор за образованието, може да се каже дека промените и влијанието се многу помали споредено со другите области (Ron, O.).

Според Стар (Starr, 2001) постојат повеќе фактори кои влијаееле на прифаќањето и употребата на ICT технологијата во образованието како на пример: недостаток на финансии за купување, одржување и употреба на технологија, недостаток на тренинг меѓу професорите, недоволна мотивираност и потреба помеѓу професорите за употреба на ICT технологијатта како алатка за предавање, времето потребно за учење на апликациите, пракса за подготвување на нов начин на предавање, техничка поддршка и сл.

Влијанието на технологијата во процесот на образование може да се види преку тоа „Што" се учи, „Како и Каде" учат студентите. Клучниот предизвик за професорите е поврзувањето на потребите на студентот, педагогијата и технологијата, со цел да создадат интерактивна, обврзувачка средина со центар на внимание свртен кон студентот, а која ќе ги промовира вештините на 21 век и ќе ги охрабри студентите сами да учат. (Jenny Parker at all. 2013)

Целта на образованието е да создаде квалитетен кадар кој ќе поседува знаење, како основа за надградување понатаму во животот, преку работата но во секојдневното живеење. Високото образование има важна улога не само за индивидуата туку и за општеството во целина. Имено, индивидуите со високо образование заработуваат повеќе од индивидуите со пониско образование што последователно влијае на подобрување на материјалната сосотојба, као и на намалување на не-еднаквоста во општеството, полесно ги прифаќаат новитетите и полесно се прилагодуваат на новите технологии, тие извор на иновации, поголема компетитивност и поголема конкурентност итн.

Општество на основа на знаење, економија на основа на знаење, создава нови предизвици за високото образование. Универзитетите го градат континуитетот на општеството преку создавањето на знаење и преносот на знаење на новите генерации, но исто така земјаќи ја предвид критичката природа на секое ново знаење тие се придвижувач на општествените промени и влијаат на општиот напредок (Šuman, Ž.) . Воведувањето на ICT во училиштата сѐ уште не ги дава очекуваните подобрувања во

контекс на подобри резултати за помали трошоци. Постои слаба, понекогаш и негативна корелација, помеѓу употребата на ICT во образованието и резултатите во математика и читање, дури и по пресметувањето на разликите во националните приходи и социо-економскиот статус. Лимитираниот успех, делумно е резултат на фокусот на технологијата и поврзаноста помеѓу креаторите на политиката и добавувачите. Образовните системи и училиштата сè уште не се подготвени да го сфатат и прифата потенцијалот на технологијата. Дигиталната технологија може да ги олесни иновативните педагошки модели, да овозможи симулации за олеснување на експерименталното учење, да влијае на надминување на географските барирери и формалните часови поминати во училница, да овозможи интеактивно учење, интернационална соработка, активно учество на студентите во дискусии, автономно е-учење итн. (OECD. 2016).

Иновативноста и развојот на информатичко-комуникациската технологија подразбира создавање на алтернативни производи, процеси, методи, нов начин на давање на услуги, нивно проширување, намалување на трошоците, надминување на бариерите на на големите далечини и пристап. Во основа иновативноста е база за нови бизниси, нови работни места, нови можности за вработување, зголемување на продуктивноста и сл. Според тоа, иновативните економии може да се каже дека се попродуктивни, полесно прилагодливи на промени, како и поспособни да влијаат на подобрување на стандардот на граѓаните. Од овој аспект гледано образованието преку услугите кои ги дава, начинот на пренос на знаење, употребата на нови технологии и овозможувањето на студентите да бидат во чекор со развојот на технологијата и нејзината употрба, преносот на знаење од професорите на студентите се е важен двигател на развојот, не само на личниот развој, туку и на развојот на земјата.

Основната улога и цел на образованието е обезбедување на квалитет. Квалитетот може да се разгледува од повеќе аспекти: квалитет во пренос на знаење, квалитет на наставната програма, „квалитет на професорите“ во контекст на нивната спремност од секој аспект, „квалитет“ како аутпут во смисол на стекнатото знаење на студентите и сл. Се поставува прашањето колку нашето образование нуди квалитет?

Ако појдеме од тоа дека квалитетот во високото образование е комплексен концепт којшто заедно го одржуваат државата, наставниците, административците,работодавачите,студентите и други заинтересирани страни, тогаш за

квалитет во образованието потребно е обединување на квалитет во сите негови сегменти (Ацески, 2015:37).

Најзначајниот аспект на високото образование е во примената на знаењето. За тоа колку е битно во право време да се искористи е примерот со машината за печатење и печатената книга како средство за образование. Кина која била една од водечките земји во предмодерниот период во однос на цивилизацијата бидејќи не успеале да го сфатат чекорот со времето и правото значење на печатената книга заостанале со развојот во однос на западот. Модерните општества денес се соочуваат со истите предизвици во поглед на информатичката технологија. Што значи иднината е во користењето на информатичката технологија во зголемување на пристапот до знаењето во високото образование. (Drucker, P. 2003). Со Болоњската декларација се наговестуваат и се бараат одредени промени во високото образование за зголемување на конкурентска предност на пазар на трудот а како и на кој начин ќе се спроведат е само почеток на тие промени. Само за споредба општествата кои на време не ја прифатиле печатената книга како масовно средство за образование иако претходно биле водечки цивилизации доживуваат пад во однос на тие кои ја искористиле можноста за брзото ширење на знаењето. Брзиот напредок на информатичката технологија каде самата информација е од клучно значење ако нема основа за нејзината примена е само безкорисна информација. Споредено со идеите на П. Д. секогаш ќе биде потребен скелет или основа. лежи во квалитетното образование како скелет за надградба и користење на информацијата. Сите успешни економии се втемелуваат на иновации,знаење, на пазар на труд заснован на компетенции, постојани промени во светот на огромни можности и огромни ризици, во општество кое може да се опише како општество на сложени работни,политички, научни, технолошки, здравствени и предизвици на околината, во општество кое се карактеризира со колаборативни односи ;снаодливи, агилни и со вештини опремени граѓани се стварноста и иднината на 21 иот век на кој се темели компетенцијата на секоја нација (KRAJCAR;2015).

## 3. Образование во Република Македонија

Во Р.Македонија најстар Универзитет е „Св. Кирил и Методиј"- Скопје основан во 1949 година каде обавезното, формално образование, се одвива на 23 факултети и 5 институти и Универзитетот„Св. Климент Охридски" во Битола во чии рамки има 10 факултети. Формирањето на Државниот универзитет во Тетово, се поклопува со потпишувањето на Болоњската декларација, и од тој период до денес се отворени три државни Универзитети„Гоце делчев" во Штип (со 13 факултети) Универзитетот за информатички технологии и науки Св. апостол Павле, отворен 2010 година. (Ацески И.,64) и најмладиот државен Универзитет„Мајка Тереза" отворенво Скопје во 2018 година.

Приватни универзитети има десет:

1. ФОН – Универзитет. 2. европски универзитет. 3. Универзитет на југоисто -чна европа- Тетово. 4. Универзитет за туризам и менаџмент - Скопје. 5. Уни -верзитет американ Колеџ – Скопје 6. МИТ Универзитет 7. Универзитет за
аудио-визуелни уметности ЕСРА- Скопје 8. Меѓународен универзитет - Струмица 9. International Balkan University 10. Univerzitet агнез Гонџа Бојаџиу
други високообразовни приватни институции: Висока школа за новинарство и односи со јавност academia Italiana- Skopje; Бизнис академија БаС Висока професионална установа за бизнис студии; евро колеџ- Куманово; Меѓународен Славјански универзитет со седиште во Св. Николе; Институт за општествени и хуманистички истражувања евро - Балкан Скопје;
Факултет за деловни студии London School of Business of Finance in Macedonia; Приватните универзитети во најголем дел нудат студиски програми
во траење од три години, или 180 кредити. државните пак, во најголем дел
се 4 годишни студии.

Од академската 2008/2009 година, владата на р.М започна процес на
дисперзирани студии низ целата држава и речиси во секој помал или поголем град во државата се отворија дисперзирани студии од матичните факултети пред сè на државните, кои имаа за цел доближување на високото образование до сите граѓани и можност секој да има шанса за високо образование во сопственото место на живеење. Така на пример, за илустрација, Универзитетот во Штип, се дисперзира со Правен факултет во Кочани, со електротехнички факултет во Радовиш, со Машински факултет во Виница, со Педагошки

факултет во Струмица, со Факултет занинформатика и факултет за етнологија во Кавадарци, со Факултет за туризам и бизнис логистика во Гевгелија, со Техничко-технолошки факултет во Пробиштип ( гратче со помалку од 10. 000 жители). (Ацески, И. 2015).

Недостатокот на финансиските средства влијаеше врз лошите и несоодветни просторни услови за одржување на настават, па голем дел од дисперзираните студии се одвиваат во библиотеки, ученички домови, пионерски домови, како и домови на културата, односно во несоодветни услови за универзитетска дејност. Патувањата на наставниот кадар наместо да биде позитивна околност се појави како пропуст, што се одразува врз квалитетот на студиите, кој мора да се признае е на ниско ниво. Бројката на запишаните средношколци се движи од 5 до 30 студенти. Иако можеби малиот број на студенти, до 30 во група, би требало да е позитивно за предавањата и за контактите меѓу професор и студент и би влијаело врз зголемена интерактивна настава, поради наведените слабости, одѕивот на средно школците за студирање на дисперзираните студии е се помал.(Розалина Попова-Коскарова. 2011; преземено од Ацески,И.2015).

Со отворањето на приватните универзитети се очекуваше најверојатно како што е во Европа, во САД и секаде во светот да се зголеми критериумот и квалитетот во Високото образование. На приватните универзитети веднаш почнаа со примена на студиски програми во траење од три години или 180 кредити. Но, кај нас отварањето на приватни факултети беше сватено како ,,колку ќе платиш толку ќе добиеш...!

### *3.1. Приватизација на образованието*

Приватизацијата на образованието е позитивен процес, со кој се зголемуваат ресурсите за образование, поцелисходна употреба на ресурсите и поголема флексибилност во давањето на образовните услуги (Belfield, Levin 2002).

Во ЕУ е загарантирана националната образовна политика на земјата членка, но во исто време мора да ги исполни условите за заедничките политики на ЕУ и барањата и потребите на европскиот пазар на трудот (Kregar, 2009).

Приватното образование во САД се смета како америчка традиција (Kregar, 2009) што позитивно влијае врз зголемување на ресурсите за образование, зголемена флексибилност во давање на образовни услуги.

Приватното Високо образование почна да се применува во деведесеттите години со осамостојувањето на Р.Македонија, а приватните Университети се отворија по 2003 година.

Приватните Универзотети се едно, додека приватизацијата на образованието е нешто друго. Приватните Универзитети имаат свои програми според кои ги држат наставните програми, но плаќањето на Универзитетската диплома ја има и на Државниот Универзитет. Според одредени квоти и услови кои треба идните студенти да ги исполнат се одредуваат квоти на студенти кои нема да партиципираат т.е. студенти кои ги задоволиле критериумите и барањата според кои не треба да партиципираат во своето универзитетско образование. Според овие критериуми тие кои имаат највисок просек се ослпбодени од партиципацоја. Оние со помал просек треба да партиципираат. Но, како и секогаш, аномалиите постојат, па така не ретко се запишуваат студенти со висок просек од несоодвето средно образование, но со висок просек. Па така, имаме студенти кои завршиле несоооддветно средно образование од три години, па после две години завршиле уште една, па се запишале на факултет од три години, па со високиот просек и магистрирале. Апсурдите кои само кај нас се можни е следниот: високиот просек во средно фризесрко училиште е виза за магистер по економски науки. За жал, никој неможе да го оспори фактот дека со овој пристап во високото образование нешто не е во ред и се нарушени основните начела на образованието. На запад, се плаќаат приватни универзитети за да ги научат студентите, а не да им ја купат дипломата. Разликата е огромна. Но,услугата образование која се почесто се нарекува производ има и своја пазарна цена (Kregar; 2009).

### *3.2. Болоњскиот процес на образованието*

Евроинтеграциските процеси се нашата реалност. Процесите на обединување, проширување и продлабочување на односите на европските земји претставуваат подлога за достигнувањата во последните неколку години. Евроинтеграциските процеси се

незаменлив фактор за социјален и човечки раст и неопходна компонента за консолидирање и збогатување на европското граѓанство. Обединета Европа се декларира како способна на своите граѓани да ги даде потребните компетенции да се соочат со предизвиците на новиот милениум, заедно со свеста за заедничките вредности и припадноста на заеднички социјален и културен простор. Обединувањето и интегрирањето ќе биде коплетно и далекусежно само доколку се изгради врз основа на јакнењето на интелектуалните, сооцијалните, културните и научни и технолошки димензии. Во тој процес на создавање и јакнење на стабилна, мирна и демократска Европа, едно од суштинските места му припаѓа на високото образование. Потребата од мобилноста на граѓаните, како и можности за вработување, а со тоа и можностите за развој на обединетата Европа не е можно без универзитетите и создавање на единствен високо образовен простор на територијата на цела Европа. Реалноста на овие потреби ја инициараше Болоњската декларација на реформи во Високото образование. Скоро сите земји членки и тие кои требаше да пристапат со членство, со потпишувањето се обврзаа да ги постигнат утврдените цели со Болоњската декларација. Реформите во високото образование се темелат на основните принципи утврдени со Болоњската Декларација и се можеби најзначајните од било кои досега.

Болоњскиот процес претставува меѓу владина соработка на 48 Европски земји Главниот фокус е поставен на три постулати:

1. Воведување на систем од три циклуси,

2. Обезбедување на квалитет и

3. Полесно препознавање на квалификациите и периодите на учење (**https://ec.europa.eu/education/policies/higher-education/bologna-process-and-european-higher-education-area_en).**

Пред започнувањето на оваа иницијатива евидентно е постоењето на различни национални програми/системи за високо образование, различни пристапи и стандарди за обезбедување на квалитет. При тоа, движењето на студентите од една во друга земја за време на студиите и по завршување на истите било отежнато во контекст на препознљавање на дипломите. Оттука, се појавува потребата за воспоставување на систем со кој ќе се овозможи полесно препознавање и споредување на дипломите како и полесна мобилност. Целта на Болоњскиот процес е Европа да биде светски лидер во високото образование преку создавање на европска област на високо образование. (What is the Bologna Process? https://www.abdn.ac.uk/documents/bologna-process.pdf ).

Потписниците на Болоњската декларација се изјаснуваат дека  обврзуваат да ги постигнат поставените цели во рамките на нивните институционални компетенции, при тоа земјаќи ги предвид различните култури, јазици, национални системи за образование и автономноста на Универтитетот за да ја консолидираат европската област на високо образование (The Bologna Declaration. 1999).

Целта на Болоњскиот процес не е да се создаде единствен систем на високо образование, напротив Европа се труди да ја истакне различноста, како своја предност. Во оваа смисла, болоњскиот процес има за цел да изгради мостови со кои ќе им овозможи на поедниците слободно да се движат од еден во друг систем на високо образование. ...„идеата е да се зачува специфичноста на секој систем“ (Lazetić, ).

Оттука, се поставува прашањето како да се задржат националните  специфичности, автономии и системи на образование, а во исто време да се применат принципите на болоњската декларација?

Ова е можеби најтешкото прашање на кое одговорот треба да се бара на ниво на општество, на ниво на институција, на ниво на универзитет/факултет, воедно вклучувајќи ги сите кои се засегнати од ова прашање (студенти, професори, работодавци, акредитациски куќи, тела за стандардизација, министерства итн.).  Можеби одговор на ова прашање е всушност решението на проблемите кои произлегуваат од имплементацијата на болоњскиот процес. Во основа сите кои на било кој начин учествуваат во овој процес треба да се добро информирани и запознаени со целиот процес за да може истиот правилно да се воведе. Но, не помалку важно е да се истакне дека пратењето на имплементирањето на овој процес треба да се овозможи со добро поставени и мерливи индикатори, пред се за квалитет на крајниот производ – добро образуван, потккован со знаење студент.

Реформите предвидени со воведувањето на Болоњскиот процес се насочени кон реструктуирање на високото образование во многу европски земји (со исклучок на Обединетото кралство), вклучително и радикална промена не само во структурата туку и во содржината опфаќајќи ја и педагошката компонента. Особено, земајќи го предвид **пристапот кој е повеќе ориентиран кон студентот** и воведувањето на концепт насочен кон **резултати од процесот на учење**. Со Болоњскиот процес се воведуваат шест активности кои треба да се спроведат. Како една од најважните алатки, која е воведена во

2005 година е ***рамката за квалификации*** како референтна точка за националните рамки на квалификации. Исто така, направена е и рамка односно референтни точки за дизајн и спроведување на програмите за различни предмети. Покрај овие две активности, се воведува и трета активност односно воведување на систем на кредити. Овој инструмент, **кредит трансфер систем**, се воведува пред Болоњската декларација, како систем за трансфер и акумулација и служи како алатка за споредба и компатибилност во европското високо образование. Друга алатка која се воведува со болоњскиот процес е **додатокот на дипломата**. Овој додаток е урнек преку кој се овозможува добивање на податоци за природата, нивото, контекстот, содржината и статусот на програмата по која учат студентите како и за националниот систем на високо образование. Во 2003 година, Министрите одлучуваат овој додаток на дипломата студентите да го добиваат „*автоматски и без надокнада*" (https://www.abdn.ac.uk/documents/bologna-process.pdf). **Промоција на мобилноста** е четврта активност која се воведува со цел да се овозможи мобилност на студентите за време на студиите. Петта активност е промоција на **европска ко-оперативност за обезбедување на квалитет**, чија основна цел е да се создаде доверба во заедничкото препознавање на квалификациите. Со храмонизирање на процесите, структурата и транспатентноста овозможено преку реформите кои ги нуди Болоњскиот процес се создава поволна средина за создавање на заеднички програми на ниво на Европа, што е всушност шестата активност односно **промоција на Европска димензија на високото образование.**

Важен елемент во постигнувањето на високо ниво на квалитет во образованието е поврзувањето на теоретскиот дел со праксата. Оценувањњето на квалитеот на образованието се врши преку реализација на програмите за учење, обезбедување на високо квалификуван научен кадар, како и внатрешен систем кој обезбедува високо ниво на предавања. (Paszek,2012).

**Во основа може да се каже дека, фокусот на Болоњскиот процес е обезбедување на квалитет, како и поголема мобилност, она што е ново е примената на ЕКТС.**

Образованието е еден од соновниите столбови на општеството. Покрај образовната улога која е на прво место место образованието има и воспитна улога. Од друга страна пак, општественоит систем, кој ги прати глобалните промени и неминовно се менува, промените ги наметнува и во образовниот систем. Техничко-технолошкиот развој брзо

навлегува во сите пори на општественето живеење и делување, а паралелно со тоа се наметнува и „информациското општество“ во кое поседувањето на информации и знаење се наметнува како приоритет, па дури и како моќ. Во литературата постојат различни начини на дефинирање на информацијата и знаењето зависно од концептот и употребата. (LELAND B. YEAGER). Според Drucker, мануелните работници се минато. Основниот капитал, основната инвестиција, но исто така и центарот на трошоци за развиената економија е работникот со знаење кој во својата работа го употребува тоа што го систематски го научил во текот на образованието, а тоа се концептите, идеите и теориите. (Drucker, 1973). Знаењето се стенува преку образованието, а улогата на образованието е меѓу другото и да ги развие аналитичките и критичките способности на индивидуата. Додека пак „...информацијата станува знаење преку когнитивен напор“ *(Dong Hyun Jeong. Remco Chang. William Ribarskyl.: 1 цит. во Славица Михајловска-Ѓошиќ, 2018)*. Се поставува прашањето колку „новото образование“ во денешното „информациско општество“ овозможува стенување на знаења или само стенувања на информации? Дали стекнувањето на информации е доволно за „производство“ на работници со знаење?

Земајќи предви дека информацијата сама за себе не значи ништо, без способноста на работникот да ја искористи за права цел, на право место и време, може да се каже дека во основа она што е најважно е преку образованието да се создадат индивидуи со знаење кои ќе можат информациите кои се достапни денес, на секое место во секое време, да ги искористат за постигнување на сопствените цели, целите на фирмата/претријатието, како и општеството во целина.

### *3.3. Болоњска декларација*

Болоњска Декларација е потпишана на 19 јуни 1999 година, во Италија, од страна на министрите за образование на 29 европски земји. Оваа декларација е клучен документ кој ја претставува појдовната точка во развојот на европското високо образование.(The Bologna Declaration: an explanation, https://bmbwf.gv.at/fileadmin/user_upload /Bologna_Grundsatzdok/Bologna_Declaration_explanation.pdf). Болоњската декларација е документ кој е доброволно потпишан од секоја земја потписничка, а која има за цел да го реформира системот на високо образование во земјите. Основата на Болоњската декларација е Сорбона декларацијата, која е потпишана

на 25 мај 1998 година, во Парис, од страна на министрите за образование на Франција, Германија, Италија и Обединетото кралство, на годишнината на универзитетот во Парис.

Основните принципи на Болоњската декларација се:

- Прифаќање на систем на степени кои се лесно препознатливи и лесно може да се споредат со цел да се промовира вработувањето на европските граѓани и интернационалната компетитивност на европскиот систем на високо обраозвание,
- Прифаќање на систем на основа на два циклуси, првиот е најмалку три години, соодветни на пазарот на труд и во повисокиот степен на образование како соодветно ниво на квалификации,
- Основање на систем на кредити - добиени исто така вон контекстотот на високо образование, препозаени од унивирзитетскиот систем, како соодветно средство за широка и распространета мобилност на студентите,
- Отстранување на останатите пречки за ефективна примена на правото на слободна мобилност и еднаков третман со особено внимание на: што се однесува до студентите – пристап до сите услуги поврзани со образование, што се однесува до професорите, истражувачите и административните работници, препознавање и валоризирање на периоди поминати во истражување во евроспки концепт, предавње и обука, без да се повредат правото на пензија и социјално осигурување,
- Промоција на критериуми и методологии за проценка на квалитет,
- Имплементација на неопходните европски димензии на просторот на високото образование, особено во контекст на содржината на курикулумите, интер-институционална соработка, шеми за мобилност и интегрирани програми за учење, обука и истражување. (The Bologna declaration, 1999)

Европските универзитети прифаќајќи го предизвикот, ја земаат главната улога во создавањето на европската област на високо образование, но и почитувајќи ги основните принципи поставени во Magna Charta Universitatum од 1988 година, чии основни принципи се автономноста и независноста на универзитетите во насока на овозможување и обезбедување на континуирано прилагодување на промената на потребите, барањата во општеството и унапредувањето на научните знаења.

Во однос на трасформацијата на високото образование односно создавањето на област на високо образование во Европа или како што би го нарекол Bourdieu „поле“, може да се каже дека ставовите на академската фела, но и на пошироката јавност, се поделени.

Во основа на декларацијата е прифаќањето на систем на степени и систем на циклуси соодветни на пазарот на труд. Освојувајќи ја власта во една земја, капиталот (денес т.н. бизнис) ги потчинува економскиот и духовниот суверенитет, а за да ја зацврсти сопствената надмоќ, го прилагодува и целокупниот систем на образование, претворајќи го во систем на обучување за она што нему му е неопходно за непречено да функционира, па тоа и строго контролирано го финансира (http://www.uzelac.eu).

Една од целите на Болоњската декларација е обезбедување на квалитет. За таа цел, од страна на министрите за образование во 2005 година, усвоен е т.н. „Стандарди и водичи за обезбедување на квалитет во областа на високото образование во Европа“ (Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area. 2015), а подготвен од страна на Европската асоцијација за обезбедување на квалитет во високото образование во соработка со Европската унија на студенти, Европската асоцијација на институции во високото образование и Европската асоцијација на универзитети. Основната цел на овој водич е да допринесе во заедничкото рабирање на обезбедувањето на квалитет за учење и предавање. Овој водич го користат институциите и агенциите за обезбедување на квалитет како референтен документ за интерно и екстерно обезбедување на системи за квалитет. При тоа, треба да се нагласи дека ова не се стандарди за квалитет ниту пак пропишуваат како процесите за обезбедување на квалитет се имплементираат. Тие само служат како водич, покривајќи ги областите кои се од витално значење за успешно воведување на квалитет и средина за учење во високото образование. пошироко гледано ја вклучува и рамката за квалификации во високото образование, ЕКТС и додатокот на диплома. Всушност, фокусот е на обезбедување на квалитет поврано со учењето и предавањето вклучително и средината за учење како и врската со истражувањата и иновациите. Дополнително, институциите (институции за високо обраозвание) имаат политики и процеси за да обезбедат и да го унапредат квалитетот на нивните активности и на други активности (како што се истражување и раководење). Терминот „обезбедување квалитет“ ги опфаќа сите активности во рамките на циклусот на континуирано подобрување (всушност обезбедување и зајакнување на активностите). Но, треба да се нагласи дека

имплементацијата на овие стандарди варира зависно од различниот концепт. Согласно тоа, квалитетот може да биде различно дефиниран и обезбедувањето квалитет треба да ги земе предвид различните перспективи. Главно, квалитетот е резултат на интеракција помеѓу професорите, студентите и институционалната средина за учење. Аналогно на тоа, обезбедувањетто на квалитет треба да обезбеди средина за учење во која содржината на програмата, моќностите за учење и средствата одговараат и соодветсвуваат со целите.

Од друга страна, целта на високото образование, дефинирани во препораките од Комитетот на министри, (https://www.coe.int/t/dg4/ highereducation /New s/ pubresEN.pdf), е да исполни многу различни цели, вклучително и подготовка на студентите за активно учество во општеството, за нивна идна кариера вклучително и вработување, поддржувајќи го нивниот личен развој, создавање на широка напредна основа на знаење и стимулирање на истражувањето и иновативноста.

Според досега наведеното, може да се каже дека, на институциите за високо образование им е дадена слобода да ги дефинираат целите на високото образование (почитувајќи ги основните принципи на Болоњската декларација, стандардите за обезбедување на квалитет во високото образование и препораките од Комитетот на министри), како и да обезбедат квалитет во наставата. Но, тука се отвора прашањето: Дали квалитетот го опфаќа само она што е дефинирано во овој контекст или квалитетот треба и може пошироко да се анализира и дефинира (со оглед на тоа дека е дадена и слобода во дефинирањето на квалитет)? Исто така, се поставува прашањето: Зошто со квалитетот не е опфатен квалитетот на знаење и не се поставени соодветни параметри? Не помалку важно прашање кое се отвора е: Дали правилно и во вистинска смисла се сфатени принципите на Болоњската декларација од страна на земјите потписнички и дали нивната примена е соодветна?

Неколку ставови во контекст на улогата на образованието:

Она што влијае на вреднувањето на знаењето кое се поседува е она што директно припаѓа како на епистемолошката дисциплина така и на образовната. (J. Adam Carter & Ben Kotzee,).

Доколку едукаторите тежнеат кон тоа нивните студенти да се стекнат со знаење, тогаш постигната е епистемолошката цел, пошироко гледана и сфатена кака давање на значење на знаењето. Социјалните услови на производството на знење се од суштинско значење за

олеснување на образовната цел насочена кон постигнување на независно размислување. (Robertson, E. 2009).

Културата има своја титула на интегритет – доделена од системот на образование - и свое педигре, мерено според супериорноста на интегритетот. (Bourdieu; 1984).

Во основата на образовната улога на образованието е создавањето на индивидуи со критичко и аналитичко размислување, со соспствен интегритет, култура, знаење, кои се носители на напредокот во општеството. Во Болоњската декларација, никаде овие основни постулати на образованието не се споменати. Развиените земји имаат поголем капацитет за апсорпција на високо образован кадар од неразвиените и земјите во развој, пред се поради големата миграција особено на високо образованите индивидуи. Неразвиените земји се само корисници на новата технологија која ја произведуваат развиените земји како „магацин“ на човечки капитал. Оттука, може да се каже дека со воведувањето на Болоњската декларација, се прави поголема поларизација и поголем јаз помеѓу развиените, неразвиените и земјите во развој. Исто така, може да се каже дека прифаќањето на систем на степени е всушност создавање на стручна работна сила за потребите на пазарот на труд, при тоа овозможувајќи полесна мобилност на работниците и полесно препознавање на нивните стручни вештини, компетенции и работно искуство стекнато како пракса во процесот на образовние и преку мобилноста. Воедно, може да се забележи дека е изоставена воспитната улога на образованието. Не може, а да не се запрашаме: Какви граѓани ќе создаде ваквиот систем на образование? Каде ќе заврши општеството воведувајќи вакво образование? Неминовно, дали хаосот е нашето секојдневие кое ќе биде и нашата иднина? Што со вредностите, кои ни беа пренесувани преку образованието? Кои ќе бидат вредностите на идните генерации, за кои оваа именка ѐ и ќе биде непозната?

Болоњската декларација овозможува создавање на стручни кадри, знак прашање е колку овозможува создавање на индивидуи кои ќе бидат носители на развојот и знак прашање е колку тие индивидуи може да ги задржи, доколку воопшто постои некаква можност да ги соодаде или пак привилегијата на „вистински вредно високо образование“ ќе остане само привилегија на богатите (индивидуи и општества), а останатите ќе бидат само производители на обична работна сила?

### *3.4. ЕКТС*

Кредит трансфер ситемот според водичот за ЕКТС начин на опишување на учењето ориентиран кон студентите. Преку кредитите се поврзува учењето со реузлтатите на основа на работата на просечен ученик во формалното образование. Истите резултати од учењето со иста вредност на кредитите може да се добие преку не-формалното образование и неформалното учење (ECTS USERS' GUIDE).

ЕКТС се воведува во 1989 година како пилот шема преку Ерасмус програмата.

Образованието е еден потсистем во социјалниот систем врз кој влијаат многу фактори во креирање на амбиент за квалитетно образование. Промените во високото образование кои се случуваат во нашата држава се делумно и како последица од воведувањето на Болоњскиот процес и ЕКТС системот, кој, како што покажуваат статистичките податоци осетно ја зголеми ефикасноста на студиите, ако подразбереме под тоа поголем број дипломирани студенти од запишаните и пократко време за завршување на студиите, и второ се направи сериозен напор во признавање на дипломите кои се стекнати на универзитетите во Македонија на европско ниво и на пазар на труд.

Во однос на литературата во која е застапена употребата и резултатите од кредит трансфер може да се каже дека не постојат многу податоци па аналогно на тоа и тешко е да се прави евалуација. На пример во Обединетото кралство овој концепт на кредит трансфер иако е широко разбран многу често не се следи во пракса (Pollard,Hadjivassiliou,Swift,Green;2017). Достапната литература, кога се пребарува за ЕКТС, се материјали најчесто од техничка природа, како и водичи за имплементација. Она што недостасува се документи кои се однесуваат на процесот на следење на имплементацијата како и резултатите од воведувањето на истиот.

ЕКТС е систем за акумулација и треанфер на кредити базиран на принцип на транспарентност на учењето, предавањето и процесите на пристап. Целта на овој систем е да се олесни планирањето, носењето и евалуцаијата на програмите за учење, како и мобилноста на студентите, преку препознавање на постигнувањата во учењето, квалификациите и периодите на учење. Кредит трансфер ситемот, според водичот за ЕКТС, е начин на опишување на учењето ориенти3ран кон студентите. Преку кредитите се поврзува учењето со реузлтатите на основа на работата на просечен ученик во формалното образование. Истите резултати од учењето со иста вредност на кредитите

може да се добие преку не-формалното образование и неформалното учење (ECTS USERS;2015;ECTS; 2007).

ЕКТС се воведува во 1989 година како пилот шема преку Ерасмус програмата, за после завршувањето на проектот како резултат да произлезат клучните елементи на ЕКТС (ЕКТС кредити, транспатентност и ЕКТС скала за оценување). Принципите на кои се заснова ЕКТС се четири односно:

1. Вредноста на студиите во странство;

2. Знаење од партнер институциите и доверба во иститe,

3. Волонтерски пристап во воведувањето и

4. Целосно препознавање на курсеви кои се завршени во странство со мобилноста на студентите (Markevičienė, Račkauskas;2008).

Клучните „делови“ на ЕКТС се: кредитите, исход од учењето, работа, алокација на кредити, наградни кредити, акумулација на кредити, трансфер на кредити и ЕКТС документација.

При дизајнирањето на програмите за високо образование ЕКТС служи како алатка за подобрување на транспарентноста и помага во пофлексибилен пристап во развојот и подготовката на курикулумот. При тоа треба да се води сметка за потребите на различните програми и за поддрка интердисциплинарни и мултидисциплинарни пристапи. При дизајн на програма, првата одлука која треба да се донесе се однесува на нивото на квалификации кои треба да се добијат, а кое се дефинира на основа на националното законодавство и постоечката рамка за квалификации на ЕУ. Постојат две рамки за квалификации на ниво на ЕУ:

1. Рамка за квалификации од областа на високото образование и

2. Рамка за квалификации за доживотно учење.

Преку ЕКТС бодвите се одредува всушност работата на студентите потребна за целите и резултатите на учењето. Тоа всушност претставува постапка за доделување на одреден број на бодови за стекната квалификација во текот на целата сатудиска програма или за дел од програмата. Покрај редовната настава треба да се земе предвид и времето кое е потребно на студентот за други допоплнителни анктивности. Имено, групна или тимска работа, семинарски, истражувачки проекти, презентации, лабораториски вежби, пракса, колоквиуми, испити итн.

Проблемот кај ЕКТС системот е тоа што е недовлно јасен што доведува и до тоа да најголем дел од дебатите и критиките се водат на оваа тема. Имено, соодветната примена и бодување во голема мера влијае на рамномерната распределба на оптеретувањето на студентите.

### *3.5. Мобилност на студентите*

Мобилност на студентите се дефинира како било која академска мобилност која се спроведува и одржува во оквир на програмите за студентските студии во пост-средното образование (http://www.educationalpolicy.org/ publications/pubpdf/credit.pdf(Student Mobility & Credit Transfer A National and Global Survey Sean Junor and Alex Usher June 2008).

Мобилноста на студентите која ја предвидува Болоњската декларација, и после толку години иако е дефинирана, сеуште не е доволно јасна и не се спроведува насекаде подеднакво. Со мобилноста на студентите, со која се наметнува променлив амбиент во образовниот процес и динамика, би требало да се зајакнат новите цели во образовните процеси како што се компетенциите, знаењето, и вештините на оние кои се вклучени во тој процес (Strategija mobilnosti do 2020. godine za Evropski prostor visokog obrazovanja, 2012).

Во заклучоци на „ Kominikeu iz Leuvena„ (Strategija mobilnosti do 2020.godine za Evropski prostor visokog obrazovanja, 2012) се поставува како цел мобилноста на студентите кои до 2020 година би требало најмалку 20% од студентите во Европа да бидат вклучени во мобилните проекти. Тоа значи да 20% од студентите во Европа се вклучат во Европскиот простор за високо образование и своите студии и приправничкиот стаж да го завршат во некоја друга земја на европската унија (Strategija mobilnosti do 2020. godine za Evropski prostor visokog obrazovanja, 2012**)**.

Според податоците на UNESCO кои ги следатод1990-91 се забележува голема мобилност на студентите во Канада. Според нивните податоци бројот на студенти кои студираат во странство постојано се зголемува и е скоро двапати поголем денес во однос на 1990-91 година. Во Канада мобилноста е на високо ниво и бројот на мобилни студенти кој во 90-91 изнесувал околу 20.000 студенти на терцијарно ниво, во 2001-02 е зголемен на околу 39.000.

Декларирањето и промоција за мобилност на студентите и не е толку едноставна. Иако целта на мобилноста на студентите е нивната размена во EXEA, за ширењето на мобилноста потребно е да се поминат препреките за да се создадат подеднакви услови во сите земји во ЕУ. Всушност се поставува прашањето за можноста на студентите за мобилност ако се земе во предвид нивната економската моќ и компатибилноста на специфичните програми во образованието во Р.Македонија и во останатите земји на Е.У. (Suman, 2005)?

Врз зголемување на мобилноста на студентите влијае информираноста за програмите за мобилност. На заинтересираните студенти треба да им се даде можност и програма која ќе соодветствува со нивната образование и потребара за усовршување. Во тој контекст е и истражувањето на Noe i sur. со кое се покажува дека на мотивација се зголемува доколку учесниците гледаат шанса за подобрување на своите знаења (Noe i sur. 2006).

Ако на мобилноста гледаме како процес за кој се јавуа потреба или интерес кај студентите заради задоволување на потребата за стекнување нови знаеања, тогаш битно е да бидат упатени и информирани за самиот процес на мобилност. На студентите потребно е да им се овозможат да стекнат знаења кои ќе им користат за мобилност. Во тој контекст се и предложените мерки за зголемување на мобилноста на студентите во **Bukurešt, 2012** година предложени се мерки за:

1. Проширување на финансирање на мобилноста како би се овозможило широко достапна преносливост на грантовите, кредитите и стипендиите кои ги дава,како и додатно подобрување на размена на информации за преносивост на националните грантови и кредити во Европскиот просторна високо образование.
2. Да се соработува со високошколските установи за да се зголеми квалитетот и релевантноста на мобилниот период со што ќе се овозможи да допринесат на високите академски стандарди, вработливоста како и на јазичните и интеркултурални компетенции на дипломците.
3. ЕУ да обезбеди средства за мобилност со соодветни финансирања преку своите образовни програми. Признаени се финансирања на мобилност од национални, регионални и приватни извори и обврска за промовирање на суфинансирање без да се доведува во прашање буџетот.

4. Ќе осигураме начелата на Лисабонската конвенција да се прифатат во националното законодавство и за признавање на квалификациите или кредити добиени на друго место да бидат водени и управувани на отворен и позитивен пристап.
5. Да се утврдат проблемите кај нас, како што е проблемот со издавање на виза, дозвола за престој и работа во областа на високото образование, и да се превземат мерки за да се олесни мобилноста. Работата на Европската комисија за следење на напредувањето на отклонување на препреките во оквирни рамки за мобилноста треба да послужи како пример.
6. Европската комисија предлага да се овозможи формирање на фонд за доделувањње додатни пензии за вработените во високото образование.

   Во таа сврха кај нас веќе постои изучување на два светски јазика но тоа се однесува само на задолжителнотот образование (Bukurešt, 2012).

Врз зголемување на мобилноста на студентите влијае информираноста за програмите за мобилност. Неинформираноста е можеби една од причините за слабата мобилност која би се подобрила ако има адекватни служби за давање подршка на студентите за мобилност.

На заинтересираните студенти треба да им се даде можност и програма која ќе соодветствува со нивното образование и потребата за усовршување. Во тој контекст е и истражувањето на Noe i sur. со кое се покажува дека на мотивација се зголемува доколку учесниците гледаат шанса за подобрување на своите знаења (Noe i sur.2006).

Ако на мобилноста гледаме како процес за кој се јавуа потреба или интерес кај студентите заради задоволување на потребата за стекнување нови знаеања, тогаш битно е да бидат упатени и информирани за самиот процес на мобилност. На студентите потребно е да им се овозможи да се стекнат со соодветни знаеања кои ќе им користат за мобилност. Во таа насока и Р.Македонија треба да превзема активности со кои ќе ги развива и спроведува сопствените стратегии и политики за мобилност која на на студентите треба да им овозможи полесно префрлување од еден во друг систем на образование. Ова не значи дека дипломите во различни земји треба да се идентични, туку треба да бидат поуедначени (http: // bolonjska .50webs.com/Istorijat.html).

Во Р.Македонија за остварување на мобилноста на студентите се предложени мерки со цел да се надминат пречките за слободно движење на студентите на европскиот простор, и да се даде можност за учење, да им се овозможи пристап до студиите и релевантните служби. **Предложените мерки се:**

- Зајакнување на наставниот кадар со меѓународно искуство;
- Развој на студиски програми што ќе се реализираат на еден од светските јазици;
- Развој на студиски програми што ќе овозможат трансфер на кредити за домашните и странските студенти. Развој на информативни центри кои ќе обезбедат јасни и лесно достапни информации за студентите во врска со можностите за меѓународна мобилност;
- Зајакнување на студентските стипендии;
- Градење на механизми за олеснување на преносливоста на ст ипендиите и кредитите;
- Надминување на пречките за моилност по пат на олеснување и добивање визи и дозволи за работа (Програма за развој на високото образование на Р.Македонија 2005).

Во 2005 година, само две години по потпишувањето на Болоњската декларација, Р.Македонија стана членка на CEEPUS мрежата за мобилност на студенти и академски кадара помеѓу високообразовните институции од земјите членки на Централна и Источна Европа. Постојат посебни програми за мобилност на студентите во регионот на Југоисточна Европа кои се спроведува од 1996 година се Joint Europian Project и ТЕМПУС кои доделиле 330 грантови за мобилност. Најголемо зајакнување на мобилноста може да се види во проектот за земјотресно инжењерство и инжењерската сеизмологија кое кој прво вклучи студенти од Албанија,Хрватска и Р.Македонија, за покасно да се постигне синергија преку проект за постдипломски студии финансиран од ДААД, кој вклучи студенти од седум земји: Албанија, Хрватска, Р.Македонија, Србија,БИХ,Бугарија и Црна Гора. Позитивните политики кои ги води Р,Македонија за интезивирање на мобилноста стануваат приоритет како за студентите така и за претставниците од студентските сојузи (Програма за развој на Високото образование стр.282). Во програмата за развој на Високото образование во Р.Македонија се нагласува дека мобилноста на студентите треба да овозможи непречен проток на студенти на

национално,регионално и интернационално рамниште што ќе обезбеди размена на идеи и соработка на полето на наставата и научно-истражувачката работа. Воедно со мобилноста ќе се постигне запознавање со други култури ии нови културни средини заради нивно запознавање и прилагодување на нови образовни и културни средини заради проширување на знаењата за истите култури.

Должината на мобилноста на студентите може да варира и да се однесува на цел програмски студиј или да се ограничи на дел од кредитниот мобилен програм. За кој програм ќе се одлучат студентите зависи од нивната мотивација за личниот развој, зголемувањето на академските можности или зголемување на перспективите во кариерниот развој. Она што се смета како битно во програмите за мобилноста на студентите е претпоставката дека окружувањето со други култури и разноврсното образование ќе им влијае врз зголемување на нивното поверение, зрелоста, јазичната компетенција и академските способности (http://www.educationalpolicy.org/publications/pubpdf/credit.pdf(Student Mobility & Credit Transfer A National and Global Survey Sean Junor and Alex Usher June 2008).

Мобилноста на студентите како било која академска мобилност треба да се реализира преку мерливи и реални цели, подобрување на алатки за пратење и следење и стратегија за информирање и промовирање на можностите за мобилност. Во зависност од тоа за што се заинтересирани студентите, дали е тоа јакнење на нивниот личен развој, зголемување на нивните академски можности или зголемување на нивните можности за кариерен развој, мобилноста може да се однесува на цел програм на студиите со што ќе се здобијат со диплома или мобилен степен, или кредитна мобилност која важи за дел од студискиот програм (Кинг 2004, Малисхева 2005) http://www .educationa lpolicy .org/publications /pubpdf/ credit.pdf(Student Mobility & Credit Transfer A National and Global Survey Sean Junor and Alex Usher June 2008).

### *3.6. Имплементацијата на Болоњскиот систем на Универзитетите во Република Македонија*

Последната декада во Македонија се карактеризира со процес на отворање на голем број на приватни Универзитети и факултети. Но, исто така карактеристтичен е и процесот на отворање на дисперзирани студии кој започна во учебната 2008/2009 година со кој во

скоро секој, а со цел да се доближи образованието до сите граѓани односно секој да има можност за високо образование без поголеми големи трошоци, како на пример сместување. Но, она што се поставува како прашање е дали секој треба да заврши факултет?

Клучниот момент во болоњскиот процес е создавањето на повисок квалитет, преку зголемување на ефикасноста и зголемување на мобилноста на студентите како и на акадамескиот кадар. Но, она што се покажа како недостаток се недоволните финансиски средства за реализација на овој систем. Воедно, недоволна и за научно-истражувачката работа, за која се поставува прашањето и колку воопшто ја има, но и за овозможуување на соработка помеѓу унверзитетите и стопанството, странските универзитети, вработување на дипломираните студенти итн.

Практичната реализација односно следливоста на имплементацијата на овој систем е дискутабилна. Досега скоро и да не постојат анализи за практичната реализација, не земајќи ја предвид самоевалуацијата на факултетите (Ацески И.:2016).

Според Болоњскиот систем, евалуацијата опфаќа надворешна евалуација и самоевалуација. „Во услови на се уште недовршен систем на надворешна евалуација во Република Македдонија, високообразовните институции, кои се под притисок на имплементација на Болоњските принципи и се во трка со растечката конкуренција во трендот на глобализација на високото образование, се исправени пред дилеми во однос на обезбедувањето квалитет. ... недостигот на квалитетен национален систем на надворешна евалуација во контекст на определување на спецификите од националниот образовен систем и позитивната традиција на високо образование, ги остава недовршени и нестабилизирани институционалните процеси на обезбедувањее нна квалитет на високо образовните установи во Република Македонија.“ (Ацески И.:2016, стр.67).

Реформите кои со Болоњската декларација се спроведуваат во Високото образование треба да создадат ``знаење`` потребно на човекот за опстанок во ``општество на знаење``.

Во минатото образованието се темелело на ,,мајсторите,, кои предавале, сами создавале примери и сами одлучувале за техниките на пренесување на знаењето. Во принцип не посттоел проблем со оцена на наставникот, во смисла на оперативно управување со процесот на образование (Paszek.1992;citirano prema: Biel, Paszek, 2003: 89).

### 3.7. Болоњскиот систем на образованието и пазарот на трудот

Системот на образование е основен институционалнен фактор преку кој младите ги развиваат своите знаења, вештини, и компетенции и добиваат формални дипломи за знаењето. Системот на образование влијае врз создавањето човечки капитал и на тој начин воедно дава подеднакви шанси на поединецот за конкуренција на пазар на трудот. Но образованието не е изолирано и треба да е насочено кон потребите на пазар на трудот. Според Болоњската декларација високото образование претставува услуга која се нуди на пазар на трудот (Rodin;2011).

Образованието е еден потсистем во социјалниот систем врз кој влијаат многу фактори во креирање на амбиент за квалитетно образование. Промените во високото образование кои се случуваат во нашата држава се делумно и како последица од воведувањето на Болоњскиот процес и ЕКТС системот кој како што покажуваат статистичките податоци осетно ја зголеми ефикасноста на студиите (доколку под тоа подразбереме поголем број дипломирани студенти од запишаните и пократко време за завршување на студиите) и второ се направи сериозен напор во признавање на дипломите кои се стекнати на универзитетите во Македонија на европско ниво и на пазар на труд. Не може, а да не кажеме дека и претходно повеќето дипломи од Универзитетот Св. Кирил и Методиј, беа признаени надвор од Македонија.

Според Löfven, светот на работата доживува големи промени кои влијаат на создавање на многу можности за повеќе и подобри работни места. Но, владите, трговските унии и работодавачите треба да работат заедно за еконимиите, и пазарот на труд да станат по инклузивни. Таквиот социјален дијалог може да да ја олесни глобализацијата (https://www.ilo.org/global/about-the-ilo/newsroom/news/WCMS_663006/lang--en/index.htm)

Образованието во 21 век потребно е да одговори на потребите на пазар на трудот кои се разликуваат од потребите на минатиот век. Денес, образованието треба да е чекор понапред и да ги следи останатите промени. Информатичката достапност на книги, учебници, литература, допринесува некои општи знаења да бидат достапни на секој поединец. Од тие причини и стариот систем на образование во некои сегменти е непотребен. Но, за образованието да влијае врз создавањето човечки капитал потребно е да има акумулирано знаење кое во процесот на работа континуирано ќе создава знаење, вештини,способности,посветеност и претприемнички дух потребни на пазар на

трудот. Всушност тоа е и почетната идеја на Болоњската декларација, преку високото образование да се влијае врз студентите и во текот на високообразовниот процес да се создаде вредност која студентите како вработени веднаш ќе ја наплаќаат на пазар на трудот. Човечки капитал се создава тогаш кога добиеното знаење, вештини, способност за самостојна работа, посветеноста, претприемничкиот дух создаваат вредност која вработениот ја наплаќа на пазар на трудот.

Образованието е општествен процес во кој младите членови на заедницата стекнуваат знаења и вештини потребни за процесот на работата кои се битни за нивната идна улога во општеството. Откако се извршила првата општествена поделба на работата образованието за работа станува водечки фактор на пазар на трудот (Sociološki leksikon;1982: 415).

Првите писмени записи за поделба на трудот во која образованието има значајна улога ги среќаваме кај Платон. Според Платон најучените луѓе во едно општество се филозофите и тие треба да ја водат државата. Она што е интересно е дека тој сметал дека со оглед на работата која ја вршат образованието за робовите е непотребно (Sociološki leksikon 1982: 415). Оваа поделба и размислување на Платон во многу подсетува на високото образование според Болоњската декларација денес. Поделба на професионални студии 3+2+3 и академски студии 4+1+3.

Првата колективна поделба на трудот ја среќаваме кај Аристотел (Fiamengo; 1973:17) кој ја организирал првата група на ученици, при тоа направил и прва поделба на работата.

Системот на образование е основен институционалнен фактор преку кој младите ги развиваат своите знаења, вештини, способности и компетенции и добиваат формални дипломи за знаењето. Системот на образование влијае врз создавањето човечки капитал на начин на кој системот на образование би се прилагодил за да ги образува младите за занимања кои се конкурентни на пазар на трудот.

Неприлагоденоста на образованието и пазар на трудот се должи на фактот дека повеќето од младите се образуваат за занимања со кои пазрот на труд е заситен. Деиндустријализацијата, распаѓањето на стариот систем на сопственост во земјата, новите глобални промени и иновациските технологии, повеќе се ориентирани кон секторот на услуги. Но, многу е битно и образовниот систем да го антиципира новиот циклус во кој

целиот регион најверојатно полека но сигурно влегува (Minić ,http://www.Slobodnaevropa.org/content/regionobrazovnisistemtrziste rada/24373315. html).

Процесот на транзиција во информатичко и комуникациско општество за студентите треба да значи образование за вработување во 21 век. развој на способности за самовработување, пронаоѓање, сочувување и промена на работа Завршувањето на студии и добивањето на диплома не значи автоматски и вработување. Она што се бара на пазар на трудот се вработени кои се адаптибилни на новите технолошки промени со што би биле и вертикално и хоризонтално мобилни. Универзитетите во таа насока треба да влијаат врз креирањето на работна сила која има адаптибилни способности според потребите на пазар на трудот. За да бидат конкурентни, според анализите на пазар на трудот, од студентите како идни вработени ќе се бара широк ранг на вештини од високо ниво како што се способност за критичко мислење, способност за решавање на проблеми, тимски играчи и вештини за донесување на одлуки и решавање проблеми. (Питиќ, Шеќибовиќ, Максимовиќ:2008).

Што точно се бара на пазар на трудот во 21 век освен интелектуалните способности?

Болоњскиот процес на реформи во Високото образование го означува преминот од индустриско во информатичко општество. Информатичкото општество уште е познато и како општество на знаење, учено општество, комуникациско општество. Без разлика на разните именувања едно е битни дека новото време е време на образование потребно за вработување. Конкурентноста на пазар на трудот подразбира способности да се пронајде, сочува саканата работа, да се промени во подобра или да се генерира самовработување. За таа цел потребно е брзо прифаќање и прилагодување на промените кои ги диктира пазар на трудот. Имплементацијата на Болоњската декларација е со цел да се создадат кадри со можност за вертикална и хоризонтална мобилност за потребите на единствениот европски пазар на трудот. Високото образование треба да понуди работна сила која ќе се адаптира во процесот на работа на брзите промени на новите форми на организација на работата како резултат на новите технологии во процесот на работа. Од тој аспект високото образование треба да ги задоволи и потребите на студентите и потребите на пазар на трудот. Студентите треба да се здобијат со знаење кое на пазар нат трудот ќе биде вреднувано како човечки капитал Од друга страна организациите треба да ги задоволат своите потреби од работна сила која ќе биде во можност да се адаптира на

брзите промени на потребите на пазарот и во окружувањето. Само завршеното Високо образование не подразбира и конкурентност на пазар на трудот. Треба да се соединат образованието, работното место, компетенциите кои поединецот може да ги пренесува од една работа на друга.

Образованието во 21 век треба да одговори на потребите на пазар на трудот кои се разликуваат од потребите во минатиот век. Денес, образованието треба да е чекор понапред и да ги следи останатите промени. Така, информатичката достапност на книги, учебници, литература, сето тоа допринесува некои општи знаења да бидат достапни на секој поединец. Од тие причини и стариот систем на образование во некои сегменти е непотребен. Но, за да се создаде човечки капитал, потребно е акумулирано знаење кое во процесот на работа континуирано ќе создава знаење, вештини, способности, посветеност и претприемнички дух потребни на пазар на трудот. Новините кои ги носи новото општество е свет на софистицираност и повеќе значност. Образованието треба да претставува основа за понатамошно делување. Влијанието на образованието врз создавањето човечки капитал ќе биде во зависност од способноста преку образовниот процес да се обединат потребните елементи за конкурентност на пазар на трудот како што се Мобилноста на работната сила, флексибилните работни места, вработени кои ќе комуницираат и работат независно, знаење, вештини од високо ниво и способности како што се критичко мислење, решавање на проблеми, тимска работа и способност за донесување на одлуки. Концептот за човечки капитал во 21 век е знаење, вештини, способност за самостојна работа, адаптивност во процесот на работа. Со Високото образование добиеното знаење, вештини, способноста за самостојна работа, посветеноста, претприемничкиот дух треба да создаваат вредност која вработениот ќе ја наплаќа на пазар на трудот. Според претходното концептот за високото образование треба да влијае врз создавање и развој на:

►интелектуалните способности;

►општествените и интерперсонални вештини и знаење ( во кои спаѓаат: комуникацијата, тимската работа, процесите на донесување на одлики, превземање на одговорност);

►посветеност кон работата;

►претприемнички дух( претприемничко знаење, способност, креативност, иновативност, самовработување;

►технички вештини, способности и знаење (Питиќ:2008).

Успешното имплементирање на Болњската декларација е можно само ако има соработка меѓу универзитетот, образовната политика и економијата.

Она што ќе се бара од идните апликанти на пазар на трудот (според истражување на CEDEFOP (European Center for Development of Vocational Training, 2008) се дипломирани студенти со комуникациски вештини, 88% 86% 82% 86%,

тимска работа 85% 84% 84% 85%

интегритет 81% 86% 82% 83%

интелектуални вештини 81% 84% 78% 81%

Се намалува заинтересираноста на пазар на трудот за вработени со способности и вештини од типот на пишување и рачунање. Па така заинтересираноста најмногу се движи околу вработени кои имаат образование но и знаење за веднаш да го пренесат во практино работење.Од Високообразовните установи во иднина ќе се бара да воспостават нови облици на образование со воведување пракса и увежбување, тренинг за да се работи тоа што се учи *(learning by doing*).

За да се остварат вакво високо образование потребна е сосема друга интеракција на односот професор-студент, но и соработка и поврзаност на потребите на пазар на трудот до високообразовните установи. Потребите од работна сила треба да бидат во координација со образовниот систем. Тоа значи новиот систем на образование кој ќе овозможи интерактивна работа, симулација,тренинг и вежби во пракса на она што се учи.

На ЕУ пазар на трудот се бараат вработени кои одма по завршеното високо образование ќе можат да се вклучат во процесот на работа, па од тие причини во текот на образованието треба да се усвојуваат не само теоретски знаења туку и вештини испособности за адекватно обавување на идната работа. Високо образованите кадри треба да имаат способност и за практична работа, бидејќи по нивното завршување се очекува да знаат и да работат бидејќи тие се стручни за областа во која се образуваат (Ricijaš, Huić i Branica, 2007). Ramsden :2004; според: Marinović, 2013).

Во минатото, студентите имале подруги искуства во текот на образованието, и различни очекувања по завршување на високото образованието, па од тие причини и самата перцепција има битна улога во обликувањето на студентското учење и со тоа и

усвојувањето на знаење и способности и вештини се менува. (Ricijaš, Huić i Branica, 2007;. Ramsden 2004; prema: Marinović, 2013.)

Она што треба да се менува и на што се упатени приговорите во високото образование е недоволното практично образование во текот на студирањето. Стандардните приговори кои се упатуваат на високото образование е недоволната припрема за практична работа со оглед што од високообразованите кадри се очекува да бидат и стручни во своето знаење. (Herzog, 2014).

Својот став за незадоволството од примената на Болоњскиот процес јавно го искажа Ivo Josipović, (поранешен претседател на Хрватска и професор), истакнувајќи дека неуспешната имплементација на Болоњската декларација е несупех не само на универзитетот, туку и на образовната политика и на економијата. Подеднакво влијание за неуспехот на Болоња има економијата и јавниот сектор кои не го поддржале болоњскиот концепт на образование со соодветни работни места. Тој исто така, го истакнува проблемот со поврзувањето на студиите со пазарот на труд, особено нагласувајќи ги нејасните класификации (ANDREA BARAĆ, 2014.).

Vlado Guberec, декан на Земјоделски факултет во Осјек, истакнува дека пазарот на труд не ги препознава три годишните студии, туку ги третира како виша стручна подготовка. Од таа причина многу студенти по завршувањето на три годишните пред дипломски студии продолжуваат на уште две годишни дипломски студии. На тој начи, наместо да се намали се зголемува времето на студирање (https://srednja.hr/studenti/vijesti/desetljece-bolonje-u-hratskoj-zasto-nije-ispunila-ocekivanja/)

Vlatka Cvrtil, декан на VERN, смета дека по формата се слични со другите земји, но во содржината и квалитетот не е сигурен дека го постигнале очекуваното (https://srednja.hr/studenti/vijesti/desetljece-bolonje-u-hratskoj-zasto-nije-ispunila-ocekivanja/).

Според прашалник спроведен во Хрватска, поголем дел од студентите се изјасниле дека бараат да се воведе правата Болоња и да се исфрлат сите недостатоци од сегашниот „хибриден“ облик, но многу од студентите се изјасниле и дека сакаат да се врати стариот програм за учење. (https://srednja.hr/studenti/vijesti/desetljece-bolonje-u-hratskoj-zasto-nije-ispunila-ocekivanja/)

За имплементацијата на Болоња спроведено е истражување на неколку илјади матуранти и студенти. Резултатите од спроведеното истражување се поразителни. На основа на ниските оцени на студентите за факултетите може да се заклучи дека во Болоњската декларација постојат сериозни недостатоци како фактот дека првостепената

диплома не им овозможува запослување, бидејќи оние кои ќе завршат ги сметаат за недоволно писмени и недоволно способни за работа па скоро сите одат на магистерски (https://srednja.hr/studenti/vijesti/desetljece-bolonje-u-hratskoj-zasto-nije-ispunila-ocekivanja/.

Исто така, истражување спроведено на неколку илјади матуранти и студенти во однос на тоа дека се повеќе студентите даваат ниски оценки за факултетите, се доаѓа до заклучок дека постојат недостатоци во Болоњскиот процес, но и фактот дека првостепената диплома не им овозможува запослување, бидејќи оние кои ќе завршат пред дипломски студии ги сметаат за недоволно писмени и недоволно способни за работа. (https://srednja.hr/studenti/vijesti/desetljece-bolonje-u-hratskoj-zasto-nije-ispunila-ocekivanja/

За промена на високото образование и прилагодување кон пазар на трудот не може да се изврши само со имплементација на Болоњската декларација. За прилагодувањето кон пазар на трудот можно и потребно е да се извршат промени во долгорочни промени во целото општество и на долгорочен план да се создаде претприемничко опкружување и да се подигне претприемничкиот дух (http://www.slobodnaevropa.org/content/region obrazovni sistem_trziste_rada/24373315.html).

Во моментот се наоѓаме во пресвртна ситуација: нови работни места, работа од дома, скратено работно време, влез на новата генерација на пазарот на труд т.н. Милениалс, границите повеќе не постојат – работите во една земја-живеете во друга, 3Д принтање, интернет комуникација итн. Дигиталната економија нуди многу можности и дава многу придобивки, секако постојат и недостатоци кои тешко е уште сега да се видат, но најголем предизвик е како да се усогласи напредокот на технологијата со пазарот на труд, а при тоа да се избегнат не саканите последици како губење на работното место, приходите, социјалната сигурност и сл. Ова е предизвик за сите земји, а клучната улога ја има образованието. Но, со оглед на фактот дека потребно е повеќе време за да се прилагодат образовните програми и да се создаде кадар, тој период на недостаток на соодветна работна сила се пополнува со обуки, преквалификации и сл. Секако дека тоа не е доволно и не може обуката да го замени образованието, но во овој хаосен период во моментот тоа се нуди како најсоодветно решение за бизнисите. Оттука и бизнис секторот, менаџерите на компаниите особено големите компании постојано инсистираат на промена на образовниот систем во насока на задоволување на нивните потреби од работна сила. Денес, компаниите имаат многу поголем пристап до капитал отколку до работна сила со соодветни вештини, што за компаниите претставува проблем. Ако поседувањето на

вештини до сега беше потреба само за врвниот менаџмент, денес станува потреба на сите нивоа. Успехот на компаниите всушност ќе биде преку инвестирањето во создавање и надградување на вештините на вработените.

Доколку погледнеме во светската економија, кои работни места се зголемуваат ќе видиме дека се повеќе расте бројот на „STEM“ работни места односно наука, технологија, инженерство и математика и од друга страна услужните дејности. Во индустријализираниот свет најголем дел од работните места се во услужните дејности (учители, негувателки и сл.), не во науката (https://www.weforum.org/events/world-economic-forum-annual-meeting/sessions/new-collar-jobs). 90% од работните места ќе бидат различни, а 10% ќе се укинат. Имено, доаѓа до промена на работните места и онаму каде што е можно со обука и преквалификации да се пренасочат луѓето не претставува голем проблем за компаниите како и за општеството. Она што претставува проблем се оние луѓе кои не можат да се вклопат, па одговорноста се префрла на корпорациите за преквалификации, обуки и доживотно учење кои треба да им ги овозможат на вработените. Од друга страна, со оглед на тоа дека постои загриженост од губење на работното место кај повеќето луѓе, синдикатите на светско ниво потенцираат дека треба да се овозможи на секој вработен сигурна работа, социјално осигурување и сл. Компетитивната предост на компаниите ќе биде во искористување на потенцијалите односно човечкиот капитал со кој располагаат и во континуирано вложување во учење, обуки и др. Се поставува прашањето кој (владата, корпорациите, работниците, идните генерации) каква одговорност ќе има во премостување на овој период, но и во иднина?

Според тоа, промените и потребите во иднина ќе одат во правец на создавање на образование кое ќе влијае врз создавање на адаптивни способности на студентите кое ќе биде во согласност со барањата на пазарот на труд. Но, поседувањето диплома само по себе нема да значи и запослување бидејќи запослувањето многу повеќе ќе зависи од способностите на поединецот да ги пренесе клучните компетенции од една на друга работна позиција.

Се на се гледано, образованието теба да си ја задржи основната функција на создавање на добра основа и развивање на способностите за критичко и аналитичко размислување кај луѓето, која потоа ќе овозможи лесно прилагодување во работата.

Она што е исто така важно и треба да се потенцира е културата за доживотно учење, која во секоја земја е различна. Холандија е меѓу петте земји во ЕУ според степенот на учество во доживотно учење, на прво место е Данска. Најголемо учество во овие програми имаат високо образованиете индивидуи и оние кои работат во финансиските сектори, додека пак работниците најчесто учат како да ги подобрат своите професионални вештини или да ги зголемат перспективите за кариера. (https://www.cbs.nl/en-gb/news/2016/07/the-netherlands-in-european-top-5-of-lifelong-learning-).

Дигитализацијата има големо влијание во пазарот на труд од аспект на потребните вештини на работната сила. Се повеќе се бараат компетенциите како решавање на проблеми, комуникативност, критичко размислување, трансфер на знаење, тимска работа и сл. Така да, покрај дигиталните вештини во иднина се повеќе ќе се потенцираат т.н „soft skills“ или интерперсонални вештини.

Може да се каже дека, пресвртниот момент во кој се наоѓа светот сега, владите, корпорациите, работниците, образованието, момент на хаос, ќе треба време да се стабилизира и да се фати правилниот правец, секој да си ја најде својата улога и место, за да може да се вклопи во т.н. нов начин на учење. Она што се уште останува дискутабилно, на светско ниво, е како да се прилагодиме, што со работната сила за која треба повеќе време или не може да се прилагоди, што со стресот кој го доживуваат работниците кои стрепат за своето работно место, а истото се укинува, што со идните генерации, а кои се сега во транзициски период на образовниот систем, дали образованието нуди доволно за овие генерации да може лесно да влезат на пазарот на труд, итн.?

Имплементирањето на Болоњскиот систем се соочува со истите проблеми со кои се соочуваат сите реформи во образованието. Почетните реформи не значат секогаш и успех дека болоњскиот систем создава човечки капитал. Но, во 1999 година како одговор на обединетиот европски пазар на трудот да се превземат и првите чекори во создавањето ЕЕОП.

Она што е значајно е дека во период на големи општествено економски промени се почнува со промени во работната сила и образованието. Пример за големи реформски промени во образованието е реформата која ја направил Јан Амос Коменски.

Единствениот европски пазар на трудот и новините кои ги носи новото општество е свет на софистицираност и повеќе значност. Високото образование треба да претставува

основа за понатамошно делување. Концептот на човечки капитал во 21 век преку Болоњската декларација „го прилагодува целокупниот систем на образование претварајќи го во систем на обучување кој му е неопходен за несметано функционирање (Узелац; 2013:6).

### *3.8. Болоњсиот процес на образованието и квалиетот на знаењето*

Поимите „квалитет“ и „образование“ многу често се употребуваат во секојдневниот живот. Но, она што е важно е прашањето: „Што е квалитетно образование?“.

Квалитетот може да се дефинира на повеќе начини.

Според *Dictionary.com* квалитет е супериорност, достигнување, добра или висока социјална позиција итн. *(https://www.dictionary.com/browse/quality).*

Квалитет е кога организација одговара на барањата на сите учесници во ланецот на производство – од подобрување на производите, услугите, системите и процесите до обезбедување на сигурнст дека целата организација е ефективна. (https://www.quality.org/article/what-quality)

Квалитет е кога се постигнуваат минималните барања на специфичен стандард односно квалитет е специфичен обем на изведување. (https://www.lifetime-reliability.com/cms/free-articles/work-quality-assurance/what-is-quality/)

Според Интернационалниот стандард за квалитет ISO 8402:1994 (E/F/R), квалитет е вкупните карактеристики на организацијата, институцијата, бизнис, претпријатие и сл. кои допринесуваат во задоволување на потребите. (International Standard ISO 8402:1994 (E/F/R), Quality management and quality assurance – Vocabulary)

Со препораките од Комитетот на Министри (Recommendation CM/Rec(2012)13) целта е да се обезбеди квалитетно образование за сите индивидуи и да се дефинира улогата на јавните институции во постигнувањето на оваа цел, како и прилагодување на барањата на модерното општество. Со препораките се опфатени сите форми на формално и неформално образование. Во овој смисол, под квалитет на образование се подразбира: 1. Пристап до образование за секого, 2. Безбедна околина за учење, 3. Развој на личноста, талентите, менталните и физички способности на секој ученик/студент и нивно

охрабрување да ги завршат образовните програми, 4. Промоција на демократија, почит кон човековите права и социјална правда во средината, 5. Овозможување на секој студент/ученик да развие соодветни компетенции, самодоверба и критичко рљазмислување со што ќе се помогне да станат одговорни граѓани и ќе се подобри вработувањето, 6. Пренос на универзалните вредности и вредностите на локалната култура, а при тоа подготвувајќи ги да носат и сопствени одлуки, 7. Сертификација на формалното и неформално учење на транспарентен начин на основа на фер пристап овозможувајќи стекнатото знаење и компетенции да бидат препознаени за понатамошните студии, вработување и за други цели, 8. Квалификувани учители кои се посветени на континуиран професионален развој, 9. Без корупција. (стр.3)

Согласно препораките, под јавна одговорност се подразбира оговорност на јавните органи (национални, регионални, локални и комбинација) во различни земји и на различни новоа на образование. Додека пак, под јавни органи се подразбира секое тело, орган, субјект или друга организација, на било кое ниво, која може да брзи надзор, надгледување или да носи одлуки, како претставник на популацијата на територијата на која делува, не зависно од нејзиниот легален статус. Јавен орган може да биде кометентен на локално, регионално или национално ниво, соглано уставот на земјата.

Вака претставен квалитетот на образование може да се сфати како широка можност за пристап до образование за секого и на секој начин, а при тоа да секој тип и начин на образование да се признае, што од една страна е добро бидејќи учењето и знаењето ќе бидат достапни за секого. Но, она што е дискутабилно се критериумите за квалитет на знаење?

Постојат многу начини на дефинирање на квалитетот што најчесто создава конфузија и недоразбирање.

Во општество на знаење, каде знаењето е конкурентска предност, квалитетот во образованието логично ќе биде квалитетот на знаење кое се стекнува во текот на образованието. Со оглед на тоа дека, човечкиот капитал се создава преку процесот на образование и земјаќи предвид дека „***човечкиот капитал е целина, која ги опфаќа сите продуктивни особнини кои ги поседува човекот, образованието, знаењето, вештините, компетенциите, искуството и мотивацијата, кои му овозможуваат овие особини да ги претвори во корисна работа од која ќе има поголема економска***

***корист и поголема продуктивност, за себе, за средината во која живее и за целото општество“ (***Михајловска-Ѓошиќ, Славица. 2018)**,** квалитетот на знаењето ќе биде поврзан со сите наведени особини кои ги поседува индивидуата, а кои влијаат на зголемување на продуктивноста.

Инвестициите во образование и нивното влијание врз економскиот раст, материјалната состојба и сл. ја покажуваат повеќе истражувања но подеднакво важни се и инвестициите во квалитетно образование и нивното влијание. Lewis Solmon истакнува дека квалитетот на образованието има поголеми ефекти врз промените во когнитивниот и бихеиворален развој кај студентите во земјите во развој отколку во развиените земји. Исто така, покажува дек квалитетот на образование влијае на животната заработувачка кај сите студенти независно од степенот на развој на земјата. Тој заклучува дека, дека долгорочно гледано, квалитетот на образованието за идниот развој на земјите во развој може да биде поважен од широкиот пристап до образование со низок квалитет. Bruce Fuller (1986), земајќи го Мексико како пример, на основа на податоци од различни периоди, од 1880 до 1945 година, како и земји кои инвестираат во квалитет на образование на различно ниво, покажува дека земјите и заедниците кои инвестираат повеќе во квалитетно образование на нивните деца имаат поголем степен на развој или повисоко ниво на економски развој во повеќе сектори една декада подоцна. (Fuller, B. 1986).

Во литературата, образованието се оврзува со економскиот раст и заработувачката, најчесто мерено преку годините поминати во процесот на образование, додека пак се занемарруваат квалитативните разлики во знаењето, со што во суштина се занемарува основната улога на образованието. Преку когнитивните вештини, кои се земаат за мерка за квалитет на обрзованието, се покажува дека недостатоците во образованието во развиените земји се поголеми. (Hanushek, A. E. Wößmann, L. 2007)

Образованието, генерално, може да се земе како активност која континуирано се спроведува во општеството и неговите цели и методи зависат од природата на општеството во кое се одвива тој процес. Оттука, може да се каже дека образованието е „осетливо“ на времето, местото и околностите. Пред се, поради тоа што образованието е постојано подложно на промени и прилагодување на новите барања и потреби.

Според *Prof S.G.N Eze (2009*), квалитетното образование теба да ги соджи следните услови:

- Ученици/студенти кои се здрави, добро нахранети и спремни да учествуваат и учат, но исто така да бидат поддржани во учењет од своите семејства и средината во која живеат,
- Средина која е здрава, безбедна, полово сензитивна и заштитнички поставена, но во исто време да обезбедува соодветни ресурси,
- Содржина кој се рефлектира во курикулумите и материјалите, а која овозможува достигнување на основни вештини, особено во однос на пишување, читање, математика како и вештини за животот воопшто и знаења во области поврзани со прашањата за пол, здравје, исхрана, здравствена заштита и мир,
- Процес преку кој обучените професори користат техники насочени кој учеиците во училници и училишта со добар менаџмент, како и пристап кој го олеснува учењето и ги намалува разликите,
- Резултати кои опфаќаат знаење, вештини и ставови, а се поврзани со националните цели за образование и учество во општеството. (Eze, S.G.N, 2009: 2-3)

Според тоа, земајќи предвид дека, квалитетот може да се дефинира на различен начин и дадена е слобода во неговото интерпретирање, од една страна, но од друга страна се наметнува начинот на имплементирање согласно поставените цели во политиката за образование како и согласно поставената дефиниција за квалитет. Генерално, квалитетот на образованието дава широка можност секоја земја да си постави свои параметри односно критериуми за квалитет, при тоа водејќи сметка за овозможување на пристап до образование за секого, здравствената сосотојба на учениците и професорите, здава средина за учење, овозможување на материјални услови за настава и поволна средина за учење итн. Со оглед на тоа дека, секоја земја се разликува во степенот на развој, овозможувањето на квалитет во образованието ќе зависи и од степенот на развој на земјата. Имено, инвестициите во квалитет треба да се гледаат како инвестиции во материјални средства и инвестиции во креирање на квалитетни наставни програми (курикулуми кои ќе овозможат стекнување не само на основни знаења и вештини, туку и на напредни знаења и вештини, а кои воедно ќе ги развиваат и когнитивните вештини и ќе овозможат вклучување на секоја индивидуа во општествениот живот). Имено, квалитетното образование треба да овозможи и подобрување на квалитетот на живот на

секоја индивидуа, а општеството треба да создаде еднакви услови и можности за секоја индивидуа да може да партиципира во тој процес.

## Емпириски резултати

# 4. Емпириски резултати од истражувањето

Емпириските резултати од истражувањето овозможуваат да се види колку промените во системот на високото образование предизвикани од имплементацијата на болоњската декларација влијаат врз создавањето на човечкиот капитал.

За остварување на целите на истражувањето креиран е прашалник кој се состои од 76 прашања. Прашалникот е спроведен во втората половина на месец мај во 2017 година, на четири факултети – три државни и еден приватен - во Република Македонија, со вкупна опфатеност од 270 испитаници.

Добиените податоци од прашалникот се обработени во SPSS.

### *1. Ставови за избор на факултет*

Одлуката дали ќе се оди на факултет и на кој факултет е една од битните фактори кои влијаат врз иднината на студентите а со тоа и врз создавањето човечки капитал. Врз изборот на кој факултет ќе се запише студентот влијание имаат повеќе фактори. Изборот на факултет ни е важен за да видиме каков е интересот на студентите и колку од студентите запишале тоа што сакаат да студираат. Во прашалникот поставени се прашања за кои сметав дека ќе дадат реална слика за ставовите на студентите за изборот на факултет.

**Табела 1:Дали студирате тоа што стварно го сакате или тоа Ви се наметна по сила на околности ?**

| Дали студирате тоа што стварно го сакате или тоа Ви се наметна по сила на околности | Факултет | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Економски | ПМФ | ФОН | Социологија | Вкупно |
| Студирам тоа што сакам | 62<br>82.7% | 66<br>86.8% | 67<br>89.3% | 34<br>77.3% | 229<br>84.8% |
| Не студирам тоа што сакам | 5<br>6.7% | 6<br>7.9% | 4<br>5.3% | 10<br>22.7% | 25<br>9.3% |
| На почетокот кога се запишував како и сега не ми е важно | 8<br>10.7% | 4<br>5.3% | 4<br>5.3% | 0<br>0.0% | 16<br>5.9% |
| Вкупно | 75<br>100.0% | 76<br>100.0% | 75<br>100.0% | 44<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2 = 16.671$ C = 0.241**

Податоците од оштата дистрибуција покажуваат дека најголем дел од испитаниците (84,8%) се определиле за модалитетот **„Студирам тоа што сакам“.** 9,3% од испитаниците се изјасниле за модалитетот **„Не студирам тоа што сакам“** и 5,9% од

испитаниците се изјасниле за модалитетот **„На почетокот кога се запишував како и сега не ми е важно“.**

Вкрстените податоци според факултет не покажуваат значително отстапување во однос на општата дистрибуција.

**Табела 2: Дали средното училиште кое го завршивте Ве подготвило доволно за факултет?**

| Дали средното училиште кое го завршивте Ве подготвило доволно за факултет | Факултет | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Економски | ПМФ | ФОН | Социологија | Вкупно |
| Сосема доволно | 35<br>46.7% | 32<br>42.1% | 27<br>36.0% | 14<br>31.8% | 108<br>40.0% |
| Само малку | 31<br>41.3% | 24<br>31.6% | 22<br>29.3% | 16<br>36.4% | 93<br>34.4% |
| Ни малку | 5<br>6.7% | 13<br>17.1% | 20<br>26.7% | 14<br>31.8% | 52<br>19.3% |
| Не знам | 4<br>5.3% | 7<br>9.2% | 6<br>8.0% | 0<br>0.0% | 17<br>6.3% |
| Вкупно | 75<br>100.0% | 76<br>100.0% | 75<br>100.0% | 44<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2$ = 20.134 C = 0.263**

Фреквенцијата на одговорите покажува дека мнозинството од испитаниците се изјасниле за модалитетот „ **Сосема доволно**“ кој опфаќа 40,0% од одговорите, 34,4% од испитаниците се изјасниле за модалитеот „**Само малку“**, а најмалку од испитаниците (19,3%) се изјасниле за модалитеот **„ Ни малку“.**

Вкрстените податоци податоци покажуваат статистички значајна корелација во однос на факултет, претходно завршено образование и успех на студии.

Според **факултетот** на кој студираат испитаниците отстапување од општата дистрибуција (19,3%) постои во однос на модалитетот „**Ни малку**“ за кој се изјасниле најмалку од испитаниците со економски факултет (6,7%), а најмногу од испитаниците од факултетот социологија (31,8%).

Во однос на **претходно завршено образование** отстапување од општата дистрибуција (34,4%) се појавува кај модалитетот „**Само малку**“ за кој се изјасниле 22,6% од испитаниците од друго средно училиште. (Види: Прилог, табела 3)

Во однос на **успехот на студии** вкрстените податоци покажуваат значително отстапување во однос на оштата дистрибуција (40,0%) кај испитаниците кои имаат успех над 9. Имено, најголем дел од испитаниците (63,3%) се изјасниле за модалитетот **„Сосема доволно“**, а најмалку од нив (12,2%) се изјасниле за модалитетот **„Само малку“.**(Види: Прилог, табела 4)

**Според тоа, најголем дел од испитаниците сметаат дека средното училиште ги подготвило доволно за факултет. Најмногу од испитаниците со успех на студии над 9 се изјасниле дека средното училиште сосема доволни ги подготвило за факултет.**

**Табела 5: Степен на образование на таткото**

| Степен на образование на таткото | Факултет | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Економски | ПМФ | ФОН | Социологија | |
| Основно | 5<br>6.7% | 4<br>5.3% | 13<br>17.3% | 4<br>9.1% | 26<br>9.6% |
| ССС | 34<br>45.3% | 45<br>59.2% | 23<br>30.7% | 29<br>65.9% | 131<br>48.5% |
| Високо | 36<br>48.0% | 27<br>35.5% | 39<br>52.0% | 11<br>25.0% | 113<br>41.9% |
| Вкупно | 75<br>100.0% | 76<br>100.0% | 75<br>100.0% | 44<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2$ = 22.676  C = 0.278**

Општата дистрибуција покажува дека најголем дел од испитаниците (48.5%) се изјасниле за модалитетот „**ССС**“, 41.9% се изјасниле за модалитетот „**Високо**“ и 9.6% од испиитаниците се изјасниле за модалитетот „**Основно**“.

Вкрстените податоци покажуваат статистички значајна корелација во однос на факултетот и успехот на студии.

Вкрстените податоци според **факултет** покажуваат отстапување од општата дистрибуција кај модалитетот „**ССС**“ и „**Високо**“. Натпросечен дел од испитаниците на социологија се изјасниле за модалитетот „**ССС**“ (65.9%). За овој модалитет се изјасниле 59.2% од испитаниците на ПМФ и 30.7% од испитаниците на ФОН. Натпросечно отстапување во однос на општата дистрибуција (41.9%) се појавува кај испитаниците од

ФОН. Најголем дел од испитаниците на ФОН (52.0%) се изјасниле за модалитетот „**Високо**". За овој модалитет се изјасниле 25.0% од испитаниците на социологија.

Во однос на **успехот на студии**, вкрстените податоци покажуваат отстапување кај испитаниците со успех на студии над 9 и 6-7. Најголем дел од испитаниците со успех на студии над 9 се изјасниле за модалитето „**Високо**" (53.1%). Најмал дел од испитаниците кои се изјасниле за овој модалитет (23.8%) се со успех на студии 6-7. Најголем дел од испитаниците со успех на студии 6-7 се изјасниле за моалитетот **„ССС"** 66.7%. (Види: Прилог, табела 6)

**Според тоа, во однос на прашањето степен на образование на таткото, најголем дел од испитаниците се изјасниле за модалитетот ССС и тоа најголе дел од испитанците се на факултетот социологија, потоа на ПМФ и на ФОН. Најголем дел од испитаниците на ФОН се изјасниле дека степенот на образование на таткото е високо.**

**Табела 7: Степен на образование на мајката**

| Степен на образование на мајката | Факултет | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Економски | ПМФ | ФОН | Социологија | Вкупно |
| Основно | 7<br>9.3% | 4<br>5.3% | 9<br>12.0% | 6<br>13.6% | 26<br>9.6% |
| ССС | 32<br>42.7% | 44<br>57.9% | 30<br>40.0% | 28<br>63.6% | 134<br>49.6% |
| Високо | 36<br>48.0% | 28<br>36.8% | 36<br>48.0% | 10<br>22.7% | 110<br>40.7% |
| Вкупно | 75<br>100.0% | 76<br>100.0% | 75<br>100.0% | 44<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2$ = 13.330 C = 0.217**

Во однос на степенот на образование на мајката општата фреквенција на одговорите покажува дека најголем дел од испитаниците (49.6%) се изјасниле за модалитеото **„ССС"„** 40.7% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „**Високо**", а 9.6% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „**Основно**".

Вкстените податоци покажуваат отстапување во однос на факултетот. Најголемо отстапување во однос на општата дистрибуција (49.6%) се појавува за модалитеот „**ССС**“ за кој се изјасниле 63.6% од испитаниците на факлултетот социологија.

**Според тоа, најголем дел од испитаниците се изјасниле дека степенот на образование на мајката е ССС и тоа најголем дел од испитаниците се на факлутетот социологија.**

**Табела 8: Наведете го занимањето на Вашиот татко**

| Наведете го занимањето на Вашиот татко | Факултет | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Економски | ПМФ | ФОН | Социологија | Вкупно |
| Државен службеник | 57<br>76.0% | 43<br>56.6% | 37<br>49.3% | 17<br>38.6% | 154<br>57.0% |
| Приватна фирма/бизнисмен | 10<br>13.3% | 20<br>26.3% | 33<br>44.0% | 24<br>54.5% | 87<br>32.2% |
| Земјоделец | 1<br>1.3% | 8<br>10.5% | 5<br>6.7% | 1<br>2.3% | 15<br>5.6% |
| Невработен | 5<br>6.7% | 5<br>6.6% | 0<br>0.0% | 2<br>4.5% | 12<br>4.4% |
| Починат | 1<br>1.3% | 0<br>0.0% | 0<br>0.0% | 0<br>0.0% | 1<br>0.4% |
| Пензионер | 1<br>1.3% | 0<br>0.0% | 0<br>0.0% | 0<br>0.0% | 1<br>0.4% |
| Вкупно | 75<br>100.0% | 76<br>100.0% | 75<br>100.0% | 44<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2 = 44.238$ $C = 0.375$**

На прашањето за занимање на таткото фреквенцијата на одговори покажува дека најголем дел од испитаниците (57.0%) се изјасниле за модалитетот „Државен службеник“, 32.2% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Приватна фирма/бизнисмен“, 5.6% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Земјоделец“, 4.4% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Невработен“ и ист број на испитаници (0.4%) се изјасниле за модалитетот „ Починат“ и „ Пензионер“.

Вкрстените податоци покажуваат статистички значајна корелација во однос на факултетот, година на студирање, успех на студии и дали се запишавте во државна квота или со самофинансирање.

Според тоа на кој **факултет** се запипани испитаниците статистички значајни отстапувања во однос на општата дистрибуција постојат кај испитаниците на економски факултет и социологија. Најголем дел од испитаниците на економски факултет (76.0%) се изјасниле за модалитетот „Државен службеник". Најмал дел од испитаниците кои се изјасниле за овој модалитет (38.6%) се на факултетот социологија. Најголем дел од испитаниците на факлутетот социологија (54.5%) се изјасниле за модалитетот „Приватна фирма/бизнисмен". Најмалку испитаници кои се изјасниле за овој модалитет се на економски факуултет (13.3%).

Според **година на студирање**, отстапување во однос на општата дистрибуција се појавува кај испитаниците од четврта година. Најголем дел од испитаниците од четврта година (68.0%) се изјасниле за модалитетот „Државен службеник". Најамал дел од испитаниците кои се изјасниле за модалитетот „Приватна фирма/бизнисмен" се испитаниците од четврта година (18.6%). (Види: Прилог, табела 9)

Според **успехот на студии** отстапување во однос на општата дистрибуција на одговори се појавува само кај модалитетот „Приватна фирма/бизнисмен". Најмал дел од вкупниот број на испитаници кои се изјасниле за овој модалитет се со успех на студии 6-7. (Види: Прилог, табела 10)

Во однос на тоа дали се запишани во **државна квота или со самофинансирање** статистички значајна корелација се појавува само кај испитаниците кои се запишани со самофинансирање. Имено, најголем дел од испитаниците кои се запишани со самофинансирање (42.6%) се изјасниле за модалитетот „Приватна фирма/бизнисмен".(Види: Прилог, табела 11)

**Според тоа, кај најголем дел од испитаниците на еконмски факултет занимањето на таткото е државен службеник, а кај најголем дел од испитаниците на социологија занимањето на таткото е приватна фирма/бизнисмен. Во однос на успехот на студии може да се каже дека најмалку испитаници со успех 6-7 се изјасниле дека нивниот татко има приватна фирма/бизнисмен. Најголе дел од**

**испитаниците чиј татко има приватна фирма/бизнисмен се запишани во квотата со самофинансирање.**

**Табела 12: Наведете го занимањето на Вашата мајка**

| Наведете го занимањето на Вашата мајка | Факултет | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Економски | ПМФ | ФОН | Социологија | |
| Државен службеник | 46<br>61.3% | 35<br>46.1% | 23<br>30.7% | 17<br>38.6% | 121<br>44.8% |
| Приватна фирма/бизнисмен | 21<br>28.0% | 3<br>3.9% | 36<br>48.0% | 12<br>27.3% | 72<br>26.7% |
| Земјоделец | 0<br>0.0% | 16<br>21.1% | 5<br>6.7% | 1<br>2.3% | 22<br>8.1% |
| Невработен | 8<br>10.7% | 22<br>28.9% | 11<br>14.7% | 14<br>31.8% | 55<br>20.4% |
| Вкупно | 75<br>100.0% | 76<br>100.0% | 75<br>100.0% | 44<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2$ = 69.834  C = 0.453**

Во однос на прашањето кое се однесува на занимањето на мајката реквенцијата на одговорите покажува дека најголем дел од испитаниците (44.8%) се изјасниле за модалитетот „Државен службеник“, 26.7% се изјасниле за модалитетот „Приватна фирма/бизнисмен“, 20.4% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Невработен“ и 8.1% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Земјоделец“.

Вкрстените податоци покажуваат статистички значајна корелација во однос на факултетот, успех на студии и дали се запишавте во државна квота или со самофинансирање.

Статистички значајни отстапувања во однос на општата дистрибуција се појавуваат кај модалитетите „Државен службеник“ и „Приватна фирма/бизнисмен“. Видливо надпросечна определба за модалитетот „Државен службеник“ се појавува кај испитаниците кои се запишани на економски факултет (61.3%). Подпросечен број на испитаници кои се изјасниле за овој модалитет се запишани на ФОН (30.7%). Натпросечен дел од испитаниците кои се запишани на ФОН (48.0%) се изјасниле за модалитетот „Приватна фирма/бизнисмен“, додека пак потпросечен дел од испитаниците кои се изјасниле за овој модалитет се на ПМФ (3.9%).

Во однос на **успехот на студии** натпросечен дел од испитаниците кои се изјасниле за модалитетот „Државен службеник“ имаат просек 6-7. За овој модалите се изјасниле 55.1% од испитаниците со просек над 9. Најмал дел од вклупниот број на испитаници кои

се изјасниле за модалитетот „Приватна фирма/бизнисмен“ (14.3%) се со успех на студии 6-7. За овој модалитет се изјсниле 16.3% од испитаниците со просек над 9. (Види: Прилог, табела 13)

Вкрстените податоци во однос на тоа дали се запишани во **државна квота или со самофинансирање** покажуваат отстапување кај студентите кои се запишани со самофинасирање. Најголем дел од испитаниците кои се изјасниле за модалитетот „Приватна фирма/бизнисмен“ се запишани со самофинансирање (37.7%). 36.9% од испитаниците кои се запишани со самофинансирање се изјасниле за модалитетот „Државен службеник“. (Види: Прилог, табела 14)

**Важноста на изборот на факултет се гледа пред се во мотивацијата на студентите за учење, но исто така и во повисокиот успех кој го остваруваат во текот на студирањето.**

## 2. *Ставови за високото образование во контекст на создавање на човечки капитал*

Следниот сет од прашања се однесува на ставовите на студентите за високото образование односно што за нив претставува високото образование, дали вреди да студираат и дали високото бразование влијае на работата.

**Табела 15: Студирањето значи вложување во иднината**

| Студирањето значи вложување во иднината | Успех на студии | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 6-7 | 7-8 | 8-9 | Над 9 | Не сакам да кажам | |
| Многу се сложувам | 8<br>38.1% | 52<br>49.1% | 48<br>71.6% | 37<br>75.5% | 17<br>63.0% | 162<br>60.0% |
| Малку се сложувам | 7<br>33.3% | 28<br>26.4% | 11<br>16.4% | 6<br>12.2% | 7<br>25.9% | 59<br>21.9% |
| Неопределен | 1<br>4.8% | 15<br>14.2% | 4<br>6.0% | 3<br>6.1% | 1<br>3.7% | 24<br>8.9% |
| Малку не се сложувам | 1<br>4.8% | 8<br>7.5% | 2<br>3.0% | 3<br>6.1% | 2<br>7.4% | 16<br>5.9% |
| Воопшто не | 4 | 3 | 2 | 0 | 0 | 9 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| се сложувам | 19.0% | 2.8% | 3.0% | 0.0% | 0.0% | 3.3% |
| Вкупно | 21<br>100.0% | 106<br>100.0% | 67<br>100.0% | 49<br>100.0% | 27<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2$ = 38.149  C = 0.352**

Фреквенцијата на одговори покажува дека најголем дел од испитаниците (60.0%) се изјасниле за модалитетот „Многу се сложувам", 21.9% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Малку се сложувам", 8.9%  од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Неопределен", 5.9% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Малку не се сложувам" и 3.3% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Воопшто не се сложувам".

Вкрстените податоци покажуваат отстапување од општата дистрибуција во однос на пол, факултет и успех на студии.

Според **пол**, значителни отстапувања во однос на општата дистрибуција (60.0%) се појавува кај модалитетот „Многу се сложувам" за кој се изјасниле 48.9% од испитаниците машки. Според **факултет** најголем дел од испитаниците кои се изјасниле за овој модалитет се студенти на ПМФ (72.45), а најмалку испитаници кои се изјасниле за овој модалитет се студенти на социологија (50.0%). (Види: Прилог, табела 16, 17)

Во однос **на успехот на студии** најголем дел од испитаниците кои се изјасниле за модалитетот „Многу се сложувам" имаат просек над 9 (75.5%). Најмал дел до ипитаниците кои се изјасниле за овој модалитет имаат успех 6-7 (38.1%). За овој модалитет се изјасниле 71.6% од ипситаниците со успех на студии 8-9 и 49,1% од испитаниците со успех 7-8. Отстапување во однос на општата дистрибуција (21.9%) се појавува и кај модалитетот „Малку се сложувам" за кој се изјасниле 33.3% од испитаниците со успех на студии 6-7. Најголем дел од испитаниците кои се изјасниле за модалитетот „ Воопшто не се сложувам" се со успех на студии 6-7 (19.0%).

**Според тоа, најголем дел од испитаниците сметаат дека студирањето значи вложување во иднината.**

**Табела 18: Вреди да се студира**

| Вреди да се студира | Факултет | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Економски | ПМФ | ФОН | Социологија | |
| Многу се сложувам | 47<br>62.7% | 61<br>80.3% | 45<br>60.0% | 23<br>52.3% | 176<br>65.2% |
| Малку се сложувам | 23<br>30.7% | 8<br>10.5% | 17<br>22.7% | 9<br>20.5% | 57<br>21.1% |
| Неопределен | 2<br>2.7% | 5<br>6.6% | 8<br>10.7% | 9<br>20.5% | 24<br>8.9% |
| Малку не се сложувам | 2<br>2.7% | 2<br>2.6% | 4<br>5.3% | 2<br>4.5% | 10<br>3.7% |
| Воопшто не се сложувам | 1<br>1.3% | 0<br>0.0% | 1<br>1.3% | 1<br>2.3% | 3<br>1.1% |
| Вкупно | 75<br>100.0% | 76<br>100.0% | 75<br>100.0% | 44<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2$ = 24.663  C = 0.289**

Во однос на прашањето вреди да се студира, фреквенцијата на одговори покажува дека најголем дел од испитаниците (65.2%) се изјасниле за модалитетот „Многу се сложувам“, 21.1% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Малку се сложувам“, 8.9% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Неопределен“, 3.7% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Малку не се сложувам“ и 1.1% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Воопшто не се сложувам“.

Вкрстените податоци покажуваат отстапување од општата дистрибуција во однос на факултет и успех на студии.

Во однос на **факултетот**, отстапувања од општата дистрибуција на одговори се појавува кај модалитетот „Многу се сложувам“, „Малку се сложувам“ и „Неопределен“. Најголем дел од испитаниците кои се изјасниле за модалитетот „Многу се сложувам“ се од ПМФ (80.3%), а најмалку од социологија (52.3%). Најмал дел од испитаниците кои се изјасниле за модалитетот „Малку се сложувам“ се од ПМФ (10.5%).натпросечен дел од испитаниците кои се изјасниле за модалитетот „Неопределен“ се студенти на социологија (20.5%).

Според **успехот на студии**, натпросечно отстпување во однос на општата дистрибуција (65.2%) се појавува кај модалитетот „Многу се сложувам“ за кој се изјасниле 77.6% од испитаниците со успех на студии над 9.

**Според тоа, најголем дел од испитаниците сметаат дека вреди да се студира.** (Види: Прилог, табела 19)

**Табела 20: Кога ќе дипломирам ќе работам во струката**

| Кога ќе дипломирам ќе работам во струката | Факултет | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Економски | ПМФ | ФОН | Социологија | |
| Многу се сложувам | 21<br>28.0% | 34<br>44.7% | 35<br>46.7% | 5<br>11.4% | 95<br>35.2% |
| Малку се сложувам | 19<br>25.3% | 12<br>15.8% | 8<br>10.7% | 10<br>22.7% | 49<br>18.1% |
| Неопределен | 25<br>33.3% | 22<br>28.9% | 15<br>20.0% | 17<br>38.6% | 79<br>29.3% |
| Малку не се сложувам | 7<br>9.3% | 4<br>5.3% | 12<br>16.0% | 9<br>20.5% | 32<br>11.9% |
| Воопшто не се сложувам | 3<br>4.0% | 4<br>5.3% | 5<br>6.7% | 3<br>6.8% | 15<br>5.6% |
| Вкупно | 75<br>100.0% | 76<br>100.0% | 75<br>100.0% | 44<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2 = 29.766$ C = 0.315**

Општата дистрибуција на одговори покажува дека најголем дел од испитаниците (35.2%) се изјасниле за модалитетот „Многу се сложувам“, 18.1% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Малку се сложувам“, 29.3% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „ Неопределен“, 11.9% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Малку не се сложувам“ и 5.6% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Воопшто не се сложувам“.

Вкрстените податоци покажуваат отстапување од општата дистрибуција во однос на факултет и успех на студии.

Во однос на **факултет**, отстапување од општата фреквенција на одговори се појавува кај модалитетот „Многу се сложувам“. За овој модалитет се изјасниле натпросечен дел од испитаниците на ФОН (46.7%), а потпросечен дел од испитаниците на социологија (11.4%). Во однос на другите модалитети не посоти статистички значајно отстапување.

Во однос на **успех на студии**, отстапувања од општата дистрибуција на одговори се појавува кај модалитетот „Многу се сложувам“, „Малку се сложувам“ и „Неопределен“. Натпросечен дел од испитаниците кои се изјасниле за модалитетот „Многу се сложувам“ се со успех на студии над 9 (67.3%). За овој модалитет се изјасниле најмал дел од испитаниците со успех 6-7 (9.5%), 18.9% од испитаниците со успех 7-8, а 48.1% од испитаниците не сакаат да кажат. Во однос на модалитетот „Малку се сложувам“, натпросечен дел од испиитаниците кои се изјасниле за овој модалитет се со успех 6-7 (33,3%), потпросечен дел од испитаниците не сакат да кажат (3.7%), а 28.3% од испитаниците кои се изјасниле за овој модалитет се со успех 7-8. Најмал дел од испитаниците кои се изјасниле за модалитетот „Неопределен“ се со упсех на студии над 9 (12,2%). (Види: Прилог, табела 21)

**Според тоа, најголем дел од испитаниците сметаат дека кога ќе дипломираат ќе работат во струката.**

**Табела 22: За човек да најде добра работа треба да има високо образование**

| За човек да најде добра работа треба да има високо образование | Успех на студии | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 6-7 | 7-8 | 8-9 | Над 9 | Не сакам да кажам | Вкупно |
| Многу се сложувам | 8<br>38.1% | 23<br>21.7% | 16<br>23.9% | 19<br>38.8% | 11<br>40.7% | 77<br>28.5% |
| Малку се сложувам | 6<br>28.6% | 28<br>26.4% | 19<br>28.4% | 11<br>22.4% | 5<br>18.5% | 69<br>25.6% |
| Неопределен | 2<br>9.5% | 18<br>17.0% | 7<br>10.4% | 4<br>8.2% | 3<br>11.1% | 34<br>12.6% |
| Малку не се сложувам | 1<br>4.8% | 10<br>9.4% | 15<br>22.4% | 5<br>10.2% | 4<br>14.8% | 35<br>13.0% |
| Воопшто не се сложувам | 4<br>19.0% | 27<br>25.5% | 10<br>14.9% | 10<br>20.4% | 4<br>14.8% | 55<br>20.4% |
| Вкупно | 21<br>100.0% | 106<br>100.0% | 67<br>100.0% | 49<br>100.0% | 27<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2$ = 19.800 C = 0.261**

Општата дистрибуција на одговори покажува дека најголем дел од испитаниците (28.5%) се изјасниле за модалитетот „Многу се сложувам“, 25.6% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Малку се сложувам“, 12.6% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Неопределен“, 13.0% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Малку

не се сложувам“ и 20.4% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Воопшто не се сложувам“.

Вкрстените податоци покажуваат отстапување од општата дистрибуција 28.5% за модалитетот „Многу се сложувам“ за кој се изјасниле 38.8% од испитниците со **успех на студии** над 9. 40.7% од испитаниците кои кажале „Не сакам да кажам“се изјасниле за овој модалитет. Во однос на другите модалитети не постојат статистички значајни отстапувања.

Според **факултет**, вкрстените податоци покажуваат отстапување во однос на општата фреквенција на одговори (20.4%) само кај модалитетот „Воопшто не се сложувам“ за кој се изјасниле 30.7% од испитаниците на ФОН. Во однос на другите модалитети не постојат статистички значајни отстапувања. (Види: Прилог, табела 23)

**Според тоа, поделено е мислењето на испитаниците во однос на прашањето за тоа дека треба човек да има високо образование за да најде работа.**

**Повеќе истражувања покажуваат дека вложувањата во образование се инвестиции во идна поголема заработувачка како и поголема можност за обезбедување на подобро работно место. Со ова истражување се потврдуваат овие тврдења.**

### 3. *Вреднување на образованието*

Значењето и вредноста на образованието се гледа од повеќе аспекти. Најпрво секогаш е личната сатисфакција, но исто така високото образованието овозможува поголеми знаења, вештини и способности за работа, кои секој работодавач ги цени. Оттука, високото образование овозможува поголеми шанси да се успее во животот. Покрај личната сатисфакција, секој човек сака да биде ценет и почитуван и да има поголем углед во општеството.

**Табела 24: Луѓето со високо образование иомаат голем углед во општеството**

| Луѓето со високо образование имаат голем углед во општеството | Успех на студии | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 6-7 | 7-8 | 8-9 | Над 9 | Не сакам да кажам | |
| Многу се сложувам | 1<br>4.8% | 27<br>25.5% | 26<br>38.8% | 21<br>42.9% | 10<br>37.0% | 85<br>31.5% |
| Малку се сложувам | 7<br>33.3% | 36<br>34.0% | 11<br>16.4% | 8<br>16.3% | 2<br>7.4% | 64<br>23.7% |
| Неопределен | 4<br>19.0% | 22<br>20.8% | 12<br>17.9% | 9<br>18.4% | 8<br>29.6% | 55<br>20.4% |
| Малку не се сложувам | 8<br>38.1% | 13<br>12.3% | 10<br>14.9% | 6<br>12.2% | 4<br>14.8% | 41<br>15.2% |
| Воопшто не се сложувам | 1<br>4.8% | 8<br>7.5% | 8<br>11.9% | 5<br>10.2% | 3<br>11.1% | 25<br>9.3% |
| Вкупно | 21<br>100.0% | 106<br>100.0% | 67<br>100.0% | 49<br>100.0% | 27<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2$ = 31.635 C = 0.324**

Општата дистрибуција на одговори покажува дека најголем дел од испитаниците (31.5%) се изјасниле за модалитетот „Многу се сложувам“, 23.7% од испитаниците се

изјасниле за модалитетот „Малку се сложувам“, 20.4% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Неопределен“, 15.2% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Малку не се сложувам“ и 9.3% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Воопшто не се сложувам“.

Вкрстените податоци покажуваат отстапување од општата дистрибуција во однос на факултет и успех на студии.

Во однос на **факултет**, вкрстените податоци покажуваат значиелни отстапувања од општата дистрибуција 23.7% за модалитетот „Многу се сложувам“ за кој се изјасниле 10.7% од испитаниците на ФОН. (Види: Прилог, табела 25)

Во однос на **успехот на студии** статистички значајни отстапувања се појавуваат кај модалитетот „Многу се сложувам“, „Малку се сложувам“ и „Малку не се сложувам“. Најголем дел од испитаниците кои се изјасниле за модалитетот „Многу се сложувам“ се со успех на студии над 9 (42.9%), а најмалку испитаници кои се изјасниле за овој модалитет се со успех 6-7 (4.8%). Најголем дел од ипситаниците кои се изјасниле за модалитетот „Малку се сложувам“ се со успех на студии 7-8 (34.0%), а најмалку испитаници кои се изјасниле за овој модалитет не сакаат да кажат (7.4%). Најголем дел од вклупниот број на испитаници со успех на студии 6-7 (38.1%) се изјасниле за модалитетот „Малку не се сложувам“.

**Според тоа, најголем дел од испитаниците сметаат дека луѓето со високо образование имаат голем углед во општеството.**

**Табела 26: Кога ќе дипломирам ќе бидам подготвен да работам во струката**

| Кога ќе дипломирам ќе бидам подготвен да работам во струката | Успех на студии | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 6-7 | 7-8 | 8-9 | Над 9 | Не сакам да кажам | |
| Многу се сложувам | 6<br>28.6% | 28<br>26.4% | 30<br>44.8% | 26<br>53.1% | 14<br>51.9% | 104<br>38.5% |
| Малку се сложувам | 6<br>28.6% | 36<br>34.0% | 15<br>22.4% | 14<br>28.6% | 5<br>18.5% | 76<br>28.1% |
| Неопределен | 5<br>23.8% | 17<br>16.0% | 4<br>6.0% | 3<br>6.1% | 2<br>7.4% | 31<br>11.5% |
| Малку не се сложувам | 3<br>14.3% | 14<br>13.2% | 15<br>22.4% | 4<br>8.2% | 3<br>11.1% | 39<br>14.4% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Воопшто не се сложувам | 1<br>4.8% | 11<br>10.4% | 3<br>4.5% | 2<br>4.1% | 3<br>11.1% | 20<br>7.4% |
| Вкупно | 21<br>100.0% | 106<br>100.0% | 67<br>100.0% | 49<br>100.0% | 27<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2$ = 28.284 C = 0.308**

Општата дистрибуција на одговори покажува дека најголем дел од испитаниците (38.5%) се изјасниле за модалитетот „Многу се сложувам", 28.1% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Малку се сложувам", 11.5% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Неопределен", 14.4% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Малку не се сложувам" и 7.4% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Воопшто не се сложувам".

Вкрстените податоци покажуваат отстапување од општата дистрибуција во однос на факултет и успех на студии.

Статистички значајни отстапувања во однос на општата дистрибуција 38.5% се појавуваат кај модалитетот „Многу се сложувам" за кој се изјасниле најголем дел од испитаниците на ПМФ (50.0%), а најмал дел од испитаниците на економски **факултет** (20.0%). За овој модалитет отстапувања во однос на општата дистрибуција (38.5%) се појавуваат и кај испитаниците со **успех на студии** 7-8 за кој се изјасниле 26.4% од испитаниците и кај испитаниците со успех на студии над 9, за кој се изјасниле 53.1%. 51.9% од испитаниците кој се изјасниле за овој модалитет, не сакаат да кажат. (Види: Прилог, табела 28)

**Според тоа, поголем дел од испитаниците го застапуваат ставот дека кога ќе дипломираат ќе бидат подготвени да работат во струката.**

**Табела 29: Работодавците ги ценат луѓето со високо образование**

| Работодавците ги ценат луѓето со високо образование | Успех на студии | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 6-7 | 7-8 | 8-9 | Над 9 | Не сакам да кажам | |
| Многу се сложувам | 4<br>19.0% | 25<br>23.6% | 16<br>23.9% | 19<br>38.8% | 11<br>40.7% | 75<br>27.8% |
| Малку се сложувам | 4<br>19.0% | 26<br>24.5% | 24<br>35.8% | 9<br>18.4% | 9<br>33.3% | 72<br>26.7% |
| Неопределен | 5 | 24 | 9 | 8 | 4 | 50 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 23.8% | 22.6% | 13.4% | 16.3% | 14.8% | 18.5% |
| | Малку не се сложувам | 5<br>23.8% | 15<br>14.2% | 13<br>19.4% | 7<br>14.3% | 1<br>3.7% | 41<br>15.2% |
| | Воопшто не се сложувам | 3<br>14.3% | 16<br>15.1% | 5<br>7.5% | 6<br>12.2% | 2<br>7.4% | 32<br>11.9% |
| Вкупно | | 21<br>100.0% | 106<br>100.0% | 67<br>100.0% | 49<br>100.0% | 27<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2$ = 19.243 C = 0.258**

Во однос на ова прашање, општата дистрибуција на одговори покажува дека најголем дел од испитаниците (27.8%) се изјасниле за модалитетот „Многу се сложувам“, 26.7% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Малку се сложувам“, 18.7% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „ Неопределен“, 15.2% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Малку не се сложувам“ и 11.9% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Воопшто не се сложувам“.

Вкрстените податоци покажуваат отстапување од општата дистрибуција во однос на факултет и успех на студии.

Статистички значајни отстапувања во однос на општата дистрибуција 27.8% се појавуваат кај модалитетот „Многу се сложувам“ за кој се изјасниле најголем дел од испитаниците на **факултетот** ФОН (38.7%). (Види: Прилог, табела 31). За овој модалитет се изјасниле најголем дел од испитаниците со **успех на студии** над 9 (38.8%) и 40.7% од испитаниците не сакаат да кажат. Во однос на модалитетот „Малку не се сложувам“ отстапувања од општата дистрибуција (15.2%) се појавува кај испитаниците кои не сакаат да кажат за што се изјасниле 3.7%.

**Според тоа, поголем дел од испитаниците сметаат дека работодавците ги ценат луѓето со високо образование. Најголем дел од нив се со успех на студии над 9 и студенти на ФОН.**

**Табела 32:Високото образование ги зголемува шансите да се успее, дали тоа важи и за нашата држава**

| Високото образование ги зголемува шансите да се успее, дали тоа важи и за нашата | Факултет | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Економски | ПМФ | ФОН | Социологија | Вкупно |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| држава | | | | | |
| Многу се сложувам | 6<br>8.0% | 15<br>19.7% | 32<br>42.7% | 3<br>6.8% | 56<br>20.7% |
| Малку се сложувам | 16<br>21.3% | 14<br>18.4% | 8<br>10.7% | 10<br>22.7% | 48<br>17.8% |
| Неопределен | 12<br>16.0% | 9<br>11.8% | 11<br>14.7% | 9<br>20.5% | 41<br>15.2% |
| Малку не се сложувам | 17<br>22.7% | 15<br>19.7% | 7<br>9.3% | 4<br>9.1% | 43<br>15.9% |
| Многу не се сложувам | 24<br>32.0% | 23<br>30.3% | 17<br>22.7% | 18<br>40.9% | 82<br>30.4% |
| Вкупно | 75<br>100.0% | 76<br>100.0% | 75<br>100.0% | 44<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2$ = 41.415  C = 0.365**

Во однос на ова прашање, општата дистрибуција на одговори покажува дека најголем дел од испитаниците (20.7%) се изјасниле за модалитетот „Многу се сложувам“, 17.8% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Малку се сложувам“, 15.2% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „ Неопределен“, 15.9% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Малку не се сложувам“ и 30.4% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Воопшто не се сложувам“.

Вкрстените податоци покажуваат отстапување од општата дистрибуција во однос на факултет и успех на студии.

Во однос на **факултетот**, најголем делод испитаниците на ФОН (42.7%) се изјасниле за модалитетот „Многу се сложувам“. За овој модалитет се изјасниле најмал дел од испитаниците на економски факултет (8.0%) и на социологија (6.8%). Во однос на **успеход на студии**, најмал дел од испитаниците кои се изјасниле за овој модалитет се со просек 6-7 (4.8%). (Види: Прилог, табела 34)

**Според тоа, поголем дел од испитаниците многу се сложуваат дека високото образование ги зголемува шансите да се успее, но најмалку се сложуваат испитаниците со просек 6-7.**

**Несомнено, истражувањето покажа дека студентите сметаат дека високото образовани им ги зголемува шансите за вработување и тие по завршување на факултетот се подготвени да работат. Од друга страна ја зголемува и нивнатата**

**личчна сатисфакција преку нивното вреднување во општеството, но и од другите луѓе**

## *4. Ставови за квалитетот на образованието според Болоњскиот систем*

Една од основните цели на образованието е да создаде индивидуи кои имаат знање и способност истото да го применат во работата. Квалитетот на образованието се гледа преку предавањата вежбите, дискусиите во текот на предавањата и вежбите, но исто така и во редовноста на студентите. Од тој аспект беа поставени следните прашања:

**Табела 37: Дали редовно ги посетувате предавањата * Успех на студии**

| Дали редовно ги посетувате предавањата | Успех на студии | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 6-7 | 7-8 | 8-9 | Над 9 | Не сакам да кажам | |
| Редовно | 15<br>71.4% | 80<br>75.5% | 60<br>89.6% | 47<br>95.9% | 24<br>88.9% | 226<br>83.7% |
| Повремено | 5<br>23.8% | 19<br>17.9% | 6<br>9.0% | 1<br>2.0% | 3<br>11.1% | 34<br>12.6% |
| Сосема малку | 0<br>0.0% | 5<br>4.7% | 0<br>0.0% | 0<br>0.0% | 0<br>0.0% | 5<br>1.9% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Скоро никогаш | 1<br>4.8% | 2<br>1.9% | 1<br>1.5% | 1<br>2.0% | 0<br>0.0% | 5<br>1.9% |
| Вкупно | 21<br>100.0% | 106<br>100.0% | 67<br>100.0% | 49<br>100.0% | 27<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2$ = 21.298 C = 0.270**

Во врска со редовноста на предавања, фреквенцијата на одговори покажува дека најголем дел од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Редовно" (83.7%), 12.6% од испитаниците „Повремено" посетуваат предавања, 1.9% испитаници посетуваат предавања „Сосема малку" и 1.9% од испитаниците „Скоро никогаш" не посетуваат предавања.

Вкрстените податоци покажуваат статистички значајни отстапувања од општата дистрибуција во однос на факултет и успех на студии.

Според **факултет**, отстапувања од општата фреквенција на одговори (83.7%) се појавува кај модалитетот „Редовно" за кој се изјасниле најголем дел од испитаниците на ПМФ (97.4%) и најмал дел од испитаниците на економски факултет (64.0%). За модалитетот „Повремено" се изјасниле најголем дел од испитаниците на економски факултет (32.0%) и најмал дел од испитаниците на ПМФ (1.3%). (Види: Прилог, табела 36)

Според **успехот на студии** најголем дел од испитаниициите кои „ Редовно" ги посетуваат предавањата се со успех над 9 (95.9%), а најмал дел од испитаниците кои се изјасниле за овој модалитет се со успех на студии 6-7 (71.4%). Најголем дел од испитаниците со успех 6-7 (23.8%) „Повремено" посетуваат предавања, а најмал дел со успех над 9 (2.0%).

**Според тоа, најголем дел од испитаниците редовно посетуваат предавања и најголем дел од нив се со успех на студии над 9**.

**Табела 38: Дали редовно ги посетувате вежбите**

| Дали редовно ги посетувате вежбите | Факултет | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Економски | ПМФ | ФОН | Социологија | Вкупно |
| Редовно | 41<br>54.7% | 74<br>97.4% | 63<br>84.0% | 30<br>68.2% | 208<br>77.0% |
| Повремено | 23<br>30.7% | 2<br>2.6% | 12<br>16.0% | 8<br>18.2% | 45<br>16.7% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Сосема малку | 6<br>8.0% | 0<br>0.0% | 0<br>0.0% | 3<br>6.8% | 9<br>3.3% |
| Скоро никогаш | 5<br>6.7% | 0<br>0.0% | 0<br>0.0% | 3<br>6.8% | 8<br>3.0% |
| Вкупно | 75<br>100.0% | 76<br>100.0% | 75<br>100.0% | 44<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2 = 49.443$   $C = 0.393$**

Во врска со редовноста на вежби, фреквенцијата на одговори покажува дека најголем дел од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Редовно“ (77.0%), 16.7% од испитаниците „Повремено“ посетуваат предавања, 3.3% испитаници посетуваат предавања „Сосема малку“ и 3.0% од испитаниците „Скоро никогаш“ не посетуваат предавања.

Вкрстените податоци покажуваат статистички значајни отстапувања од општата дистрибуција во однос на факултет и успех на студии.

Според **факултет**, отстапувања од општата фреквенција на одговори (77.0%) се појавува кај модалитетот „Редовно“ за кој се изјасниле најголем дел од испитаниците на ПМФ (97.4%) и најмал дел од испитаниците на економски факултет (54.7%). За модалитетот „Повремено“ се изјасниле најголем дел од испитаниците на економски факултет (30.7%) и најмал дел од испитаниците на ПМФ (2.6%).

Според **успехот на студии** најмал дел од испитанииците кои „ Редовно“ ги посетуваат предавањата се со успех 7-8 (66.0%), а најголем дел од испитаниците кои се изјасниле за овој модалитет не сакаат да кажат (88.9%).

**Според тоа, најголем дел од испитаниците редовно посетуваат вежби, а најмал дел од нив се со успех на студии 7-8.**

**Табела 40: На предавањата**

| На предавањата | Факултет | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Економски | ПМФ | ФОН | Социологија | |
| Најчесто расправаме, добивам работни задачи | 15<br>20.0% | 11<br>14.5% | 23<br>30.7% | 8<br>18.2% | 57<br>21.1% |
| Наставниците | 1 | 3 | 7 | 3 | 14 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ме мотивираат за работа | 1.3% | 3.9% | 9.3% | 6.8% | 5.2% |
| Добивам корисни информации | 35<br>46.7% | 43<br>56.6% | 22<br>29.3% | 20<br>45.5% | 120<br>44.4% |
| Се од претходно наведеното | 15<br>20.0% | 16<br>21.1% | 21<br>28.0% | 9<br>20.5% | 61<br>22.6% |
| Ништо од претходното не можам да наведам | 9<br>12.0% | 3<br>3.9% | 2<br>2.7% | 4<br>9.1% | 18<br>6.7% |
| Вкупно | 75<br>100.0% | 76<br>100.0% | 75<br>100.0% | 44<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2$ = 24.196 C = 0.287**

Фреквенцијата на одговори покажува дека најголем дел од испитаниците се изјасниле дека „Добивам корисни информации" на предавањата (44.4%), 22.6% се изјасниле за модалитетот „Се од претходно наведеното", 21.1% се изјасниле дека на предавањата „Најчесто расправаме, добивам работни задачи", 6.7% од испитаниците сметаат дека „Ништо од претходното не можам да наведам" и 5.2% се изјасниле дека „Наставниците ме мотивираат за работа".

Вкрстените податоци покажуваат статистички значајни отстапувања од општата дистрибуција во однос на факултет, успех на студии и дали се запишавте во државна квота или со самофинансирање.

Според **факултет**, вкрстените податоци покажуваат отстапување во однос на општата дистрибуција (44.4%). Натпросечен дел од испитаниците кои се изјасниле дека на предавањата „Добивам корисни информации" се на ПМФ (56.6%), а потпросечен број на испитаници кои се изјасниле за овој модалитет се на ФОН (29.3%). За овој модалитет се изјасниле натпросечен дел од испитаниците од четврта **година на студирање** (54.6%). Според **успехот на студии** натпросечен дел од испитаниците кои се изјасниле за овој модалитет не сакаат да кажат (55.6%). Најголем дел од испитаниците кои се со **самофинансирање** (34.4%) се изјасниле за овој модалитет. Најголем дел од испитаниците кои се изјасниле за модалитетот „Се од претходно наведеното" имаат успех на студии над 9 (42.9%), 33.3%од испитаниците кои се изјасниле за овој модалитет се со успех 6-7, а најмал дел од испитаниците не сакаат да кажат (3.7%). Потпросечен дел од испитаниците

кои се во **државна квота** (16.9%) се изјасниле дека на предавањата „Најчесто расправаме, добивам работни задачи". (Види: Прилог, табела 41, 42, 43)

**Според тоа, најголем дел од испитаниците добиваат корисни информации од предавања.**

**Табела 46: На вежбите најчесто**

| На вежбите најчесто | Успех на студии | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 6-7 | 7-8 | 8-9 | Над 9 | Не сакам да кажам | |
| Расправаме, добивам работни задачи | 9<br>42.9% | 38<br>35.8% | 20<br>29.9% | 25<br>51.0% | 8<br>29.6% | 100<br>37.0% |
| Асистентите ме мотивираат за работа | 0<br>0.0% | 10<br>9.4% | 9<br>13.4% | 5<br>10.2% | 4<br>14.8% | 28<br>10.4% |
| Добивам корисни информации | 4<br>19.0% | 23<br>21.7% | 13<br>19.4% | 6<br>12.2% | 8<br>29.6% | 54<br>20.0% |
| Добивам поддршка во совладување на материјата | 7<br>33.3% | 25<br>23.6% | 19<br>28.4% | 10<br>20.4% | 4<br>14.8% | 65<br>24.1% |
| Ништо од претходното не можам да наведам | 1<br>4.8% | 10<br>9.4% | 6<br>9.0% | 3<br>6.1% | 3<br>11.1% | 23<br>8.5% |
| Вкупно | 21<br>100.0% | 106<br>100.0 % | 67<br>100.0% | 49<br>100.0% | 27<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2$ = 13.957   C = 0.222**

Општата фреквенција на одговори покажува дека најголем дел од испитаниците се изјасниле дека на вежбите „Расправаме, добивам работни задачи“ (37.0%), 24.1% се изјасниле дека „Добивам поддршка во совладување на материјата“, 20.0% сметаат дека „Добивам корисни информации“, 10.4% се изјасниле за модалитетот „Асистентите ме мотивираат за работа“ и 8.5% од испитаницитенавеле „Ништо од претходното не можам да наведам“.

Вкрстените податоци покажуваат натпросечно отстапување од општата дистрибуција на одговори (37.0%) кај испитаниците со проск над 9 (51.0%) за модалитетот

„Расправаме, добивам работни задачи“. За останатите модалитети не постојат статистички значајни отстапувања.

**Според тоа, најголем дел од испитаниците сметаат дека на вежбите добиваат корисни информации, расправаат и добиваат работни задачи.**

**Табела 46: Дали сте имале можност да дискутирате за некој проблем на вежбите**

| Дали сте имале можност да дискутирате за некој проблем на вежбите | Факултет | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Економски | ПМФ | ФОН | Социологија | Вкупно |
| Да, често | 27<br>36.0% | 38<br>50.0% | 51<br>68.0% | 18<br>40.9% | 134<br>49.6% |
| Да, ретко | 28<br>37.3% | 29<br>38.2% | 14<br>18.7% | 17<br>38.6% | 88<br>32.6% |
| Да, исклучително | 8<br>10.7% | 5<br>6.6% | 7<br>9.3% | 5<br>11.4% | 25<br>9.3% |
| Никогаш | 12<br>16.0% | 4<br>5.3% | 3<br>4.0% | 4<br>9.1% | 23<br>8.5% |
| Вкупно | 75<br>100.0% | 76<br>100.0% | 75<br>100.0% | 44<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2 = 23.428$   C = 0.283**

Општата дистрибуција на одговори покажува дека најголем дел од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Да, често“ (49.6%%), 32.6% се изјасниле за модалитетот „Да, ретко“, за модалитетот „Да, исклучително“ се изјасниле 9.3% од испитаниците и 8.5% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Никогаш“.

Вкрстените податоци покажуваат отстапувања во однос на општата фреквенција на одговори според факултет и успех на студии.

Според **факултет**, отстапувања во однос на општата фреквенција на одговори (49.6%) се појавува кај модалитетот „Да, често“. За овој моалитет се изјасниле најголем дел од вкупниот број на испитаници на ФОН (68.0%) и 36.0% од вкупниот број на испитаници на Економски факултет. Според **успех на студии** за овој модалитет се изјасниле најголем дел од вкупниот број на испитаници со успех нас тудии над 9 (69.4%). (Види: Прилог, табела 47)

**Според тоа, најголем дел од испитаниците се изјасниле дека често имале можност да дискутирате за некој проблем на вежбите.**

**Табела 49: Дали можете да процените колку научувате на часовите, во најголем дел од предавањата и вежбите**

| Дали можете да процените колку научувате на часовите, во најголем дел од предавањата и вежбите | Успех на студии | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 6-7 | 7-8 | 8-9 | Над 9 | Не сакам да кажам | |
| Да, многу од она што се предава | 7<br>33.3% | 51<br>48.1% | 32<br>47.8% | 28<br>57.1% | 11<br>40.7% | 129<br>47.8% |
| Да, сосема малку | 13<br>61.9% | 32<br>30.2% | 22<br>32.8% | 13<br>26.5% | 9<br>33.3% | 89<br>33.0% |
| Скоро ништо | 0<br>0.0% | 5<br>4.7% | 4<br>6.0% | 1<br>2.0% | 1<br>3.7% | 11<br>4.1% |
| Не можам да проценам | 1<br>4.8% | 18<br>17.0% | 9<br>13.4% | 7<br>14.3% | 6<br>22.2% | 41<br>15.2% |
| Вкупно | 21<br>100.0% | 106<br>100.0% | 67<br>100.0% | 49<br>100.0% | 27<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2 = 13.130$   C = 0.215**

Општата дистрибуција на одговори покажа дека најголем дел од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Да, многу од она што се предава“ (47.8%), 33.0% се изјасниле за модалитот  „Да, сосема малку“, 15.2% „Не можам да проценам“ и 4.1% од испитаниците се изјасниле „Скоро ништо“.

Вкрстените податоци покажуваат покажуваат статистички значајни отстапувања од општата фреквенција на одговори според **успех на студии.** Најголем дел од вкупниот број на испитаници со успех на студии 6-7 (61.9%) се изјасниле за модалитетот „Да, сосема малку“, а 33.3% се изјасниле за модалитетот „Да, многу од она што се предава“.

**Според тоа, може да се каже дека поголем дел од испитаниците сметаат дека на предавањата и вежбите може да научат многу од она што се предава**.

**Според  резултатите од истражувањето, може да констатираме дека квалитето на образованието според студентите е на задоволително ниво.**

## *5. Мислење за начинот на предавањето*

Следниот сет од прашања се однесува на начинот на предавање, кој е важен за да видиме дали и колку се пратат современите текови односно колку образованието ги прати новите начини на стекнување и пренос на знаење.

**Табела 49: Дали професорите во предавањата користат помошни средства (компјутер или нешто друго)**

| Дали професорите во предавањата користат помошни средства (компјутер или нешто друго) | Факултет | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Економски | ПМФ | ФОН | Социологија | |
| Да, скоро сите | 53<br>70.7% | 46<br>60.5% | 45<br>60.0% | 9<br>20.5% | 153<br>56.7% |
| Да, неколкумина | 20<br>26.7% | 24<br>31.6% | 24<br>32.0% | 31<br>70.5% | 99<br>36.7% |
| Скоро никој | 1<br>1.3% | 4<br>5.3% | 6<br>8.0% | 3<br>6.8% | 14<br>5.2% |
| Воопшто не | 1<br>1.3% | 2<br>2.6% | 0<br>0.0% | 1<br>2.3% | 4<br>1.5% |
| Вкупно | 75<br>100.0% | 76<br>100.0% | 75<br>100.0% | 44<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2 = 35.356$ C = 0.340**

Според општата фреквенција на одговори може да се види дека најголем дел од испитаниците (56.7%) на прашањето: „**Дали професорите во предавањата користат помошни средства (компјутер или нешто друго)“**, се изјасниле за модалитетот „Да, скоро сите“, а најмал дел од ипитаниците се изјасниле за модалитетот „Воопшто не“ (1.5%). 36.7% од испитаниците се изјасниле дека неколкумина од професорите користат помошни средства во предавањата односно за модалитетот „Да, неколкумина“ и 5.2% од испитаниците се изјасниле дека „Скоро никој“ не користи помошни средства во предавањата.

Вкрстените податоци покажуваат отстапувања од општата дистрибуција на одговори според факултет и успех на студии.

Според **факултет**, отстапувања од општата дистрибуција на одговори (56.7%) се јавува кај модалитетот „Да, скоро сите“, за кој се изјасниле најголем дел од испитаниците на Економски факултет (70.7%). Според **успех на студии**, за овој модалитет се изјасниле најголем дел од вкупниот број на испитаници со успех 6-7 (76.2%). Додека пак, 14.3% од испитаници со успех 6-7 се изјасниле за модалитетот „Да, неколкумина“. За овој модалитет се изјасниле најголем дел од испитаниците на социологија (70.5%). (Види: Прилог, табела 50)

**Според тоа, најголем дел од испитаниците сметаат дека скоро сите професори користат помошни средства во предавањата и тоа најголем дел од испитаниците на Економски факултет.**

**Табела 52: Дали користите интернет на факултет**

| Дали користите интернет на факултет | Факултет | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Економски | ПМФ | ФОН | Социологија | |
| За информирање | 41<br>54.7% | 35<br>46.1% | 50<br>66.7% | 14<br>31.8% | 140<br>51.9% |
| Следење предавања | 4<br>5.3% | 0<br>0.0% | 15<br>20.0% | 4<br>9.1% | 23<br>8.5% |
| За полагање испити | 5<br>6.7% | 1<br>1.3% | 5<br>6.7% | 3<br>6.8% | 14<br>5.2% |
| Не користам | 25<br>33.3% | 40<br>52.6% | 5<br>6.7% | 23<br>52.3% | 93<br>34.4% |
| Вкупно | 75<br>100.0% | 76<br>100.0% | 75<br>100.0% | 44<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2 = 57.421$   $C = 0.419$**

Општата фреквенција на одговори покажува дека најголем дел од испитаниците користат интернет на факултет **„За информирање“** (51.9%), а 34.4% од испитаниците се изјасниле **„Не користам“** интернет. 8.5% од испитаниците користат интернет за **„Следење на предавањата“** и 5.2% **„За полагање испити“.**

Вкрстените податоци покажуваат отстапување во однос на општата дистрибуција на одговори според пол, факултет, успех на студии и дали се запишани во државна квота или со самофинансирање.

Според **пол**, најголем дел од испитаниците машки (62.8%) користат интернет „За информирање“, а 19.1% се изјасниле „Не користам“ интернет. Според **факултет**, вкрстените податоци покажуваат дека најголем дел од испитаниците на ФОН (66.7%) и најмал дел од испитаниците на Социологија (31.8%), користат интернет „За информирање“. Најголем дел од испитаниците со успех на студии 6-7 се изјасниле за овој модалитет односно 71.4%. Најголем дел од вкулниот број испитаници кои се изјасниле за модалитет „Следење предавања“ се на ФОН (20.0%). Отстапувања во однос на општата феквенција на одговори (34.4%) се појавува и кај модалитетот „Не користам“. За овој модалитет се изјасниле 52.6% од испитаниците на ПМФ, 52.3% од испитаниците на Социологија и најмалку испитаници на ФОН (6.7%). Најмал дел од вкупниот број на испитаници кои се изјасниле за овој модалитет се со **успех на студии** 6-7 (23.8%). Според начинот на финансирање, постои отстапување во однос на општата фреквенција на одговори (34.4%) и тоа најголем дел од испитаниците кои се изјасниле за овој модалитет се во **државна квота** односно 45.3% , а најмалку се со **самофинансирање** односно 21.3% . (Види: Прилог, табела 51, 53, 54)

**Според тоа, најголем дел од испитаниците користат интернет за информирање**.

**Може да залкучиме дека во најголем дел се користат помошни средства во текот на предавањата, а интернетот најмногу се користи за информирање.**

## *6. Ставови за Болоњскиот процес*

Студентите студираат по Болоњскиот процес, кој е воведен на Универзитетите во Република Македонија. Но, за нас беше важно да дознаеме колку и како тие се информирани за Болоњскиот систем на образование.

**Табела 55: Кој бил основниот извор преку кој сте информирани за болоњскиот систем на образование**

| Кој бил основниот извор преку кој сте информирани за болоњскиот систем на образование | Факултет | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Економски | ПМФ | ФОН | Социологија | |
| Универзитетот | 28<br>37.3% | 18<br>23.7% | 31<br>41.3% | 15<br>34.1% | 92<br>34.1% |
| Медиумите (ТВ, новини, научни списанија и др.) | 7<br>9.3% | 12<br>15.8% | 8<br>10.7% | 8<br>18.2% | 35<br>13.0% |
| Интернет | 14<br>18.7% | 9<br>11.8% | 11<br>14.7% | 9<br>20.5% | 43<br>15.9% |
| Самостојни контакти, семејството, колеги од факултет | 12<br>16.0% | 5<br>6.6% | 8<br>10.7% | 6<br>13.6% | 31<br>11.5% |
| Друго | 2<br>2.7% | 5<br>6.6% | 4<br>5.3% | 0<br>0.0% | 11<br>4.1% |
| Не сум доволно информиран | 12<br>16.0% | 27<br>35.5% | 13<br>17.3% | 6<br>13.6% | 58<br>21.5% |
| Вкупно | 75<br>100.0% | 76<br>100.0% | 75<br>100.0% | 44<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2 = 24.707$  C = 0.290**

Општата фреквенција на одговори покажува дека најголем дел од испитаниците се изјасниле основниот извор преку кој се информирани за болоњскиот систем на образование е „Универзитетот“ (34.1%), 21.5% се изјасниле „Не сум доволно информиран“, 15.9% се изјасниле дека се информирани преку „Интернет“, за модалитетот „Медиумите (ТВ, новини, научни списанија и др.)“ се изјасниле 13.0%, 11.5% од

испитаниците се информирани од „Самостојни контакти, семејството, колеги од факултет“ и 4.1% се изјасниле за модалитетот „Друго“.

Вкрстените податоци покажуваат дека отстапување од општата дистрибуција се појавува ккај факултет и успех на студии.

Најмал дел од испитаниците на ПМФ (23.7%) се изјасниле за модалитетот „Универзитетот“. За овој модалитет се изјасниле најголем дел од испитаниците со успех на студии 6-7 (52.4%). Најголем дел од испитаниците на ПМФ се изјасниле за модалитетот „Не сум доволно информиран“ (35.5%). За овој модалитет се изјасниле 0.0% од испитаниците со успех на студии 6-7. За модалитетот „Самостојни контакти, семејството, колеги од факултет“ се изјасниле најголем дел од испитаниците со успех 6-7 (23.8%), а најмал дел не сакаат да кажат (0.0%). За модалитетот „Медиумите (ТВ, новини, научни списанија и др.)“ 25.9% од испитаниците не сакаат да кажат.

**Според тоа, најголем дел од испитаниците за болоњскиот систем на образование се информирани преку Универзитетот.**

**Табела 58: Според Вас, Болоњскиот процес подразбира:**

| Според Вас, Болоњскиот процес подразбира: | Успех на студии | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 6-7 | 7-8 | 8-9 | Над 9 | Не сакам да кажам | |
| Зајакнување на соработката со Болоњскиот Универзитет | 2<br>9.5% | 18<br>17.0% | 3<br>4.5% | 7<br>14.3% | 3<br>11.1% | 33<br>12.2% |
| Создавање на европски простор за високото образование | 9<br>42.9% | 27<br>25.5% | 28<br>41.8% | 11<br>22.4% | 5<br>18.5% | 80<br>29.6% |
| Определување на стандардите во програмите за високо образование | 8<br>38.1% | 35<br>33.0% | 17<br>25.4% | 16<br>32.7% | 7<br>25.9% | 83<br>30.7% |
| Друго | 2 | 26 | 19 | 15 | 12 | 74 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 9.5% | 24.5% | 28.4% | 30.6% | 44.4% | 27.4% |
| Вкупно | 21<br>100.0% | 106<br>100.0% | 67<br>100.0% | 49<br>100.0% | 27<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2$ = 20.030   C = 0.263**

Општата дистрибуција на одговори покаѓуува дека најголем дел од испитаниците се изјасниле за модалитетот „ Определување на стандардите во програмите за високо образование“ (30.7%), нешто помал дел од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Создавање на европски простор за високото образование“ (29.6%), 27.4% од испитаниците се изјасниле за модалитето „Друго“ и најмал дел од испитаниците (12.2%) се изјасниле дека Болоњскиот процес подразбира „Зајакнување на сораотката со Болоњскиот Универзитет“.

Вкрстените податоци покажуваат отстапувања од општата дистрибуција на одговори според успех на студии. Отстапување од општата фреквенција на одговри (29.6%) се појавува кај модалитетот „Создавање на европски простор за високото образование“ за која се изјасниле најголем дел од испитаниците со успех на студии 6-7 (42.9%) и 8-9 (41.8%). За модалитетот „Друго“ најголем дел од испитаниците не сакаат да кажат, а најмал дел од испитаниците кои се изјасниле за овој модалитет се со успех на студи 6-7 (9.5%).

**Според тоа, поделено е мислењето на испитаниците во однос на тоа што подразбира Болоњскиот процес. Според најголем дел од испитаниците претставува определување на стандардите во програмите за високо образование, создавање на европски простор за високото образование и др**.

**Табела 59: Која е основната цел на Болоњската декларација**

| Која е основната цел на Болоњската декларација | Факултет | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Економски | ПМФ | ФОН | Социологија | |
| Зголемување на мобилноста и вработување на дипломираните во Еврропа | 27<br>36.0% | 33<br>43.4% | 28<br>37.3% | 22<br>50.0% | 110<br>40.7% |
| Асистенција на универзитетот во југоисточна европа | 17<br>22.7% | 4<br>5.3% | 14<br>18.7% | 3<br>6.8% | 38<br>14.1% |
| Промоција на Болоња како најголем центар за истражување | 12<br>16.0% | 6<br>7.9% | 8<br>10.7% | 8<br>18.2% | 34<br>12.6% |
| Друго | 18<br>24.0% | 33<br>43.4% | 25<br>33.3% | 11<br>25.0% | 87<br>32.2% |
| Болоњскиот систем е суспендиран во Болоња | 1<br>1.3% | 0<br>0.0% | 0<br>0.0% | 0<br>0.0% | 1<br>0.4% |
| Вкупно | 75<br>100.0% | 76<br>100.0% | 75<br>100.0% | 44<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2$ = 23.793 C = 0.285**

На прашањето „Која е основната цел на Болоњската декларација“ општата фреквенција на одговри покаѓува дека најголе дел од испитаниците сметаат дека „Зголемување на мобилноста и вработување на дипломираните во Евррпа“ (40.7%) е основната цел на Болоњската декларација, 32.2% од испитаниците се изјасниле за модалитето „Друго“, 14,1% од испитаниците сметаат дека основната цел на Болоњската декларација е „Асистенција на универзитетот во југоисточна европа“, 12.6% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Промоција на Болоња како најголем центар за истражување “ и 0.4% од испитаниците сметаат дека „Болоњскиот систем е суспендиран во Болоња“.

Вкрстените податоци покажуваат отстапување од општата фреквенција на одговори кај факултетот и успехот на студии.

Според **факултет** отстапувања од општата фреквенција на одговри 32.2% се појавува кај модалитетот „Друго“ за кој се изјасниле најголе дел од испитаниците на ПМФ. За овој модалитет се изјасниле најмал дел од испитаниците со **успех на студии** 6-7 (14.3%), а 70.4% од испитаниците кои се изјасниле за овој модалитет не сакаат да кажат.

**Според тоа, според најголем дел од испитанцтите основната цел на Болоњската декларација е зголемување на мобилноста и вработување на дипломираните во Евррoпа**.

Податоците од истражувањето покажуваат дека, Болоњскиот процес претставува определување на стандардите во програмите за високо образование, создавање на европски простор за високото образование и др., основната цел на Болоњската декларација е зголемување на мобилноста и вработување на дипломираните во Европа и најголе дел од студентите се информирани преку Универзитетот.

## *7. Ставови за трансфер на знаење и мобилност на студентите во насока на зголемување на човечкиот капитал и нивна подготовката за пазарот на труд*

Со цел да согледаме колку високото образование создава човечки капитал и индивидуи подготвени за пазарот на труд го поставивме следниот сет од прашања.

**Табела 62: Наставното градиво е премногу тешко, неразбирливо**

| Наставното градиво е премногу тешко, неразбирливо | Успех на студии | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 6-7 | 7-8 | 8-9 | Над 9 | Не сакам да кажам | |
| Многу се сложувам | 3<br>14.3% | 9<br>8.5% | 7<br>10.4% | 6<br>12.2% | 3<br>11.1% | 28<br>10.4% |
| Малку се сложувам | 8<br>38.1% | 40<br>37.7% | 22<br>32.8% | 12<br>24.5% | 8<br>29.6% | 90<br>33.3% |
| Немам мислење | 4<br>19.0% | 29<br>27.4% | 29<br>43.3% | 9<br>18.4% | 5<br>18.5% | 76<br>28.1% |
| Не се сложувам | 5<br>23.8% | 19<br>17.9% | 7<br>10.4% | 11<br>22.4% | 9<br>33.3% | 51<br>18.9% |
| Воопшто не се сложувам | 1<br>4.8% | 9<br>8.5% | 2<br>3.0% | 11<br>22.4% | 2<br>7.4% | 25<br>9.3% |
| Вкупно | 21<br>100.0% | 106<br>100.0% | 67<br>100.0% | 49<br>100.0% | 27<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2 = 30.367$   C = 0.318**

Општата дистибуција на одговори покажува дека најголем дел од испитаниците се изјасниле дека со оваа констатација „Малку се сложувам“ (33.3%), 28.1% од испитаниците „Немам мислење“, „Не се сложувам“ 18.9% од испитаниците, 10.4% „Многу се сложувам“ и 9.3% „Воопшто не се сложувам“.

Вкрстените податоци покажуваат отстапување од општата фреквенција на одговори кај **успехот на студии**. Најголем дел од вкупниот број испитаници со успех нас тудии над 9 (43.3%) немаат мислење односно се изјасниле за модалитетот „Немам мислење“. Отстапување од општата фреквенција на одговори (18.9%) се појавува и кај модалитетот „Не се сложувам“ за кој 33.3% од испитаниците не сакаат да кажат.

**Според тоа, во однос на тежината и разбирливоста на наставнато градиво мислењето на испитаниците е поделено помеѓу испитаниците кои малку се сложуваат, не се сложуваат или воопшто не се сложуваат и испитаниците кои се воздржани односно немам мислење.**

**Табела 63: Учам на памет, факти, теории**

| Учам на памет, факти, теории | Факултет | | | | Total |
|---|---|---|---|---|---|
| | Економски | ПМФ | ФОН | Социологија | |
| Многу се сложувам | 22<br>29.3% | 8<br>10.5% | 14<br>18.7% | 10<br>22.7% | 54<br>20.0% |
| Малку се сложувам | 27<br>36.0% | 9<br>11.8% | 14<br>18.7% | 11<br>25.0% | 61<br>22.6% |
| Немам мислење | 3<br>4.0% | 18<br>23.7% | 10<br>13.3% | 4<br>9.1% | 35<br>13.0% |
| Не се сложувам | 15<br>20.0% | 22<br>28.9% | 13<br>17.3% | 12<br>27.3% | 62<br>23.0% |
| Воопшто не се сложувам | 8<br>10.7% | 19<br>25.0% | 24<br>32.0% | 7<br>15.9% | 58<br>21.5% |
| Total | 75<br>100.0% | 76<br>100.0% | 75<br>100.0% | 44<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2 = 41.175$ C = 0.364**

Општата дистибуција на одговори покажува дека најголем дел од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Не се сложувам“ (23.0%), за модалитетот „Малку се сложувам“ се изјасниле 22.6%, 21.5% од испитаниците „Воопшто не се сложувам“, 20.0% од испитаниците „Многу се сложувам“, и 13.0% од испитаниците „Немам мислење“.

Вкрстените податоци покажуваат отстапување од општата фреквенција на одговори кај факултетот и успехот на студии.

Според **факултет**, отстапување од општата фреквенција на одговри (22.6%) се појавува ка ј модалитетот „Малку се сложувам“ за кој се изјасниле најголем дел од вкупниот број на испитаници на економски (36.0%) и најмал дел од ввкупниот процент на испитаници на ПМФ (11.8%). 23.7% од вкупниот број на испитаници на ПМФ се изјасниле за модалитетот „Немам мислење“. За модалитетот „Воопшто не се сложувам“ се изјасниле најголем дел од испитаниците на ФОН (32.0%) и најмал дел од испитаниците на

економски факултет (10.7%). За овој модалитет се изјасниле најголем процент од вкупниот број на испитаници со **успех на студии** над 9 (38.8%).

**Табела 65: Барањата на студиите се преголеми**

| Барањата на студиите се преголеми | Факултет | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Економски | ПМФ | ФОН | Социологија | |
| Многу се сложувам | 7<br>9.3% | 17<br>22.4% | 6<br>8.0% | 3<br>6.8% | 33<br>12.2% |
| Малку се сложувам | 30<br>40.0% | 19<br>25.0% | 22<br>29.3% | 13<br>29.5% | 84<br>31.1% |
| Немам мислење | 9<br>12.0% | 22<br>28.9% | 13<br>17.3% | 9<br>20.5% | 53<br>19.6% |
| Не се сложувам | 21<br>28.0% | 10<br>13.2% | 18<br>24.0% | 16<br>36.4% | 65<br>24.1% |
| Воопшто не се сложувам | 8<br>10.7% | 8<br>10.5% | 16<br>21.3% | 3<br>6.8% | 35<br>13.0% |
| Вкупно | 75<br>100.0% | 76<br>100.0% | 75<br>100.0% | 44<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2$ = 30.780 C = 0.320**

Фреквенцијата на одговори покажува дека најголем дел од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Малку се согласувам“ (31.1%), 24.1% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Не се сложувам“, 19.6% од испитаниците „Немам мислење“, 13.0% од испитаниците „Воопшто не се сложувам“ и 12.2% од испитаниците „Многу се сложувам“.

Вкрстените податоци покажуваат отстапување од општата фреквенција на одговори кај факултетот и успехот на студии.

Според **факултет**, отстапување од општата фреквенција на одговри (12.2%) се појавува ка ј модалитетот „Многу се сложувам“ за кој се изјасниле најголем дел испитаници на ПМФ (22.4%). За модалитетот „Не се сложувам“ се изјасниле најголем дел од вкупо испитаниците на социологија (36.4%) и 13.2% од испитаниците на ПМФ. За овој модалитет се изјасниле 9.5% од испитаниците со успех на студии 6-7. За модалитетот „Малку се сложувам“ се изјасниле 42.9% од испитаниците со **успех на студии** 6-7.

**Според тоа, најголем дел од студентите малку се сложуваат во однос на ставот дека барањата на студентите се преголеми.**

**Табела 68: Нема континуитет во наставата, како се одново секој час да започнува**

| Нема континуитет во наставата, како се одново секој час да започнува | | Успех на студии | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 6-7 | 7-8 | 8-9 | Над 9 | Не сакам да кажам | |
| | Многу се сложувам | 5<br>23.8% | 4<br>3.8% | 7<br>10.4% | 3<br>6.1% | 3<br>11.1% | 22<br>8.1% |
| | Малку се сложувам | 3<br>14.3% | 23<br>21.7% | 10<br>14.9% | 9<br>18.4% | 3<br>11.1% | 48<br>17.8% |
| | Немам мислење | 3<br>14.3% | 21<br>19.8% | 20<br>29.9% | 7<br>14.3% | 4<br>14.8% | 55<br>20.4% |
| | Не се сложувам | 5<br>23.8% | 39<br>36.8% | 14<br>20.9% | 16<br>32.7% | 12<br>44.4% | 86<br>31.9% |
| | Воопшто не се сложувам | 5<br>23.8% | 19<br>17.9% | 16<br>23.9% | 14<br>28.6% | 5<br>18.5% | 59<br>21.9% |
| Вкупно | | 21<br>100.0% | 106<br>100.0% | 67<br>100.0% | 49<br>100.0% | 27<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2 = 23.668$   C = 0.284**

Фреквенцијата на одговори покажува дека најголем дел од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Не се согласувам“ (31.9%),  21.9% од испитаниците „Воопшто не се сложувам“, 20.4% од испитаниците „Немам мислење“, за модалитетот „Малку се согласувам “ се изјасниле 17.8% од испитаниците и 8.1% од испитаниците „Многу се согласувам “.

Вкрстените податоци покажуваат отстапување од општата фреквенција на одговори (31.9%) кај **факултетот**. Најголем дел од вкупниот број на испитаници кои не сакаат да кажат (44.4%) се изјасниле за модалитетот  „Не се сложувам“. Според **успех на студии**, отсапувања во однос на општата фреквенцијана одговори  (8.1%) се појавува кај модалитетот „Многу се сложувам “ за кој се изјасниле 23.8% од испитаниците со успех 6-7. Најголем дел од испитаниците кои се изјасниле за модалитетот „Не се сложувам“ –не сакаат да кажат (44.4%).

Кај останатите модалитети нема поголеми статистички значајни отстапувања во однос на општата фреквенција на одговори.

**Според тоа, за најголем дел од испитаниците постои континуитет во наставата.**

**Истражувањето покажа дека за најголем дел од студентите наставното градиво е развирливо, не е премногу тешко, можат да го совладаат и постои континуитет во наставата.**

## *8. Интерактивна настава*

Интерактивната настава подразбира комуникација меѓу професорите и студентите, а ја преставаува широчината на владеењето и познавањето на материјалот на предметот. Оттука е поставен следниот сет на прашања:

**Табела 70: Нема тимска работа**

| Нема тимска работа | Успех на студии | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 6-7 | 7-8 | 8-9 | Над 9 | Не сакам да кажам | |
| Многу се сложувам | 5<br>23.8% | 12<br>11.3% | 7<br>10.4% | 4<br>8.2% | 6<br>22.2% | 34<br>12.6% |
| Малку се сложувам | 5<br>23.8% | 37<br>34.9% | 16<br>23.9% | 8<br>16.3% | 5<br>18.5% | 71<br>26.3% |
| Немам мислење | 4<br>19.0% | 19<br>17.9% | 17<br>25.4% | 7<br>14.3% | 7<br>25.9% | 54<br>20.0% |
| Не се сложувам | 5<br>23.8% | 25<br>23.6% | 15<br>22.4% | 12<br>24.5% | 7<br>25.9% | 64<br>23.7% |
| Воопшто не се сложувам | 2<br>9.5% | 13<br>12.3% | 12<br>17.9% | 18<br>36.7% | 2<br>7.4% | 47<br>17.4% |
| Вкупно | 21<br>100.0% | 106<br>100.0% | 67<br>100.0% | 49<br>100.0% | 27<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2 = 27.924$   $C = 0.306$**

Фреквенцијата на одговори покажува дека најголем дел од испитаниците се изјасниле за модалитетот Малку се сложувам“ (26.3%), за модалитетот „Не се сложувам“ се изјасниле 23.7% од испитаниците, 20.0% од испитаниците „Немам мислење“, 17.4% од испитаниците „Воопшто не се сложувам“ и 12.6% од испитаниците „Многу се сложувам“.

Вкрстените податоци покажуваат отстапување од општата фреквенција на одговори (17.4%) кај **успехот на студии**. Најмал дел од вкупниот број на испитаници кои несакаат да кажат (7.4%) се изјасниле за модалитетот „Не се сложувам“. За овој

модалитет се изјасниле најголем дел од вкупниот број на испитаници со успех на студии над 9 (36.7%).

Кај останатите модалитети нема поголеми статистички значајни отстапувања во однос на општата фреквенција на одговори.

**Според тоа, најголем дел од испитаниците сметаат дека има тимска работа.**

**Табела 71: Немам шанси активно да учевствувам во наставата на било кој начин**

| Немам шанси активно да учевствувам во наставата на било кој начин | Факултет | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Економски | ПМФ | ФОН | Социологија | Вкупно |
| Многу се сложувам | 6<br>8.0% | 3<br>3.9% | 4<br>5.3% | 2<br>4.5% | 15<br>5.6% |
| Малку се сложувам | 20<br>26.7% | 10<br>13.2% | 4<br>5.3% | 10<br>22.7% | 44<br>16.3% |
| Немам мислење | 10<br>13.3% | 17<br>22.4% | 20<br>26.7% | 6<br>13.6% | 53<br>19.6% |
| Не се сложувам | 34<br>45.3% | 33<br>43.4% | 20<br>26.7% | 19<br>43.2% | 106<br>39.3% |
| Воопшто не се сложувам | 5<br>6.7% | 13<br>17.1% | 27<br>36.0% | 7<br>15.9% | 52<br>19.3% |
| Вкупно | 75<br>100.0% | 76<br>100.0% | 75<br>100.0% | 44<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2$ = 39.577   C = 0.358**

Фреквенцијата на одговори покажува дека најголем дел од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Не се сложувам“ (39.3%), скоро ист процент на испитаници се изјасниле за модалитетот „Немам мислење“ (19.6%) и за модалитетот „Воопшто не се сложувам“ (19.3%), за модалитетот „Малку се сложувам“ се изјасниле 16.3% од испитаниците, и 5.6% од испитаниците се изјасниле „Многу се сложувам“.

Вкрстените податоци покажуваат отстапување од општата фреквенција на одговори кај **факултетот**. Најголем дел од вкупниот број на испитаници на економски факултет (26.7%) се изјасниле за модалитетот „Малку се сложувам“, а најмал дел од нив за модалитетот „Воопшто не се сложувам“ (6.7%).

Според **успех на студии**, најголем дел од вкупниот број испитаници кои се изјасниле за модалитетот „Воопшто не се сложувам“ се со успех над 9. (Види: Прилог, табела 72)

Кај останатите модалите не постојат поголеми статистички значајни отстапувања во однос на општата фреквенција на одговори.

**Табела 73: Вежбите се формални, неподготвени и се губи време**

| Вежбите се формални, неподготвени и се губи време | Факултет | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Економски | ПМФ | ФОН | Социологија | Вкупно |
| Многу се сложуваам | 13<br>17.3% | 2<br>2.6% | 3<br>4.0% | 7<br>15.9% | 25<br>9.3% |
| Малку се сложувам | 10<br>13.3% | 10<br>13.2% | 7<br>9.3% | 10<br>22.7% | 37<br>13.7% |
| Немам мислење | 15<br>20.0% | 4<br>5.3% | 13<br>17.3% | 8<br>18.2% | 40<br>14.8% |
| Не се сложувам | 27<br>36.0% | 27<br>35.5% | 23<br>30.7% | 15<br>34.1% | 92<br>34.1% |
| Воопшто не се сложувам | 10<br>13.3% | 33<br>43.4% | 29<br>38.7% | 4<br>9.1% | 76<br>28.1% |
| Вкупно | 75<br>100.0% | 76<br>100.0% | 75<br>100.0% | 44<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2$ = 44.766 C = 0.377**

Според општата дистрибуција на одговори најголем дел од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Не се сложувам“ (34.1%), за модалитетот „Воопшто не се сложувам“ се изјасниле 28.1% испитаници, 14.8% од испитаниците „Немам мислење“, за модалитетот „Малку се сложувам“ се изјасниле 13.7% од испитаниците и 9.3% од испитаниците се изјасниле „Многу се сложувам“.

Вкрстените податоци покажуваат отстапување од општата фреквенција на одговори кај **факултетот** и успехот на студии. Отстапување од општата фреквенција на одговори (28.1%) се појавува кај модалитетот „Воопшто не се сложувам“. За овој модалитет се изјасниле најголем дел од вкупниот број на испитаници на ПМФ (43.4%), најголем дел од вкупниот број на испитаници на ФОН (38.7%), а најмал дел од вкупниот број на испитаници на економски факултет (13.3%) и на социологија (9.1%).

Според **успехот на студии** најголем дел од вкупниот бројна испитаници кои не сакаат да кажат се изјасcниле за модалитетот „Не се сложувам“ (48.1%). (Види: Прилог, табела 74)

**Според тоа, најголем дел од испитаниците не се сложуваат и воопшто не се сложуваат дека вежбите се формални, неподготвени и се губи време.**

**Табела 75: Скоро и ништо не научувам на часовите**

| Скоро и ништо не научувам на часовите | Факултет | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Економски | ПМФ | ФОН | Социологија | |
| Многу се сложувам | 7<br>9.3% | 2<br>2.6% | 7<br>9.3% | 2<br>4.5% | 18<br>6.7% |
| Малку се сложувам | 21<br>28.0% | 9<br>11.8% | 11<br>14.7% | 10<br>22.7% | 51<br>18.9% |
| Немам мислење | 6<br>8.0% | 8<br>10.5% | 19<br>25.3% | 9<br>20.5% | 42<br>15.6% |
| Не се сложувам | 30<br>40.0% | 29<br>38.2% | 17<br>22.7% | 16<br>36.4% | 92<br>34.1% |
| Воопшто не се сложувам | 11<br>14.7% | 28<br>36.8% | 21<br>28.0% | 7<br>15.9% | 67<br>24.8% |
| Вкупно | 75<br>100.0% | 76<br>100.0% | 75<br>100.0% | 44<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2$ = 32.707 C = 0.329**

Според општата дистрибуција на одговори најголем дел од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Не се сложувам“ (34.1%), за модалитетот „Воопшто не се сложувам“ се изјасниле 24.8% испитаници, за модалитетот „Малку се сложувам“ се изјасниле 18.9% од испитаниците, 15.6% од испитаниците „Немам мислење“, и 6.7% од испитаниците се изјасниле „Многу се сложувам“.

Вкрстените податоци покажуваат отстапување од општата фреквенција на одговори кај **факултетот и успехот на студии**. Отстапување од општата фреквенција на одговори (24.8%) се појавува кај модалитетот „Воопшто не се сложувам“. За овој модалитет се изјасниле најголем дел испитаници на ПМФ (36.8%). Според успехот на студии најголем дел од вкупниот број на испитаници кои не сакаат да кажат се изјасниле за модалитетот „Малку се сложувам“ (33.3%).

Кај останатите модалите не постојат статистички значајни отстапувања во однос на општата фреквенција на одговори.

**Според тоа, најголем дел од испитаниците не се сложуваат и воопшто не се сложуваат со ставот дека скоро и ништо не научуваат на часовите.**

**Може да констатираме дека, постои интерактивна настава на која студентите можат активно да учествуваат и многу да научат.**

## *9. Мислење за користената литература*

Покрај предавањата многу важно е студентите да имаат и соодветна литература која ќе им помогне во совладување на материјалот и ќе им го олесни учењето.

**Табела 78: За многу предмети немаме соодветна литература**

| За многу предмети немаме соодветна литература | Успех на студии | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 6-7 | 7-8 | 8-9 | Над 9 | Не сакам да кажам | Вкупно |
| Многу се сложувам | 5<br>23.8% | 31<br>29.2% | 19<br>28.4% | 8<br>16.3% | 7<br>25.9% | 70<br>25.9% |
| Малку се сложувам | 6<br>28.6% | 32<br>30.2% | 15<br>22.4% | 11<br>22.4% | 9<br>33.3% | 73<br>27.0% |
| Немам мислење | 1<br>4.8% | 16<br>15.1% | 15<br>22.4% | 8<br>16.3% | 1<br>3.7% | 41<br>15.2% |
| Не се сложувам | 6<br>28.6% | 21<br>19.8% | 12<br>17.9% | 14<br>28.6% | 6<br>22.2% | 59<br>21.9% |
| Воопшто не се сложувам | 3<br>14.3% | 6<br>5.7% | 6<br>9.0% | 8<br>16.3% | 4<br>14.8% | 27<br>10.0% |
| Вкупно | 21<br>100.0% | 106<br>100.0% | 67<br>100.0% | 49<br>100.0% | 27<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2 = 17.449$   $C = 0.246$**

Според општата дистрибуција на одговори најголем дел од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Малку се сложувам“ (27.0%), за модалитетот „Многу се сложувам“ се изјасниле 25.9% од испитаниците, 21.9% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Не се сложувам“, 15.2% од испитаниците „Немам мислење“ и 10.0% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Воопшто не се сложувам“.

Вкрстените податоци покажуваат отстапување од општата фреквенција на одговори кај **успехот на студии**. Отстапување од општата фреквенција на одговори

(15.2%) се појавува кај модалитетот „Немам мислење“. За овој модалитет се изјасниле најмал дел од вкупниот број на испитаници со успех на студии 6-7 (4.8%). Најмал дел од вкупниот број на испитаници кои не сакаат да кажат се изјасниле за овој модалитет (3.7%).

Кај останатите модалите не постојат статистички значајни отстапувања во однос на општата фреквенција на одговори.

**Според тоа, поделено е мислењето на испитаниците во однос на соодветна литература за многу предмети.**

## 10. *Вреднување на присуството и активноста на студентот*

Покрај оценката на знаењето на студентото во однос на материјалот кој треба да го научи, исто така важно е и неговото присуство и активност. Но, како и колку тоа се вреднува ќе видиме од следното прашање.

**Табела 80: Мојот труд во текот на семестарот бил редовно вреднуван**

| Мојот труд во текот на семестарот бил редовно вреднуван | Успех на студии | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 6-7 | 7-8 | 8-9 | Над 9 | Не сакам да кажам | |
| Многу се сложувам | 6<br>28.6% | 23<br>21.7% | 16<br>23.9% | 15<br>30.6% | 12<br>44.4% | 72<br>26.7% |
| Малку се сложувам | 2<br>9.5% | 40<br>37.7% | 25<br>37.3% | 19<br>38.8% | 9<br>33.3% | 95<br>35.2% |
| Немам мислење | 8<br>38.1% | 20<br>18.9% | 6<br>9.0% | 9<br>18.4% | 0<br>0.0% | 43<br>15.9% |
| Не се сложувам | 2<br>9.5% | 16<br>15.1% | 13<br>19.4% | 3<br>6.1% | 6<br>22.2% | 40<br>14.8% |
| Воопшто не се сложувам | 3<br>14.3% | 7<br>6.6% | 7<br>10.4% | 3<br>6.1% | 0<br>0.0% | 20<br>7.4% |
| Вкупно | 21<br>100.0% | 106<br>100.0% | 67<br>100.0% | 49<br>100.0% | 27<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2$ = 31.926 C = 0.325**

Според општата дистрибуција на одговори најголем дел од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Малку се сложувам“ (35.2%), за модалитетот „Многу се

сложувам" се изјасниле 26.7% од испитаниците, 15.9% од испитаниците „Немам мислење", 14.8% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Не се сложувам" и 7.4% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Воопшто не се сложувам".

Вкрстените податоци покажуваат отстапување од општата фреквенција на одговори кај **успехот на студии**. Најмал дел од вкупниот број на испитаници кои не сакаат да кажат се изјасниле за модалитетот „Немам мислење" (0.0%), а најголем дел од вкупниот број на испитаници кои не сакаат да кажат се изјасниле за модалитетот „Многу се сложувам" (44.4%). Најголем дел од вкупниот број на испитаници со успех на студии 6-7 се изјасниле за модалитетот „Немам мислење" (38.1%), а најмал дел од нив се изјасниле за модалитетот „Малку се сложувам" (9.5%).

**Според тоа, најголем дел од испитаниците малку се сложуваат и не се сложуваат дека нивниот труд во текот на семестарот бил редовно вреднуван.**

### *11. Што мислат испитаниците за критериумите и методите на оценување*

Оценувањето може да влијае мотивирачки но и демотивирачки, зависно од ученикот. Во секој случај, тие треба да бидат јасно поставени и разбирливи.

**Табела 81: Критериумите и методите на оценувањето се јасно поставени**

| Критериумите и методите на оценувањето се јасно поставени | Факултет | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Економски | ПМФ | ФОН | Социологија | |
| Многу се сложувам | 22<br>29.3% | 16<br>21.1% | 38<br>50.7% | 19<br>43.2% | 95<br>35.2% |
| малку се сложувам | 29<br>38.7% | 31<br>40.8% | 19<br>25.3% | 11<br>25.0% | 90<br>33.3% |
| Немам мислење | 8<br>10.7% | 17<br>22.4% | 9<br>12.0% | 4<br>9.1% | 38<br>14.1% |
| Не се сложувам | 7<br>9.3% | 11<br>14.5% | 6<br>8.0% | 6<br>13.6% | 30<br>11.1% |
| Воопшто не се сложувам | 9<br>12.0% | 1<br>1.3% | 3<br>4.0% | 4<br>9.1% | 17<br>6.3% |
| Вкупно | 75<br>100.0% | 76<br>100.0% | 75<br>100.0% | 44<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2 = 30.492$ C = 0.319**

Според општата дистрибуција на одговори најголем дел од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Многу се сложувам“ (35.2%), за модалитетот „Малку се сложувам“ се изјасниле 33.3% од испитаниците, 14.1% од испитаниците „Немам мислење“, 11.1% од испитаниците се изјасниле „Не се сложувам“ и 6.3% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Воопшто не се сложувам“.

Вкрстените податоци покажуваат отстапување од општата фреквенција на одговори кај **факултетот, начин на финансирање и успехот на студии**. Отстапување од општата фреквенција на одговори (35.2%) се појавува кај модалитетот „Многу се сложувам“. За овој модалитет се изјасниле најголем дел испитаници на ФОН (50.7%), а најмал дел од ипситаниците кои се на ПМФ (21.1%). Според успехот на студии најголем дел од вкупниот број на испитаници со успех 6-7 (47.6%) и најголе дел од вкупниот број на испитаници со успех над 9 (46.9%) се изјасниле за модалитетот „Многу се сложувам“. Најголем дел од испитаниците кои не сакаат да кажат (51.9%) се изјасниле за модалитетот

„Многу се сложувам". За овој модалитет се изјасниле најмалку испитаници кои се со успех на студии 6-7 (19.0%), а најмногу испитаници со самофинансирање (46.7%).

**Според тоа, поделено е мислењето на испитаниците во однос на критериумите и методите на оценување.**

**Табела 84: Системот на оценување во целина е добар**

| Системот на оценување во целина е добар | Факултет | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Економски | ПМФ | ФОН | Социологија | |
| Многу се сложувам | 11<br>14.7% | 11<br>14.5% | 28<br>37.3% | 13<br>29.5% | 63<br>23.3% |
| Малку се сложувам | 24<br>32.0% | 24<br>31.6% | 27<br>36.0% | 12<br>27.3% | 87<br>32.2% |
| Немам мислење | 13<br>17.3% | 16<br>21.1% | 9<br>12.0% | 7<br>15.9% | 45<br>16.7% |
| Не се сложувам | 15<br>20.0% | 19<br>25.0% | 8<br>10.7% | 4<br>9.1% | 46<br>17.0% |
| Воопшто не се сложувам | 12<br>16.0% | 6<br>7.9% | 3<br>4.0% | 8<br>18.2% | 29<br>10.7% |
| Вкупно | 75<br>100.0% | 76<br>100.0% | 75<br>100.0% | 44<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2 = 29.146$   $C = 0.312$**

Според општата дистрибуција на одговори најголем дел од испитаниците се изјасниле за модалитетот за модалитетот „Малку се сложувам" (32.2%), за модалитетот „Многу се сложувам" се изјасниле 23.3% од испитаниците, 17.0% од испитаниците се изјасниле „Не се сложувам", 16.7% од испитаниците „Немам мислење" и 10.7% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Воопшто не се сложувам".

Статистички значајни отстапувања во однос на општата фреквенција на одоговори се појавувакај **факултет, успех на студии и кај начинот на финансирање**.

Отстапување од општата фреквенција на одговори (23.3%) се појавува кај модалитетот „Многу се сложувам". За овој модалитет се изјасниле најголем дел испитаници на ФОН (37.7%), најголем дел од испитаници со успех над 9 (34.7%) и најголем дел од испитаници со самофинансирање (34.4%).

**Според тоа, најголем дел од испитаниците малку се сложуваат, не се сложуваат и воопшто не се сложуваат со ставоте дека системот на оценување во целина е добар.**

**Табела 87: Дали мислите дека студирањето според Болоњскиот систем создава поголеми можности за студентите?**

| Дали мислите дека студиррањето според Болоњскиот систем создава поголеми можности за студентите? | Успех на студии | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 6-7 | 7-8 | 8-9 | Над 9 | Не сакам да кажам | |
| Да | 14<br>66.7% | 73<br>68.9% | 39<br>58.2% | 33<br>67.3% | 9<br>33.3% | 168<br>62.2% |
| Не | 7<br>33.3% | 32<br>30.2% | 27<br>40.3% | 16<br>32.7% | 17<br>63.0% | 99<br>36.7% |
| Не знам | 0<br>0.0% | 1<br>.9% | 1<br>1.5% | 0<br>0.0% | 1<br>3.7% | 3<br>1.1% |
| Вкупно | 21<br>100.0% | 106<br>100.0% | 67<br>100.0% | 49<br>100.0% | 27<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2 = 14.171$   $C = 0.223$**

Според општата дистрибуција на одговори најголем дел од испитаниците сметаат дека дека студирањето според Болоњскиот систем создава поголеми можности за студентите односно се изјасниле за модалитетот „Да“ (62.2%). 36.7% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Не“ и 1.1% од испитаниците одговориле „Не знам“.

Статистички значајни отстапувања во однос на општата фреквенција на одоговори се појавува кај **успех на студии**. Најголем дел од испитаниците кои не сакаат да кажат се изјасниле за модалитетот „Не“ (63.0%), а најмал дел од нив се изјасниле за маодалитот „Да“ (33.3%).

**Според тоа, најголем дел од испитаниците сметаат дека студиррањето според Болоњскиот систем создава поголеми можности за студентите.**

**Може да констатираме дека постои потреба да се подобрат критериумите, методите и системот на оценување во целина.**

## *12. Дали планираат да продолжат со студирање во странство*

**Табела 88: Дали планирате или сте помислиле да одите во странство да продолжите со студиите**

| Дали планирате или сте помислиле да одите во странство да продолжите со студиите | Успех на студии | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 6-7 | 7-8 | 8-9 | Над 9 | Не сакам да кажам | |
| Да | 11<br>52.4% | 62<br>58.5% | 33<br>49.3% | 35<br>71.4% | 14<br>51.9% | 155<br>57.4% |
| Не | 6<br>28.6% | 6<br>5.7% | 4<br>6.0% | 3<br>6.1% | 4<br>14.8% | 23<br>8.5% |
| Не сум размислувал | 4<br>19.0% | 38<br>35.8% | 30<br>44.8% | 11<br>22.4% | 9<br>33.3% | 92<br>34.1% |
| Вкупно | 21<br>100.0% | 106<br>100.0% | 67<br>100.0% | 49<br>100.0% | 27<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2 = 21.430$ C = 0.271**

Според општата фреквенција на одговори најголем дел од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Да“ (57.4%). 34.1% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Не сум размислувал“ и 8.5% од испитаниците одговориле „Не“.

Статистички значајни отстапувања во однос на општата фреквенција на одоговори се појавува кај успех на студии. Најголем дел од вкупниот број на испитаници со успех на студии над 9 се изјасниле за модалитетот „Да“ (71.4%), а 22.45 од нив се изјасниле за мадалитот „Не сум размислувал“. Најголем дел од вкупниот број на испитаници кои се изјасниле за модалитето „Не“ се со успех 6-7 (28.6%). Најмал дел од вкупниот број на испитаници кои се изјасниле за модалитето „Не сум размислувал“ се со успех 6-7 (19.0%).

**Според тоа, поголем дел од испитаниците планираат или помислиле да одите во странство да продолжите со студиите**

**Табела 89: Дали мобилноста на студентите дава поголеми можности за квалитет на знаење**

| Дали мобилноста на студентите дава поголеи можности за квалитет на знаење | Факултет | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Економски | ПМФ | ФОН | Социологија | |
| Да | 52<br>69.3% | 32<br>42.1% | 43<br>57.3% | 22<br>50.0% | 149<br>55.2% |
| Не | 1<br>1.3% | 9<br>11.8% | 8<br>10.7% | 5<br>11.4% | 23<br>8.5% |
| Не знам | 22<br>29.3% | 35<br>46.1% | 24<br>32.0% | 17<br>38.6% | 98<br>36.3% |
| Вкупно | 75<br>100.0% | 76<br>100.0% | 75<br>100.0% | 44<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2 = 15.152$ $C = 0.231$**

Според општата фреквенција на одговори најголем дел од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Да“ (55.2%). 36.3% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Не знам“ и 8.5% од испитаниците одговориле „Не“.

Вкрстените податоци покажуваат статистички значајни отстапувања од општата фреквенција на одговори според факултет и претходно завршено образование.

Според факултет, отстапувања од општата фреквенција на одговори (55.2%) се појавува кај модалитетот „Да“ за кој се изјасниле 69.3% од испитаниците на економски факултет. За овој модалитет се изјасниле 67.9% од испитаниците кои имаат завршено друго средно образование.

**Според тоа, поголем дел од испитаниците сметаат дека мобилноста на студентите дава поголеми можности за квалитет на знаење**

**Табела 90: Според Вас ЕКТС е:**

| Според Вас ЕКТС е: | Факултет | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Економски | ПМФ | ФОН | Социологија | |
| Систем кој е поставен за да го олесни одржувањето на испитот од еден семестар во друг | 24<br>32.0% | 26<br>34.2% | 44<br>58.7% | 16<br>36.4% | 110<br>40.7% |
| Систем кој овозможува прекинување на студиите за еден долг период без оценување за повторно враќање | 9<br>12.0% | 5<br>6.6% | 6<br>8.0% | 4<br>9.1% | 24<br>8.9% |
| Систем кој го олеснува вреднувањето и оптоваувањето на студентот | 17<br>22.7% | 10<br>13.2% | 3<br>4.0% | 7<br>15.9% | 37<br>13.7% |
| Друго | 11<br>14.7% | 16<br>21.1% | 4<br>5.3% | 0<br>0.0% | 31<br>11.5% |
| Не сум доволно информиран за ЕКТС системот | 14<br>18.7% | 19<br>25.0% | 18<br>24.0% | 17<br>38.6% | 68<br>25.2% |
| Вкупно | 75<br>100.0% | 76<br>100.0% | 75<br>100.0% | 44<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2$ = 38.106 C = 0.352**

Според фреквенцијата на одговори најголем дел од испитаниците сметаат дека ЕКТС е „Систем кој е поставен за да го олесни одржувањето на испитот од еден семестар во друг“ (40.7%), 25.2% од испитаниците се изјасниле дек „Не сум доволно информиран за ЕКТС системот“, 13.7% сметаат дека ЕКТС е „Систем кој го олеснува вреднувањето и оптоваувањето на студентот“, за модалитетот „Друго“ се изјасниле 11.5% од

испитаниците и 8.9% цметаат дека овој систем е „Систем кој овозможува прекинување на студиите за еден долг период без оценување за повторно враќање“.

Вкрстените податоци покажуваат статистички значајни отстапувања од општата фреквенција на одговори според факултет, година на студирање и успех на студии.

Според **факултет**, најголем дел од вкупниот број испитаници на ФОН се изјасниле дека ЕКТС е „Систем кој е поставен за да го олесни одржувањето на испитот од еден семестар во друг“ (58.7%). За овој модалитет се изјасниле најмал дел од испитаниците од четврта **година на студирање** (24.7%), 28.6% од испитаниците со **успех на студии** 6-7 и 18.5% од испитаниците не сакаат да кажат. Најголем дел од испитаниците на факултетот социологија се изјасниле за модалитетот „Не сум доволно информиран за ЕКТС системот“ (38.6%), а најмал дел испитаници од овој факултет (0%) се изјасниле за модалитот „Друго“. За модалитетот „Не сум доволно информиран за ЕКТС системот“ се изјасниле 48.1% од испитаниците кои не сакаат да кажат. 28.6% од испитаниците со успех на студии 6-7 сметаат дека ЕКТС е „Систем кој го олеснува вреднувањето и оптоваувањето на студентот“.

**Според тоа, најголем дел од испитаниците сметаа дека ЕКТС е систем кој е поставен за да го олесни одржувањето на испитот од еден семестар во друг.**

**Табела 93: Дали мислите дека со ЕКТС бодовите се одразува (вреднува) Вашето вистинско знаење?**

| Дали мислите дека со ЕКТС бодовите се одразува (вреднува) Вашето вистинско знаење? | Факултет | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Економски | ПМФ | ФОН | Социологија | Вкупно |
| Да | 18<br>24.0% | 20<br>26.3% | 41<br>54.7% | 21<br>47.7% | 100<br>37.0% |
| Не | 57<br>76.0% | 56<br>73.7% | 34<br>45.3% | 23<br>52.3% | 170<br>63.0% |
| Вкупно | 75<br>100.0% | 76<br>100.0% | 75<br>100.0% | 44<br>100.0% | 270<br>100.0% |

**$X^2 = 21.365$ $C = 0.271$**

Според општата фреквенција на одговори најголем дел од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Не“ (63.0%), а 37.0% од испитаниците се изјасниле за модалитетот „Да“.

Вкрстените податоци покажуваат статистички значајни отстапувања од општата фреквенција на одговори според **факултет** и **начинот на финансирање**. Според факултет, отстапувања во однос на општата дистрибуција на одговори се појавува кај сите модалитети. За модалитетот „**Да**“ се изјасниле најголем дел од испитаниците на ФОН (54.7%), потоа на Социологија, а најмалку односно скоро ист дел испитаници кои се изјасниле за овој модалитет се на Економски факултет (24.0%) и на ПМФ (26.3%). За модалитетот **„Не“** се изјасниле логично најмал дел од испитаниците на ФОН (45.3%), најмногу односно скоро ист дел испитаници на Економски факултет (76.0) и ПМФ (73.7%) и 52.3% од испитаниците на социологија.

